Ф. Скот Фицджералд Ф. Скот Фицджералд Ф. Ско

ГОЛЕМИОТ ГЕТСБИ

Дневник
Утрински Весник

БИСЕРИ НА СВЕТСКАТА КНИЖЕВНОСТИ
[Кньига бр. 3]

Френсис Скот Фицџералд
ГОЛЕМИОТ ГЕТСБИ

Генерални директори
д-р Срѓан Керим
Тодор Костадинов
Владимир Богоев

Главни и одговорни уредници
Катерина Блажевска
Ерол Ризаов

Уредници на културна рубрика
Лиљана Дамовска
Svездан Георгиевски

Технички уредник
Дејан Младеновиќ

Дизајн на корица
Наталија Петровиќ

Френсис Скот Фицджералд

ГОЛЕМИОТ ГЕТСБИ

ДНЕВНИК
УТРИНСКИ ВЕСНИК
2004

Наслов на оригиналот
F. Scott Fitzerald
THE GREAT GATSBY

Превела
Снежана Вулгаракис

Translation copyright © за Македонија НК & ТОПЕР – Скопје, 2004.
Сите права се задржани
ISBN 9989-2332-2-5

Оваа книга не смее без дозвола од авторот, ни во целост ни во делови да се умножува, препечатува ниту да се пренесува во некој друг облик, ниту, пак, со други средства. Таа без одобрение од издавачот не смее на ниеден друг начин ниту со некои други средства да се дистрибуира, ниту, пак, да се умножува. Сите права за објавување на оваа книга ги задржуваат авторот и издавачот според одредбите на Законот на авторски и сродни права.

На Зелда,
повторно

Носи златен шешир,
ако тоа ќе ја допре;
ако можеш да скокаш,
скокни и за неа,
додека не викне:
„Драги со златен шешир во скок,
морам да те имам!“

Томас Парк Денвије

I. ПОГЛАВЈЕ

Во младите и почувствителни години, татко ми даде еден совет, кој од тогаш постојано е присутен во мојата глава.

„Кога ќе почувствуваш дека би требало некого да критикуваш“, велеше тој, „само сети се дека сите луѓе на овој свет ги немале предностите што си ги имал ти“.

Не рече ништо повеќе, но ние двајцата никогаш не трошевме многу зборови за да се разбереме, така што сфатив дека сакаше да каже многу повеќе од тоа. Според тоа, ја развив способноста да бидам резервиран при донесувањето заклучоци за некого, навика што ми покажа многу интересни карактери и што, исто така, ме направи жртва на голем број здодевни луѓе. Ненормалниот ум многу брзо ја открива оваа особина кога таа ќе се појави кај нормална личност, па така се случуваше додека бев на колеџ неоправдано да ме обвинуваат дека сум политичар бидејќи бев посветен на маките на растроените, непознати луѓе. Поголемиот дел од доверливите нешта доаѓаше сам од себе – често се преправав дека спијам, дека со нешто сум зафатен или дека не ми е грижа кога со некој непогрешлив знак сфаќав дека откровението се покажува на хоризонтот; бидејќи интимните откровенија на момчињата или барем термините со кои ги изразуваат, обично се плагијаторски и осакатени со очигледно прикривање. Задржувањето на заклучоците води кон бескрајна надеж. Сè уште по малку се плашам де-

ка нешто ќе пропуштам ако заборавам, како што татко ми снобовски велеше, а јас снобовски повторувам, дека чувството на основна пристојност не се дели еднакво при раѓањето.

По ова фалење на сопствената толеранција, доаѓам до признанието дека таа има свои граници. Однесувањето може да почива на цврста карпа или да биде потопено во мочуриште, но по некое време сеедно ми е на што почива. Кога минатата есен се вратив од Исток,[1] чувствував дека сакам светот засекогаш да биде еднообразен и во некој вид на морални основи; повеќе не сакав никакви блудни излети со повластено ѕиркање во човечкото срце. Единствено Гетсби, човекот чиешто име го носи оваа книга, беше ослободен од мојата реакција – Гетсби, кој претставуваше сè кон што чувствувам природен презир. Ако една личност е непрекинат низ на успешни гестови, тогаш кај него постоеше нешто величествено, некоја величествена чувствителност кон животните ветувања, како да е во сродство со оние прецизни машини што ги регистрираат земјотресите на оддалеченост од десет илјади милји. Оваа чувствителност немаше никаква врска со онаа млака впечатливост што се гордее под името „создавачки темперамент“ – тоа беше необична дарба за надеж, романтична подготвеност, која никогаш не ја имав најдено кај некој друг и која, најверојатно, никогаш повеќе нема да ја најдам. Не – на крајот се покажа дека Гетсби е сосем во ред; тоа што го прогонуваше Гетсби, оној валкан прав што реше зад неговите соништа, привремено го прекина моето интересирање за маките и за кратките излети на луѓето.

[1] Северниот дел на САД покрај атлантскиот брег.

* * *

Моето семејство се истакнува со богатство во овој град на Средниот Запад веќе три генерации. Каравејови се нешто како клан, а го негуваме и преданието дека потекнуваме од беклуските војводи, иако вистински основач на мојата лоза е братот на мојот дедо, кој дојде тука во педесет и првата година, ја испрати својата замена во Граѓанската војна и почна да работи со железо, на големо, нешто што и денес го работи татко ми.

Никогаш не сум го видел тој дедо, но би требало да личам на него – посебно во споредба со грубиот портрет што се наоѓа на ѕидот во канцеларијата на татко ми. Дипломирав во 1915 година во Њу Хејвн, точно 25 години по мојот татко, а малку подоцна учествував во онаа тевтонска селидба позната како Големата војна. Толку многу уживав во контранападот што се вратив незадоволен. Место да биде топол центар на светот, Средниот Запад изгледаше како искинат раб на космосот – па решив да тргнам кон Исток и да научам да тргувам со обврзници. Сите што ги познавав го работеа тоа, па сметав дека од оваа работа може да живее уште еден човек. Сите тетки и чичковци разговараа за тоа како да избираат училиште за мене, за на крајот да кажат: „Па – да“, со многу сериозен израз на лицето. Татко ми се согласи да ме финансира една година, а по повеќе одложувања, засекогаш се преселив на Исток, мислам во пролетта дваесет и втората.

Беше практично да се најде соба во градот, но бидејќи беше топло, а јас само што си заминав од село со широки тревници и убави дрвја, ми се пристори привлечно кога младиот човек од мојата канцеларија предложи да земеме куќа во блиското помало ме-

сто. Тој најде куќа, бунгалов нагризан од забот на времето, за осумдесет долари месечно, но во последен момент фирмата го испрати во Вашингтон, така што отидов сам на село. Имав куче – барем неколку дена додека не избега – и стар „доџ“ и жена од Финска, која ми го местеше креветот и ми подготвуваше појадок мрморејќи нешто на фински покрај електричниот шпорет.

Неколку дена беше некако пусто, а потоа на патот ме запре еден човек што беше дојден по мене.

„Како се стигнува во селото ВестЕг?“, ме праша очајнички.

Му одговорив. И кога продолжив по патот повеќе не бев осамен. Бев водач, водач на патот, вистински староседелец. Тој лежерно ми ги изнесе впечатоците за слободата што се чувствува во овој крај.

И така, на сонцето и со експлозивното шумолење на лисјата на дрвјата, исто како на филм, го имав она познато чувство дека животот повторно почнува со летото.

Од една страна имаше уште толку многу да се научи, а од друга толку многу здравје можеше да се извлече од младиот воздух, полн со живот. Купив десетина книги од областа на банкарството и кредитните и инвестициски хартии од вредност, така што стоеја на полицата во црвен и златен повез како пари што пристигнале од ковачница, ветувајќи дека ќе ги откријат блескавите тајни што ги знаат само Мида, Морган и Мецена. Покрај тоа, имав сериозни намери да читам и други книги. На колецот бев прилично писмен – една година пишував многу свечени и забележани уводници за *Јејл њуз* – а сега повторно ќе ги вратам во својот живот сите тие нешта и ќе станам уште еднаш најограниченият од сите експерти, „се-

стран човек". Не е тоа само епиграм – животот, всушност, многу поуспешно се набљудува од еден единствен прозорец.

Сосем е случајно тоа што најмив куќа во една од најчудните заедници во Северна Америка. Се наоѓаше на издолжениот раскошен остров, кој се протега источно од Њујорк – и каде, меѓу другите природни занимливости, постојат две необични формации на земјата. Дваесет милји од градот, две огромни јајца, исти по форма и раздвоени само со љубезноста на заливот, навлегуваат во најприпитомената солена вода во западната хемисфера, во големиот морски двор на брегот Лонг Ајленд. Тие не се совршено овални – како она јајце во приказната за Колумбо, двете се сплескани во долниот дел – но, нивната физичка сличност мора да е извор на вечно чудење за галебите што летаат над нив. На тие што немаат крилја поинтересен им е феноменот на нивната различност во сè, освен во формата и во големината.

Јас живеев во Вест Ег[2] – помалку популарното од двете јајца, иако тоа е многу површен епитет за да може да се изрази бизарната и прилично кобна разлика меѓу нив. Мојата куќа се наоѓаше на самиот врв на јајцето, само педесет чекори од брегот, стеснета меѓу двете големи палати, кои се издаваа за дваесет или петнаесет илјади долари за сезона. Палатата од мојата десна страна беше џиновска според сите стандарди – вистинска имитација на *Девил* во Нормандија, со кула на едната страна, сосем нова под младиот бршлен, со мермерен базен и огромен тревник и градина. Тоа беше палатата на Гетсби. Или подобро, бидејќи не го познавав господин Гетсби, палатата во ко-

[2] West Egg – Западно јајце.

ја живееше човекот со тоа име. Мојата куќа беше навистина смешна, но никој не обрнуваше внимание на неа, а јас имав поглед на водата, делумно на тревникот на мојот сосед и утешителната близина на еден милионер – и сето тоа за само осумдесет долари месечно.

Од другата страна на заливот белите палати на Ист Ег[3] светкаа по должината на водата, а историјата на тоа лето вистински почнува онаа вечер кога отидов таму на вечера со Том Бјукенен. Дејзи ми беше далечна роднина, која одамна се имаше преселено, а Том го запознав на колеџ. И веднаш по војната поминав два дена кај нив во Чикаго.

Нејзиниот сопруг, покрај разновидните физички достигнувања, беше еден од најдобрите играчи на фудбал во Њу Хејвн – на некој начин национален херој, еден од оние луѓе што во дваесет и првата година ќе постигнат толку блескава совршеност, па сè што се случува потоа мириса на антиклимакс. Неговото семејство беше неверојатно многу богато – уште од времето на колеџот леснотијата со која ги трошеше парите беше нешто за прекор – но, сега го имаше напуштено Чикаго и беше дојден на Исток на начин од кој човек може да остане без здив: на пример, донесе цела ергела со пони од Лејк Форест за играње поло. Беше тешко да се замисли дека еден човек од мојата генерација може да биде толку богат.

Не знам зошто дојдоа на Исток. Една година беа во Франција без некоја очигледна причина, а потоа неуморно се селеа од едно место на друго, секаде каде што луѓето играа поло и беа богати. „Овој пат дојдовме засекогаш“, ми соопшти Дејзи преку телефон, но не ѝ верував – не sирнав во срцето на Дејзи, но

[3] East Egg – Источно јајце.

чувствував дека секогаш ќе има нешто што ќе го тера Том да се движи барајќи ја драматичната возбуда на некој неповторлив фудбалски натпревар.

Така се случи една топла ветровита вечер да тргнам за Ист Ег да ги видам двајцата стари пријатели, кои едвај ги познавав. Нивната куќа беше уште поелегантна од она што го очекував, весела црвено-бела колонијална палата во џорџијански стил, со поглед на заливот. Тревникот почнуваше на брегот и се протегаше кон влезната врата прескокнувајќи ги сончевите часовници, патеките од тула и големата градина – и на крајот се качуваше нагоре со ползавецот како да не може да се сопре. Предниот дел од куќата беше разделен со голем број француски прозорци, кои ги одбиваа златните сончеви зраци и беа отворени на топлото ветровито попладне, а Том Бјукенен стоеше на предниот балкон, со раширени нозе, во јавачки костум.

Беше изменет од времето во Њу Хејвн. Сега беше силен триесетгодишен човек, имаше коса со боја на слама, значително остри црти на лицето и надмен став на телото. Две сјајни арогантни очи доминираа со неговото лице и му даваа изглед на човек што секогаш оди агресивно напред. Дури ни женствената елеганција на јавачкиот костум не можеше да ја сокрие големата сила на тоа тело – изгледаше како да ги исполнува светнатите чизми сè до затегнатата горна јака, а под тенкиот капут секогаш кога ќе го мрднеше грбот се забележуваа неговите големи мускули. Тоа беше тело на огромна сила – сурово тело.

Неговиот глас, рапав тенор, придонесуваше за впечатокот на бунтовност што го оставаше. Имаше кај него малку татковско омаловажување, дури и кон

тие што ги сакаше – а имаше луѓе во Њу Хејвн што силно го мразеа.

Како да велеше: „Слушај, немој да мислиш дека моето мислење за тие прашања е конечно само затоа што сум посилен и помажествен од тебе“. Припаѓавме на истиот повисок општествен слој и иако никогаш не сме биле блиски, секогаш ми се чинеше дека ме сака и дека посакува јас да го сакам него со некоја груба, пркосна желба каква што беше неговата.

На сончевиот балкон разговаравме неколку минути.

„Тука имам пријатно прибежиште“, зборуваше додека очите немирно му светкаа.

Завртувајќи ме за едната рака, со неговата широка дланка премина преку предниот дел на имотот, опфаќајќи ги со замавот на раката италијанската градина, делот со трнливите рози и моторниот чамец што се нишаше на водата.

„Ова му припаѓаше на Дејмен, нафташ“. Повторно ме заврти, човечки и неочекувано. „Да влеземе внатре“.

Поминавме низ високиот ходник во светлиот розов простор, кој беше вклопен во куќата со француски прозорци од двете страни. Прозорците беа отворени и блескаа наспроти свежата трева надвор, која како по малку да нараснуваше и во куќата. Ветерот дуваше низ просторијата и ги придвижуваше завесите како бели знамиња подигнувајќи ги кон таванот, кој личеше на свадбен колач со бела глазура, а потоа поминуваше над тепихот со боја на вино, правејќи на него сенка како ветер на море.

Единствениот целосно стабилен предмет во оваа просторија беше големиот кауч на кој седеа две млади жени како во балон со спуштена котва. Двете беа

во бело, а фустаните им се бранувааа и придвижуваа како ветерот да ги дува однатре по краткиот лет околу куќата. Се чини дека неколку моменти стоев и ги наслушував шушкањето и потпукнувањето на завесите и ударите на сликите на ѕидот. Потоа се слушна удар, кога Том Бјукенен ги затвори задните прозорци, фатениот ветер замре во собата, а завесите и теписите и двете млади жени полека се спуштија на подот.

Помладата жена ми беше непозната. Со сета своја должина беше легната на нејзиниот дел од каучот, целосно неподвижна, со малку подигната брада, како да балансира нешто на неа за што постои голема веројатност дека ќе падне. Ако ме виде со крајниот дел на окото, тоа воопшто не го навести – бев речиси изненаден што неразбирливо се извинувам затоа што ја вознемирив со моето влегување.

Другата девојка, Дејзи, се обиде да стане – малку се наведна напред со плашлив израз на лицето – а потоа се насмеа со чудна, волшебна насмевка, се насмевнав и јас и влегов во собата.

„П-парализирана сум од среќа".

Повторно се насмевна како да кажала нешто многу духовито и на момент ја задржа мојата рака гледајќи ме в лице, како да не постои никој друг на светот што толку многу сака да го види. Таа беше таква. Неразбирливо ми соопшти дека девојката што балансира се вика госпоѓица Бејкер. (Имав слушнато дека Дејзи зборува тивко и неразбирливо само за соговорниците да се наведнуваат кон неа; безначајна критика, која на тивкото зборување воопшто не му го одземаше шармот.)

Како и да е, усните на госпоѓица Бејкер затреперија, ми кимна со главата речиси незабележливо, а потоа веднаш повторно ја спушти главата – како

предметот со кој балансираше малку да се заниша и донекаде ја исплаши. Од моите усни повторно потече некакво извинување. Речиси секое покажување на целосна самоувереност кај мене предизвикува збунетост.

Ја погледнав својата роднина, која почна да ми поставува прашања со тивок, занесен глас. Тоа беше глас што увото го следи во амплитуди, како секој исказ да е нотен аранжман, кој никогаш повеќе нема да се повтори. Нејзиното лице беше тажно и убаво, со бистри очи и страсни усни, но во нејзиниот глас постоеше восхитување, кое мажите на кои им се допаѓаше не можеа да го забораваат: весела неодоливост, со шепот кажаниот збор „Слушај", потврда дека тукушто ви приредила некоја веселба, возбудливи нешта и дека тие весели и возбудливи нешта ќе се случат уште следниот миг.

Ѝ кажав дека додека патував кон Исток еден ден бев во Чикаго и дека десетина луѓе топло ја поздравија.

„Дали им недостигам?", кимна восхитено.

„Целиот град е во тага. Задното тркало на сите автомобили е обоено во црно како погребен венец, а по должината на северниот брег цела ноќ се слуша плач".

„Колку величествено! Се враќаме назад, Том. Утре!" Потоа рамнодушно рече: „Треба да ја видиш мојата ќерка".

„Би сакал".

„Спие. Има три години. Зар никогаш не си ја видел?"

„Никогаш".

„Па, треба да ја видиш. Таа е..."

Том Бјукенен, кој нервозно се шеташе низ собата, застана и ја стави раката на моето рамо.

„Што работиш Ник?“

„Со обврзници“.

„Со кого?“

Му кажав.

„Никогаш не сум слушнал за нив“, забележа гордо.

Тоа ме налути.

„Ќе слушнеш“, реков кратко. „Ќе слушнеш ако останеш на Исток“.

„Ах, во секој случај ќе останам на Исток, немој да се грижиш“, рече тој погледнувајќи ја Дејзи и повторно мене, како да сака да предупреди и на нешто друго. „Би бил будала кога би живеел на некое друго место“.

Во тој момент госпоѓица Бејкер рече: „Апсолутно!“ и тоа толку ненадејно што се поместив – тоа беше првиот збор што го изговори откога влегов во собата. Очигледно и таа беше изненадена колку и јас бидејќи се проѕевна и нагло стана.

„Се вкочанив“, се пожали таа, „лежам на каучот, ни сама не знам колку време“.

„Не гледај ме мене“, возврати Дејзи, „цело попладне се обидувам да те однесам во Њујорк“.

„Не, благодарам“, рече госпоѓица Бејкер кога во собата беа донесени четири коктели, „целосно сум во фаза на тренинг“.

Домаќинот ја погледна со недоверба.

„Навистина!“ Тој го испи пијалакот одеднаш како да станува збор за капка на дното на чашата. „Не можам да сфатам како воопшто стигнуваш нешто да направиш“.

Ја погледнав госпоѓица Бејкер прашувајќи се што има „направено“. Уживав да ја набљудувам. Беше вита, имаше мали гради, правилен став на телото, кој го нагласуваше исправувајќи ги раменатa како млад кадет. Нејзините сиви очи, уморни од сонцето, ми возвраќаа поглед еднакво љубопитен од бледото, убаво, незадоволно лице. Тогаш се сетив дека некогаш ја имам видено некаде или барем имам видено нејзина слика.

„Живеете во Вест Ег“, забележа надмено. „Имам познајници таму“.

„Јас не познавам ниту едно единствено...“

„Мора да го знаете Гетсби“.

„Гетсби?“, праша нервозно Дејзи. „Кој Гетсби?“

Пред да стигнам да одговорам дека ми е сосед, беше најавена вечерата; ставајќи ја својата цврста рака под мојата мишка, Том Бјукенен ме исфрли од собата како да преместува шаховска фигура на друго поле.

Елегантно, лесно, со рацете потпрени на колковите, двете млади жени тргнаа пред нас во розовата сала отворена кон сонцето, каде што четири свеќи трепереа на масата на изнемоштениот ветер.

„Зошто *свеќи?*“, праша Дејзи муртејќи се. Ги изгаси со прстите. „За две недели ќе биде најдолгиот ден во годината“. Гледаше во нас со возбуда на лицето. „Дали секогаш го чекате најдолгиот ден во годината, а потоа го пропуштате? Јас секогаш едвај чекам да дојде најдолгиот ден во годината, а потоа го пропуштам“.

„Треба да испланираме нешто“, рече низ зевање госпоѓица Бејкер седнувајќи на столот како да се спушта во кревет.

„Во ред“, рече Дејзи. „Што ќе испланираме?“ Се заврти беспомошно кон мене. „Што планира светот?“

Пред да успеам да ѝ одговорам, нејзиниот збунувачки поглед застана на малиот прст.

„Погледнете!“, се пожали. „Го повредив прстот“.

Сите погледнавме – нокотот беше целосно модар.

„Ова е твое дело, Том“, рече обвинувајќи го. „Знам дека не беше намерно, но го направи тоа. Тоа ми е награда што се омажив за ѕвер од човек, за голем невешт човечки примерок...“

„Го мразам тој збор, невешт“, рече луто Том, „дури и на шега“.

„Невешт“, повтори Дејзи.

Се случуваше таа и госпоѓица Бејкер да зборуваат истовремено, ненаметливо и со шеговита недоследност, која беше студена како нивните бели фустани и безлични очи со целосна отсутност на желба. Едноставно, беа тука и нè прифаќаа Том и мене правејќи само човечки и пријатен напор да угостат и да бидат угостени. Знаеја дека вечерата брзо ќе заврши и дека малку подоцна ќе помине и самата вечер и ќе биде заборавена. Сосем спротивно на Западот, каде што една вечер брзо се префрлува од една фаза во друга кон нејзиниот крај, во постојани црни сомневања или во вистинско нервозно очекување од самиот момент.

„Правиш да се чувствувам нецивилизирано, Дејзи“, признав со втората чаша од по малку горчливото, но убаво розе. „Не можеш ли да зборуваш за жетвата или за нешто слично?“

Со оваа забелешка немав намера да истакнам што било, но таа беше примена на неочекуван начин.

„Цивилизацијата се распаѓа на парчиња“, извика Том. „Јас станав голем песимист. Дали ја читаше *Подем на царството на обоените народи* од оној тип Годард?“

„Па, не“, одговорив, многу изненаден од неговиот тон.

„Значи, се работи за прекрасна книга и сите треба да ја прочитаат. Суштината е во тоа што ако не бидеме внимателни, белата раса – белата раса ќе биде целосно уништена. И сето тоа се базира на науката – докажано е“.

„Том сè повеќе се продлабочува“, рече Дејзи со израз на спонтана тага. „Чита длабоки и мудри книги со долги зборови. Како беше оној збор...“

„Значи, сите тие книги се научни“, повтори Том гледајќи ја бесно. „Оној тип ја има разработено целата работа. Ние, како доминантна раса, треба да внимаваме или другите раси ќе ја преземат контролата над нештата“.

„Треба да ги потиснеме“, прошепоти Дејзи намигнувајќи кон силното сонце.

„Треба да живеете во Калифорнија...“, изусти госпоѓица Бејкер, но Том ја прекина со неговото невешто поместување на столот.

„Идејата е дека ние сме Нордијци. Јас сум, и ти си, и ти и...“ По кратко двоумење ја вклучи и Дејзи во лесното кимање со главата, а таа повторно ми намигна. „А, ние го создадовме сето тоа што ја дефинира цивилизацијата – наука и уметност и сè друго. Јасно?“

Имаше нешто патетично во неговата концентрација, се чинеше дека самозадоволството, кое беше нагласено како никогаш досега, повеќе не му беше доволно. Кога речиси во ист момент во куќата зазвони телефонот и батлерот ја напушти салата, Дејзи го

искористи моменталниот прекин и се наведна кон мене.

„Ќе ти кажам една семејна тајна“, прошепоти восхитено. „Се работи за носот на батлерот. Дали сакаш да ја чуеш приказната за носот на батлерот?“

„Затоа и дојдов вечерва“.

„Тој не е батлер отсекогаш; порано ги чистел сребрените предмети за некои луѓе во Њујорк, кои служеле околу двесте луѓе. Морал да чисти од утро до мрак, сè додека не почнал да му се оштетува носот...“

„Работите стануваа сè полоши“, рече госпоѓица Бејкер.

„Да. Работите стануваа сè полоши и на крај морале да ја напушти работата“.

За момент, последните сончеви зраци со романтична наклонетост се спуштија на нејзиното светло лице; нејзиниот глас ме натера да се наведнам и да слушам без здив – и тогаш сјајот исчезна, зраците со жалење ја напуштија како што децата со зајдисонцето ја напуштат омилената улица.

Батлерот се врати и му шепна нешто на Том, на што Том се намурти, го повлече столот и без збор влезе внатре. Како неговото отсуство да забрзуваше нешто во неа, Дејзи повторно се наведна напред, гласот ѝ трепереше.

„Многу ми е мило што те гледам на мојата маса, Ник. Ме потсетуваш – на роза, на совршена роза. Зар не е како роза?“, се сврти кон госпоѓица Бејкер барајќи потврда. „Совршена роза?“

Тоа не беше точно. Јас воопшто не личам на роза. Таа само импровизираше, но од неа зрачеше разбранувана топлина како нејзиното срце да сака да излезе и да ти се приближи завиткано во еден од оние растреперени зборови изговорени без здив. По-

тоа изненадно ја фрли салфетата на маса, се извини и влезе во куќата.

Јас и госпоѓица Бејкер се погледнавме, но на нашите погледи свесно им беше одземено значењето.

Сакав нешто да кажам, но таа се тргна и рече „Пст!“ како знак на предупредување. Од собата се слушаше придушено страстно шепотење, а госпоѓица Бејкер без срам се наведна напред обидувајќи се да слушне нешто. Шепотењето се движеше на граница на разбирливост, се стивнуваше, нагло се засилуваше и потоа сосем исчезна.

„Господин Гетсби за кого разговаравте, ми е сосед...“, почнав јас.

„Молчете. Сакам да слушнам што се случува“.

„Зар нешто се случува?“, прашав наивно.

„Сакате да кажете дека не знаете?“, рече госпоѓица Бејкер, искрено изненадена. „Мислев дека сите знаат“.

„Јас не знам“.

„Па...“, рече двоумејќи се, „Том има некоја жена во Њујорк“.

„Има некоја жена?“, повторив тапо.

Госпоѓица Бејкер кимна со главата.

„Може да биде барем малку пристојна и да не му телефонира за време на вечерата. Не мислите така?“

Пред да сфатам што сака да каже, се слушна шушкање на фустан и чкрипење на кожени чизми, Том и Дејзи се вратија на масата.

„Немаше друг избор!“, рече Дејзи со вештачка веселост.

Седна, упати испитувачки поглед кон госпоѓица Бејкер, па кон мене, и продолжи: „Погледнав малку надвор, надвор е многу романтично. На тревникот има птица за која мислам дека е славеј што дошол со

бродот *Кунард* или *Бела ѕвезда*. Тој пее..." И таа почна да потпевнува. „Романтично, зар не Том?"

„Многу романтично", рече тој, а потоа тажно ми се обрати: „Ако по вечерата има доволно светло, ќе те однесам долу до шталите".

Во собата испрекинато заѕвони телефонот, а Дејзи енергично ја заврти главата кон Том, така што темата штала, всушност сите теми, исчезнаа во воздухот. Од тие испрекинати фрагменти на последните пет минути на масата се сеќавам дека свеќите беа повторно запалени, без цел, дека посакав сите да ги погледнам директно в очи, а истовремено да ги избегнам нивните погледи. Не можев да погодам за што размислуваат Дејзи и Том, но се сомневам дека и госпоѓица Бејкер, која изгледаше како да загосподари со некој смел скептицизам, можеше да го исфрли од главата петтиот гостин, кој беше упорен. На луѓе со друг темперамент оваа ситуација, можеби, би им се чинела идилично – мојот инстинкт беше дека треба веднаш да се викне полиција.

Не треба ни да кажам дека коњите повеќе не беа споменувани. Том и госпоѓица Бејкер се повлекоа во библиотеката како на бдеење покрај вистински мртовец, додека јас, обидувајќи се да оставам впечаток дека сум учтиво заинтересиран и по малку глув, тргнав по Дејзи околу низата поврзани веранди до предниот балкон. Во длабоката темнина седнавме еден крај друг на клупа сплетена од гранки од врба.

Дејзи го спушти лицето во рацете како да сака да ги допре неговите прекрасни црти, а нејзиниот поглед полека се поместуваше во темнината. Забележав дека ја растргнуваат бурни емоции, па почнав да поставувам смирувачки прашања за нејзината ќерка.

„Ние не се познаваме добро, Ник“, рече одеднаш. „Иако сме роднини. Не беше на мојата свадба“.

„Сè уште бев во војна“.

„Точно“. За момент замолчи. „Знаеш, тешко ми е, Ник, и многу сум цинична кон сè“.

Очигледно имаше причина да биде таква. Чекав, меѓутоа таа не зборуваше повеќе така што полека се вратив на темата на нејзината ќерка.

„Претпоставувам дека зборува и – јаде и сè друго“.

„Ах, да“. Ме гледаше расеано. „Слушај, Ник, да ти кажам што реков кога се роди. Дали би сакал да слушнеш?“

„Со големо задоволство“.

„Тоа ќе ти покаже како почнав да ги чувствувам – работите. Значи, по еден час, Том којзнае каде беше. Се разбудив од наркозата со сосема тапо чувство на напуштеност и ја прашав сестрата дали е момче или девојче. Ми кажа дека е девојче, ја свртев главата е се расплакав. „Во ред“, реков, „мило ми е што е девојче. И се надевам дека ќе биде будала – тоа е најдоброто нешто за една девојка на овој свет, да биде убава, мала будала“.

„Гледаш“, продолжи таа уверливо, „и така мислам дека сè е ужасно. Во тоа се согласуваат сите – дури и најпаметните луѓе. Но, јас го *знам* тоа. Сум била секаде и сум видела сè, имам направено сè“. Очите ѝ засветкаа бесно, како на Том, и се насмеа со горчлив презир. „Сестрана – Боже, јас сум сестрана!“

Во моментот кога нејзиниот глас замре, кога повеќе не го привлекуваше моето внимание, мојата доверба, почувствував суштинска неискреност за тоа што беше изговорено. Ми беше непријатно, се чинеше како целата вечер да е некој нејзин трик за да извлече

од мене сочувство. Чекав и по неколку моменти таа ме погледна со цинична насмевка на убавото лице како во тој миг да го потврди членството во некое многу значајно друштво, на кое припаѓаат таа и Том.

* * *

Внатре, пурпурната соба заслепуваше со својот сјај. Том и госпоѓица Бејкер седеа на различни краеви од истиот долг кауч; таа гласно му читаше од *Сатердеј ивнинг пост* – зборовите течеа од нејзините усни жуборејќи рамномерно и смирено. Светлината на ламбата, блескава на неговите чизми и згаснувачка на нејзината коса со боја на жолто есенско лисје, се одбиваше по должината на весникот кога ја сврти страницата со мало треперење на нежните мускули на рацете.

Кога влеговме, на момент, со подигнатата рака нè опомена да молчиме.

„Продолжува“, рече фрлајќи го весникот на масата, „во следниот број“.

Нејзиното тело се исправи со нервозно движење на колената и таа стана.

„Десет часот“, забележи таа, очигледно, читајќи го времето на плафонот. „Време е оваа добра девојка да оди на спиење“.

„Утре Џордан ќе игра на турнирот“, објасни Дејзи, „од другата страна, во Вестчестерн“.

„Ох... вие сте *Џордан* Бејкер“.

Сега знаев зошто ми е познато нејзиното лице – пријатниот арогантен израз на нејзиното лице ме гледаше од многуте слики во весниците за спортскиот живот во Ешвил, во Хот Спрингс и во Палм Бич. Еднаш слушнав и една приказна за неа, непријатна

приказна, но одамна имав заборавено за каква приказна стануваше збор.

„Добра ноќ“, рече тивко. „Разбудете ме во осум, ве молам“.

„Ако сакаш да станеш“.

„Сакам. Добра ноќ, г. Каравеј. Се гледаме наскоро“.

„Се разбира дека ќе се видите“, потврди Дејзи. „Всушност, мислам дека ќе средам да се венчате. Доаѓај почесто Ник и ќе средам – всушност – ќе ве спојам. Знаете – ќе ве заклучам во плакар со постелнина, ќе ве ставам во чамец на море, нешто во тој стил...“

„Добра ноќ“, дофрли госпоѓица Бејкер од скалите. „Ништо не слушнав“.

„Таа е добра девојка“, рече Том. „Не би требало да ѝ дозволуваат на овој начин да трчка наоколу“.

„Кој не би требало да ѝ дозволува?“, студено праша Дејзи.

„Нејзиното семејство“.

„Нејзиното семејство е составено од една тетка што има илјада години. Покрај тоа, Ник ќе се грижи за неа, нели Ник? Ова лето многу викенди ќе помине тука. Мислам дека домашната атмосфера ќе биде добра за неа“.

Дејзи и Том се погледнаа немо.

„Дали таа е од Њујорк?“, прашав брзо.

„Од Луисвил. Поминавме многу години заедно кога бевме млади девојки. Кога бевме млади...“

„Дали на балконот зборуваше со Ник за интимни работи?“, ненадејно ја праша Том.

„Дали зборував?“ Ме погледна. „Ми се чини дека не можам да се сетам, но мислам дека разговаравме

за нордиската раса. Да, сигурна сум во тоа. Некако ни се наметна само од себе, па ние...“

„Не верувај во сè што ќе слушнеш Ник“, ме посоветува тој.

Тивко реков дека не сум слушнал ништо, а по неколку минути станав за да си појдам дома. Излегоа со мене до вратата и стоеја еден крај друг во веселото светлосно поле. Кога го стартував моторот, Дејзи остро ми довикна: „Чекај! Заборавив, да те прашам нешто, а важно е. Слушнавме дека на Запад си бил свршен со некоја девојка“.

„Тоа е клевета. Јас сум премногу сиромашен за да можам да си го дозволам тоа“.

„Но, ние слушнавме“, беше упорна Дејзи изненадувајќи ме што повторно се отвора како цвет. „Слушнавме од тројца луѓе, што значи дека е вистина“.

Се разбира, знаев за што зборуваа, но ни од далеку не бев свршен. Факт е дека венчавката, објавена благодарение на шпекулации, беше една од причините за моето доаѓање на Исток. Не може некој да престане да се дружи со стариот пријател поради шпекулации, но, од друга страна, немав намера да дозволам шпекулациите да ме турнат в брак.

Нивното интересирање ме допре, а тие ми станаа по малку далечни – сепак, си отидов збунет, со мала доза на гадење. Ми се присторуваше дека Дејзи најмногу би сакала да истрча од куќата со детето в раце – но, очигледно, во нејзината глава немаше такви намери. Што се однесува до Том, фактот дека „има некоја жена во Њујорк“ беше помалку изненадувачки од тоа дека е депримиран поради некоја книга. Нешто го гонеше да го гризе работ на отстоените идеи, како онаа силна физичка вообразеност повеќе да не го напојуваше неговото храбро срце.

Зрелото лето веќе беше легнато на покривите на куќите и пред работилниците на патот, каде што новите бензински станици се капеа во потоците на светлоста, а кога стигнав на имотот во Вест Ег, го ставив автомобилот под стреата и седнав на напуштениот валјак за трева во дворот. Ветерот си беше заминат оставајќи ја бучната ведра ноќ да ги рашири крилјата во крошните на дрвјата, додека упорниот звук на оргули, како полн мев на земјата, го тераше жабјиот оркестар да свири со цела сила. Силуетата на една мачка во движење ми ја сокри месечината и свртувајќи се со главата да ја видам, забележав дека не сум сам – на дваесет чекори пред мене, од сенката на соседната палата се појави една фигура и сега стоеше со рацете во џебовите набљудувајќи ги сребрените ѕвезди на небото. Отпуштениот став и цврстата положба на стапалата на тревникот ми зборуваа дека тоа е лично господин Гетсби, кој беше излезен да процени колку од нашето локално небо му припаѓа нему.

Решив да му се приближам. Госпоѓица Бејкер го спомена за време на вечерата, тоа би било доволно за запознавање. Меѓутоа, не му се приближив бидејќи одеднаш навести дека сака да биде сам – на чуден начин ги испружи рацете кон темната вода и можев да се заколнам дека трепери. Погледнав кон морето – и не забележав ништо, освен едно далечно зелено светло што можеше да биде крајот на докот. Кога уште еднаш се завртев да го видам Гетсби, веќе си беше заминат, а јас повторно бев во непријатната темнина.

II. ПОГЛАВЈЕ

Некаде на половина пат меѓу Вест Ег и Њујорк патот се приклучува кон пругата и тече покрај неа околу четврт милја за да го избегне пустото подрачје. Тоа е долина на пепелта – фантастичен имот каде што пепелта расте како жито создавајќи венци, брегови и гротескни градини; каде што пепелта ги добива контурите на куќите и на оџаците и на чадот од оџаците и, конечно, со ненадминлив напор, на пепелавосивите луѓе, кои нејасно се движат и се растураат во нејасниот воздух. Одвреме-навреме, колона од сиви автомобили се влече по должината на невидливата пруга, ќе испушти чуден вресок и ќе застане, а потоа веднаш се појавуваат пепелавосивите луѓе со тешки алатки во густиот облак, кој го сокрива нивното мрачно работење од вашиот поглед.

Меѓутоа, над сивата земја и трагите од тажниот прав што реат над неа, по неколку моменти ги забележувате очите на докторот Т. Џ. Еклебург. Очите на докторот Т. Џ. Еклебург се сини и големи – нивните мрежички се долги цел метар. Тие не гледаат од некое лице, туку од големи жолти очила, кои преминуваат преку невидливиот нос. Очигледно дека таму ги посадил некој шеговит очен лекар за да ја збогати својата практика во Квинс, а потоа самиот потонал во вечно слепило или ги заборавил и се отселил. Меѓутоа, неговите очи, малку затемнети од безбројните денови под сонце и дожд, и понатаму светат над свеченото ѓубриште.

Долината на пепелта е ограничена од една страна со мала валкана река, а кога подвижниот мост е подигнат за да се пропуштат малите бродови, патниците во возовите што чекаат можат да ја набљудуваат таа глетка точно половина час. Тука секогаш мора да застанете, дури и на многу кратко, и затоа тука ја запознав љубовницата на Бјукенен.

Фактот дека има љубовница беше повторуван секаде каде што луѓето го познаваа. Неговите познаници му забележуваа за тоа што се појавува со неа во популарните кафеани, за тоа што ја остава да седи на масата и потоа се шета наоколу и разговара со сите што ги познава. Иако бев љубопитен да ја видам, немав желба да ја запознаам – но ја запознав. Едно попладне заедно со Том одевме со воз за Њујорк и кога застанавме покрај големите количини пепел, тој скокна, ме зграпчи за лакотот и буквално ме исфрли од вагонот.

„Слегуваме“, ми рече. „Сакам да ја запознаеш мојата девојка“.

Мислам дека за време на ручекот испи премногу, така што неговата решеност да му правам друштво се граничеше со насилство. Имаше замислена претпоставка дека во недела попладне немам попаметна работа.

Тргнав по него прескокнувајќи ја белата рампа на пругата, а потоа се вративме назад сто чекори по должина на патот, под упорниот поглед на доктор Еклебург. Единствената зграда што се наѕираше беше малиот блок сместен на работ од пустелијата, како некој вид главна улица, која не се граничи со ништо. Едниот од трите локали што се наоѓаа таму беше за издавање, вториот беше ресторан што работеше цела ноќ, а до кого се стигнуваше преку патеки од

пепел; третиот беше механичарска работилница – *Поправки.* ЏОРЏ Б. ВИЛСОН. *Купување и продавање автомобили* – во која влегов по Том.

Внатрешноста беше несредена и празна; единствениот видлив автомобил беше еден уништен *форд* сместен во мрачниот агол. Ми дојде идеја дека оваа сенка од работилница е параван и дека над неа се кријат раскошни и романтични станови, а тогаш на вратата од една канцеларија се појави лично сопственикот бришејќи ги рацете со парче крпа. Беше рус, слаб, анемичен човек, донекаде згоден. Кога нè здогледа, придушен сјај на надеж се појави во неговите светлосини очи.

„Здраво Вилсоне, стар пријателе“, рече Том, удирајќи го весело по рамото. „Како оди работата?“

„Не можам да се пожалам“, одговори неубедливо Вилсон. „Кога ќе ми го продадеш оној автомобил?“

„Идната недела, моментално на него работи мој човек“.

„Работи многу бавно, зар не?“

„Не, не работи“, рече студено Том. „Ако мислиш така, можеби е подобро да го продадам на некој друг“.

„Не мислам така“, објасни брзо Вилсон. „Само сакав да кажам...“

Неговиот глас се загуби, а Том нервозно почна да се шета по работилницата. Тогаш слушнав чекори на скалите и во истиот момент полничка женска фигура го потисна светлото од вратата на канцеларијата. Имаше околу триесет и пет години, беше малку набиена, но го носеше своето тело како што само некои жени го умеат тоа. Нејзиното лице, над измастениот фустан од темносин материјал, го немаше сјајот на убавината, но веднаш се забележуваше нејзината ви-

талност, како нервите на нејзиното тело постојано да играат. Благо се смееше и поминувајќи покрај нејзиниот сопруг како да е дух, се ракуваше со Том гледајќи го право в очи. Ги навлажни усните и воопшто не свртувајќи се, му се обрати на мажот со тивок и остар глас: „Донеси столови, што чекаш, луѓето да седнат".

„Да, да", веднаш се согласи Вилсон и тргна кон малата канцеларија каде што се загуби мешајќи се со цементната боја на ѕидовите. Пепелавиот прав го прекри неговиот темен костум и светла коса како и сите други во близина – освен неговата жена, која му се приближи на Том.

„Сакам да те видам", рече решително Том. „Тргни со следниот воз".

„Во ред".

„Ќе те пречекам кај штандот за весници на долното ниво".

Таа кимна со главата и се тргна од него токму во моментот кога Џорџ Вилсон се појави со два стола во рацете.

Ја чекавме покрај патот, на место каде што не можат да нч видат. Имаше уште неколку дена до четврти јули така што едно сиво, невешто италијанско дете редеше торпеда по должина на железничката пруга.

„Ужасно место, нели?", рече Том, разменувајќи намуртен поглед со доктор Еклебург.

„Страшно".

„Добро ѝ доаѓа да избега".

„Зар мажот не се лути?"

„Вилсон? Мисли дека таа оди во Њујорк да ја посети сестра си. Толку е глупав што не знае ни дека е жив".

Така, Том Бјукенен, неговата девојка и јас заедно тргнавме за Њујорк – или не точно заедно бидејќи госпоѓа Вилсон дискретно седна во другиот вагон. За секој случај Том водеше сметка за чувствителноста на жителите на Ист Ег, кои можеа да бидат во истиот воз.

Се преоблече во кафен фустан, кој се лепеше на нејзините широки колкови додека Том ѝ помагаше да слезе на перонот во Њујорк. На штандот за весници купи еден примерок на *Градски вести* и едно филмско списание, а во продавницата на станицата една крема и едно шишенце парфем. Кога излеговме, пропушти четири таксија пред да го избере новото такси со боја на лаванда и на тој начин испливавме од мешаницата на станицата и излеговме на блескавото сонце. Меѓутоа, само што тргнавме, таа остро се заврти од прозорецот и наведнувајќи се напред чукна на предното стакло.

„Сакам да имам едно од оние кучиња“, рече сериозно. „Сакам да го имам во станот. Убаво е да се има куче“.

Се вративме до еден стар човек, кој необично личеше на Џон Д. Рокфелер. Во кошницата што му висеше на вратот имаше десетина тукушто родени кученца од неодредена раса.

„Која раса се?“, праша возбудено госпоѓа Вилсон кога стариот човек дојде до таксито.

„Разни раси. Од која раса сакате госпоѓо?“

„Би сакала едно од оние полициски кучиња; не верувам дека ги имате?“

Човекот не верувајќи погледна во кошницата, ја стави раката внатре и извлече едно кученце држејќи го за врат додека мрдаше.

„Тоа не е полициско куче“, рече Том.

„Не, не е баш полициско“, рече стариот човек разочарано. „Повеќе е еајделски териер“. Со раката помина преку кафениот грб на кученцето. „Погледнете го ова крзно. Одлично крзно. Ова куче никогаш нема да ве мачи кога ќе биде болно“.

„Мислам дека е слатко“, рече одушевено госпоѓа Вилсон. „Колку чини?“

„Ова куче?“ Го гледаше со восхит. „Ова куче ќе ве чини десет долари“.

Еајделскиот териер – несомнено имаше некоја врска со таа сорта, иако нозете му беа вчудовидувачки бели – легна во скутот на госпоѓа Вилсон, која восхитено го милуваше неговото крзно.

„Дали е машко или женско?“, праша таа.

„Ова куче? Ова куче е машко“.

„Ова е кучка“, рече решително Том. „Еве ти пари. Оди и купи за тие пари уште десет кучиња“.

Ја поминавме Петтата авенија, топла и мирна, речиси идилична во неделното попладне. Немаше да бидам изненаден ако зад аголот се појавеа стадо бели овци.

„Застанете“, реков, „тука морам да ве напуштам“.

„Не, не мораш“, веднаш реагираше Том. „Мирта ќе се навреди ако не дојдеш со нас во станот Нели Мирта?“

„Дојдете со нас“, рече таа. „Ќе ја викнам сестра ми Кетрин. Луѓето со вкус велат дека е многу убава“.

„Па, би сакал, но...“

Продолживме по патот, повторно пресекувајќи ја Парк Авенија кон улиците со броеви над сто во западниот дел на градот. Таксито застана на 158. улица во едно парче од белиот колач на станбени згради. Завртувајќи се господарски околу себе, во знак на

поздрав затоа што стигнала дома, госпоѓа Вилсон го зема кучето и другите купени работи и гордо влезе во зградата.

„Ке ги викнам Мекиеви да дојдат“, ни соопшти додека се возевме со лифтот. „Се разбира, морам да ја викнам и сестра ми“.

Станот се наоѓаше на последниот кат – малечка дневна соба, малечка трпезарија, малечка спална соба и бања. Дневната соба беше пренатрупана со мебел и со таписерии, кој беше преголем за неа, така што движењето низ неа значеше постојано сопнување од глетките на дамите што се нишаат во градините на Версај. Една слика беше претерано зголемена фотографија, очигледно кокошка што седи на намачкан камен. Меѓутоа, гледана оддалеку, кокошката се претвораше во женска шапка, а лицето на старицата ширеше радост во собата. На масата лежеа неколку стари примероци на *Градски вести* и книгата *Симон и Петар*, и некои весници на жолт печат од Бродвеј. Госпоѓа Вилсон прво го згрижи кучето. Лифтбојот против своја волја отиде по кутија со слама и по млеко, а на тоа по сопствена волја додаде конзерва со тврд кучешки кекс – од кој едно парченце кекс цело попладне се растопуваше во чинијата со млеко. Во меѓувреме, Том извади шише виски од бифето.

Во животот сум бил двапати пијан, а вториот пат тоа беше попладне; затоа сè што се случи рееше како низ магла, иако и по осум часа станот беше полн со весело сонце. Седејќи во прегратката на Том, госпоѓа Вилсон викна неколку луѓе; потоа немаше цигари, па излегов да купам во драгсторот зад аголот. Кога се вратив, нив двајцата не ги затеков, па седев дискретно во дневната соба и прочитав едно поглавје од *Симон и Петар* – или во прашање беше грозна

приказна или виското ги изврти работите бидејќи ми се чинеше дека ништо нема смисла.

Во моментот кога Том и Мирта (по првата чаша, госпоѓа Вилсон и јас почнавме да се обраќаме еден на друг со име) повторно се појавија, друштвото почна да пристигнува на вратата на станот.

Сестрата, Кетрин, беше вита, светска девојка, имаше триесетина години, со уредна портокалова коса и лице намачкано со млечно бела пудра. Веѓите ѝ беа искубани, а потоа нацртани под остар агол, но напорите на природата за реставрација на стариот поредок му даваа неодреден израз на нејзиното лице. Додека се движеше, се слушаше постојано тропкање со оглед на тоа што безбројни керамички белегии се лизгаа горе-долу по нејзините раце. Влезе во собата забрзано и погледна толку посесивно кон мебелот што се прашав дали живее тука. Меѓутоа, кога ја прашав, таа се насмеа неумерено, го повтори на глас моето прашање и ми кажа дека живее со една пријателка во хотел.

Господин Меки беше блед феминизиран човек, кој живееше еден кат подолу. Тукушто беше избричен, на лицето имаше остатоци од бела пена, а беше многу учтив при поздравувањето на сите присутни. Ме информираше дека припаѓа на „уметничкиот слој“ за подоцна да заклучи дека е фотограф и дека тој ја зголемил сликата на мајката на госпоѓа Вилсон, која како ектоплазма рееше на ѕидот. Неговата сопруга беше млака, згодна и ужасна. Со гордост ми кажа дека мажот ѝ ја фотографирал сто дваесет и седум пати откако стапиле во брак.

Госпоѓа Вилсон го имаше сменето костумот и сега беше облечена во убав попладневен свилен фустан со крем боја, кој постојано шушкаше додека че-

кореше по собата. Под влијание на фустанот и нејзината личност претрпи промени. Виталноста, која беше толку изразена во механичарската работилница, се претвори во импресивна гордост. Нејзината насмевка, гестови, изјави, секој момент стануваа сè поафектни и како што таа се шириеше, собата стануваше сè потесна, додека не изгледаше дека госпоѓа Вилсон се врти на бучната, расчкрипена прачка низ зачадениот воздух.

„Душо моја", ѝ рече на сестра ѝ подвикнувајќи и голтајќи ги самогласките, „поголемиот број од овие б'дали секој пат ќе те изм'мат. Тие мислат само на пари. Минатата недела отидов кај една жена да му ги погледне стапалата и кога ми ја даде сметката, си пом'слив дека ми го извадила *апендицикт̄усот̄*".

„Како се викаше таа жена?", праша госпоѓа Меки.

„Госпоѓа Еберхарт. Оди по куќи и средува стапала".

„Ми се допаѓа твојот фустан", забележа госпоѓа Меки, „навистина е прекрасен".

Госпоѓа Вилсон го отфрли комплиментот подигнувајќи ја веѓата со презир.

„Само едно старо парталче", рече таа. „Го облекувам кога не ми е грижа како изгледам".

„Но, прекрасно изгледа на тебе, ако разбираш што сакам да кажам", беше упорна госпоѓа Меки. „Кога Честер би можел да те има во таква поза, мислам дека би направил нешто од тоа".

Сите молчејќи ја гледавме госпоѓа Вилсон, која тргна еден прамен коса од лицето и нè погледна со прекрасна насмевка. Господин Меки упорно гледаше во неа со главата накривена на една страна, а потоа почна полека да мавта со раката пред нејзиното лице.

„Би требало да го сменам осветлувањето“, рече по неколку моменти. „Сакам да ги изострам цртите на лицето. И во исто време да ја фатам заднината на косата“.

„Мислам дека не треба да се менува осветлувањето“, се јави госпоѓа Меки. „Мислам дека... “

Нејзиниот маж рече: „*Пст!*“ и сите повторно погледнавме во моделот, на што Том Бјукенен бучно се проѕевна и стана.

„Вие Мекиеви треба да се напиете нешто“, рече тој. „Донеси уште мраз и минерална вода, Мирта, пред да отидеме на спиење“.

„Му кажав на она момче за мразот“. Мирта ги крена веѓите во очај поради неспособноста на пониискиот сталеж. „Тие луѓе! Постојано треба да одите по нив“.

Ме погледна благо и се насмевна. Потоа со скокање отиде до кучето, го бакна заносно и истрча во кујната однесувајќи се како десет готвачи да ги чекаат нејзините наредби.

„Имам направено некои убави работи долу на Лонг Ајленд“, рече господин Меки.

Том тапо го погледна.

„Две врамивме во станот“.

„Две, што?“, праша остро Том.

„Две студии. Едната ја викам *Монтик Поинт – галеби*, а другата *Монтик Поинт – море*“.

Сестрата Кетрин седна покрај мене на каучот.

„Дали и вие живеете долу на Лонг Ајленд?“, праша.

„Живеам во Вест Ег“.

„Навистина? Бев таму на забава пред околу еден месец. Кај човекот што го викаат Гетсби. Дали го познавате?“

„Тој ми е прв сосед".

„Велат дека е внук или роднина на царот Вилхелм. Оттаму му се парите".

„Навистина?"

Таа кимна со главата.

„Се плашам од него. Не би сакала да имам што било со него".

Оваа интересна информација за мојот сосед ја прекина госпоѓа Меки, која одеднаш покажа на Кетрин.

„Честер, мислам дека би можел да направиш нешто со *неа*", се вмеша таа, но господин Меки само кимна со главата давајќи до знаење дека тоа му е здодевно и го насочи вниманието кон Том.

„Би сакал повеќе да работам на Лонг Ајленд, ако можам да добијам пристап. Барам само да ми дадат шанса".

„Прашај ја Мирта", рече Том, гласно насмевнувајќи се кога госпоѓа Вилсон влезе со подавалникот. „Таа ќе ти даде писмена препорака – ќе сакаш ли да го направиш тоа Мирта?"

„Да направам, што?", праша таа изненадено.

„Ќе му дадеш писмена препорака на господин Меки за својот маж така што ќе може да направи студии на тема – тој". На момент немо ги движеше усните смислувајќи име. „Ќе ги наречам *Џорџ Б. Вилсон на бензиска станица* или нешто слично".

Кетрин се наведна кон мене и ми шепна:

„Ниту еден од нив не ја поднесува личноста со која е во брак".

„Навистина?"

„Апсолутно". Ја погледна Мирта, па Том. „Мислам дека не треба да живеат со нив ако не ги подне-

суваат. Кога би била на нивно место, би се развела и би влегла во брак со тој што го сакам".

„Зар ни таа не го сака Вилсон?"

Одговорот на ова беше неочекуван. Дојде од Мирта, која го слушна моето прашање, а беше жесток и непристоен.

„Гледајте", рече триумфално Кетрин. Повторно го стивна гласот. „Неговата жена е виновна што тие двајцата се раздвоени. Таа е католик, а тие не веруваат во развод".

Дејзи не беше католик, па бев малку шокиран од разработката на лагите.

„Кога навистина ќе се венчаат", продолжи Кетрин, „Ќе отидат да живеат на Запад додека на стивне бурата".

„Би било подискретно да одат во Европа".

„Ах, дали ви се допаѓа Европа?", праша неочекувано. „Тукушто се вратив од Монте Карло".

„Навистина?"

„Минатата година. Бев со една девојка".

„Дали останавте таму подолго време?"

„Не, само бевме до Монте Карло и се вративме. Одевме преку Марсеј. Кога тргнавме, имавме илјада и двесте долари, но приватните соби нч чинеа целата сума за два дена. Можам да кажам дека едвај се вративме. Боже, колку го мразев тој град".

Доцното попладневно сонце на момент процвета како синиот мед на Медитеранот – а, тогаш гласот на госпоѓа Меки ме врати назад во собата.

„И јас за малку ќе направев грешка", рече со цела сила на гласот. „За малку ќе се омажев за еден невреден човек, кој трчаше по мене со години. Сите ми зборуваа: ‚Лусила, тој човек е многу под твоето ниво!'

Но, да не го сретнев Честер, тој сигурно ќе ме добиеше".

„Да, но слушај", рече Мирта Вилсон кимајќи со главата горе-долу, „бар не се омажи за него".

„Знам дека не се омажив".

„А, јас се омажив", рече Мирта двосмислено. „И тоа е разликата меѓу мојот и твојот случај".

„Зошто го направи тоа Мирта?", праша остро Кетрин. „Никој не те натера".

Мирта се замисли.

„Се омажив за него бидејќи мислев дека е господин", рече на крајот. „Мислев дека знае нешто за маниpите, а не беше достоен ни да ми ги лиже петиците".

„Едно време беше луда по него", рече Кетрин.

„Луда по него!", извика Мирта со неверување. „Кој кажа дека сум била луда по него? Никогаш не сум била луда по него како ни за тој човек таму".

Одненадеж покажа на мене и сите ме погледнаа со прекор. Се обидов со изразот на лицето да им покажам дека не очекувам приврзаност.

„Бев *луда* само кога се омажив за него. Веднаш знаев дека направив грешка. Зеде на заем нечиј најдобар костум за да се ожени во него, а тоа не ми го кажа, така што еден ден човекот дојде по костумот кога тој не беше дома. ‚Ох, дали е тоа ваш костум?' го прашав. ‚Првпат слушам за тоа' Сепак, му го дадов костумот и потоа легнав и неутешно плачев цело попладне".

„Таа навистина треба да го напушти него", ми се обрати Кетрин. „Единаесет години живеат над онаа работилница. А, Том е првата бонбона што таа воопшто ја имала".

Шишето со виски – второто – сега сите го бараа, со исклучок на Кетрин, на која ѝ беше „добро без ништо“. Том го викна домарот и го прати по некои фамозни сендвичи, кои сами по себе претставуваа вечера. Сакав да излезам и да тргнам низ мекото зајдисонце на исток, кон паркот, но секогаш кога се обидував да тргнам бев вовлекуван во некоја жестока бучна расправија, која ќе ме задржеше на столот, како да ме врзува со јажиња. Сепак, жолтата линија на нашите прозорци високо над градот мора да имаше влијание врз човечката таинственост на случајниот набљудувач во уличната темнина, а јас го видов како гледа нагоре и се чуди. Бев внатре и надвор, истовремено одушевен и згрозен од неисцрпната разновидност на животот.

Мирта го повлече столот кон мојот и одеднаш нејзиниот топол здив почна да се прелева со приказната за нејзината прва средба со Том.

„Се случи на оние две мали седишта, кои се свртени едно кон друго и кои секогаш се последните слободни места во возот. Одев во Њујорк да ја посетам сестра ми и да преспијам кај неа. Тој носеше свечен костум и лакирани чевли, не можев да го тргнам погледот од него, но секогаш кога ќе ме погледнеше, се преправав дека ја гледам рекламата над неговата глава. Кога влеговме во станицата, беше покрај мене, со белата кошула навален на мојата рака, така што му реков дека ќе морам да викнам полиција, но тој знаеше дека лажам. Бев толку возбудена што не знаев дека не влегувам во метрото, туку со него во такси. Низ мислите ми се вртеа само зборовите: „Нема да живееш вечно, нема да живееш вечно“.

Потоа се заврти кон госпоѓа Меки и собата се исполни со нејзината ѕвонлива насмевка.

„Драга моја“, подвикна, „Ќе ти го дадам овој фустан веднаш кога ќе го соблечам. Утре морам да купам друг. Ќе составам список на сите работи што морам да ги средам. Масажа и трајна ондулација, ремен за кучето, мал сладок пепелник и венец со црна лента за мајчиниот гроб, кој ќе трае цело лето. Морам да направам список за да не заборавам што треба да направам“.

Беше девет часот – а, кога по малку време погледнав на часовникот видов дека е десет. Господин Меки спиеше на столот, со дланките стиснати во пазувите како фотографијата на човекот во акција. Го извадив шамичето и од неговиот образ ја избришав исушената пена што ме нервираше цело попладне.

Кучето седеше на масата, испушташе звуци низ чадот, а одвреме-навреме и ’ржеше. Гостите исчезнуваа, се појавуваа, правеа планови да одат некаде, а потоа се губеа еден со друг, се бараа, се наоѓаа на многу мала оддалеченост. Некаде околу полноќ, Том Бјукенен и госпоѓа Вилсон страсно се караа, внесени со лицата еден кон друг, за тоа дали госпоѓа Вилсон има право да го споменува името на Дејзи.

„Дејзи! Дејзи! Дејзи!“, викаше госпоѓа Вилсон. „Ќе го кажувам секогаш кога сакам! Дејзи! Дејзи! Дејзи... “

Со кратко вешто замавнување, Том ѝ удри шлаканица и ѝ го скрши носот.

Потоа, на подот од бањата се најдоа крвави пешкири, се слушаа женски гласови на прекор, а високо над цела таа мешаница се издигна долг, испрекинат звук на болка. Господин Меки се разбуди и збунето тргна кон вратата. Кога беше на половина пат, се сврти и се загледа во глетката – во својата жена и Кетрин, кои пцуеја и се тепаа една со друга барајќи ги

предметите за прва помош меѓу натрупаниот мебел, во очајната фигура на каучот, која обилно крвавеше и се обидуваше со примерок од *Градски вести* да ја прекрие таписеријата Версај. Тогаш господин Меки се сврти и продолжи кон вратата. Ја земав шапката од свеќникот и тргнав по него.

„Дојди некогаш на ручек“, ми предложи додека се возевме во лифтот.

„Каде?“

„Каде било“.

„Тргнете ја раката од рачката“, викна лифтбојот.

„Молам“, рече гордо господин Меки, „не ни знаев дека ја држам“.

„Важи“, реков, „Ќе ми биде драго“.

... Стоев покрај неговиот кревет, а тој седеше меѓу чаршафите, во долна облека, со голема папка во рацете.

„*Убавицата и sверот... Осаменост... Стариот бакалски коњ... Поток и мост...*“

Потоа лежев во полусон во студеното долно ниво на станицата Пенсилванија зјапајќи во *Трибјун* и чекајќи го возот што тргнува во четири.

III. ПОГЛАВЈЕ

Во летните ноќи се слушаше музика од куќата на мојот сосед. Во неговата раскошна градина мажите и девојките доаѓаа и си одеа меѓу шепотите, шампањското и ѕвездите како пеперуги. За време на попладневниот прилив ги набљудував неговите гости како скокаат во водата од бродот или се сончаат на жешкиот песок на неговата плажа додека двата моторни чамца ја пресекуваа водата покрај брегот влечејќи скии над слаповите пена. За време на викендите неговиот *ролс-ројс* се претвораше во омнибус превезувајќи ги учесниците на забавата во градот и од градот, меѓу девет часот наутро и доцните вечерни часови, додека комбито брмчеше како жолта бубалка во средбата со сите возови. Секој понеделник осум слуги, вклучувајќи го и хонорарниот градинар, се мачеа цел ден со крпите за прав, четките за триење, чеканите и градинарските ножици за да го средат пустошот од претходната вечер.

Секој петок од овоштарникот во Њујорк доаѓаа пет сандаци со портокали и лимони – секој понеделник истите тие портокали и лимони ја напуштаа неговата задна врата во облик на пирамиди исцедени на половина. Во кујната имаше машина, која можеше да извлече сок од двесте половини портокали за половина час, под услов прстот на батлерот двесте пати да го стисне малечкото копче.

Барем еднаш во две недели доаѓаа голем број набавувачи со повеќе десетини метри платно и доволи-

но светилки во боја со цел од големата градина на Гетсби да направат божикна елка. На масите, украсени со блескави предјадења, зачинетите парчиња шунка беа притиснати до салатите со пеливански шари и свинските и мисиркини паштети, кои со помош на готварската магија беа претворени во суво злато. Во главната сала беше поставен бар со вистинска ограда од месинг, снабден со џин, ликери, аперитиви, кои одамна беа заборавени така што поголемиот дел од гостите беше премногу млад за да ги разликува.

До седум часот доаѓаше оркестарот, не од пет членови, туку во комплетен состав од обоа, тромбон, саксофон, виола, кларинет и флејта, како и мали и големи тапани. Дотогаш последните пливачи веќе беа вратени од плажата и се облекуваа на катот; автомобилите од Њујорк беа паркирани на влезниот пат, салите, салоните и балконите беа шарени од бои, косата се брануваше на безброј чудни нови начини, а шаловите се вееја поубаво од соновите на Кастиља. Барот работеше со полна пареа, рунда за рунда коктели ја натопуваа градината сè додека воздухот не живнеше од разговорите и смеата, од неформалните навестувања и претставувања, кои веднаш се заборават, од восхитените средби на жените, кои никогаш не си го знаеја името една на друга.

Светлата стануваа сè посилни како што земјата се оддалечуваше од сонцето, оркестарот почнуваше да свири бавни коктел-мелодии за операта од гласови да биде дополнета со еден тон повеќе. Смеата стануваше сè поприродна, се разлеваше насекаде, предизвикана и од веселите досетки. Групите сè побрзо се менуваа, се зголемуваа со нови членови, се распаѓаа и се формираа во истиот момент; веќе има тал-

качи, самоуверени девојки кои тука и таму за момент стануваат центар на внимание, а потоа одушевени од триумфот, продолжуваат да се лизгаат низ морето од лица, гласови и бои под светлото што постојано се менува.

Одеднаш една од оние Циганки во блескави бои фаќа коктел во воздухот и го фрла за да се охрабри, ги врти рацете како чигра и игра сама на подиумот од шаторско платно. Се случува танц; диригентот на оркестарот внимателно го менува ритамот за неа, настанува голема бука додека се шири погрешната вест дека таа е замената на Гилда Грејс од *Лудости*. Забавата почнува.

Верувам дека првата вечер кога дојдов во куќата на Гетсби бев еден од оние ретки гости кои навистина се поканети. Луѓето не беа поканувани таму – таму се доаѓаше. Влегуваа во автомобили, кои ги довезуваа на Лонг Ајленд и по некоја случајност завршуваа пред куќата на Гетсби, а потоа се однесуваа во согласност со правилата кои беа поврзани со забавниот парк. Понекогаш доаѓаа и си одеа, а без воопшто да се сретнат со Гетсби, доаѓајќи на забавата со простодушноста на срцето што беше и единствената влезница.

Јас, навистина, бев поканет. Возачот во сина униформа го помина мојот тревник едно рано саботно утро со изненадувачки формална покана од својот работодавец: задоволството беше исклучиво на Гетсби, пишуваше, ако таа вечер дојдам на неговата „мала забава". Ме видел неколкупати и одамна имал намера да ме покани, но чудниот сплет на околности го спречил тоа – следуваше величествениот потпис на Џеј Гетсби.

Облечен во фланелски бел костум го поминав неговиот тревник нешто по седум часот и со чувство на голема непријатност се провлеков меѓу групите луѓе што не ги познавав – иако тука и таму имаше по некое лице што порано го имав видено во локалниот воз. Веднаш ме изненади бројот на млади Англичани; сите убаво облечени, сите по малку гладни, во тивкиот сериозен разговор со богатите Американци. Бев сигурен дека нешто продаваат: обврзници, осигурување или автомобили. Барем беа болно свесни за лесната заработка што им беше на дофат, убедени дека ќе ја остварат ако кажат неколку вистински зборови во вистински тон.

Веднаш штом стигнав, се обидов да го најдам домаќинот, но неколкуте луѓе што ги прашав каде се наоѓа тој толку чудно ме погледнаа, негирајќи дека знаат што било за неговото движење, па отидов до масата за коктели – единственото место во градината на кое можеше да стои еден поединец, а да не изгледа бесцелно и осамено.

Бев на пат да се опијам од чистата конфузија, а тогаш од куќата излезе Џордан Бејкер и застана на врвот на мермерните скали наведнувајќи се малку нанапред и гледајќи долу во градината со интерес полн со презир.

Без разлика дали ќе бидам пријатен или не, сметав дека треба да застанам со некого пред да почнам да им упатувам срдечни забелешки на минувачите.

„Здраво!“, викав и тргнав кон неа. Мојот глас неприродно одекна низ градината.

„Помислив дека, можеби, сте тука“, одговори расеано кога ѝ се доближив. „Се сетив дека сте прв сосед...“

Нежно ми ја допре раката што беше знак дека веднаш ќе ми се посвети и се сврти кон двете девојки во идентични жолти фустани, кои застанаа на дното на скалите.

„Здраво“, викнаа на глас девојките. „Жал ни е што не победи“.

Тоа се однесуваше на турнирот во голф. Беше поразена во финалето минатата седмица.

„Ти не знаеш кои сме ние“, рече една од девојките во жолто, „но те запознавме овде пред еден месец“.

„Сте ја бојадисале косата оттогаш“, забележа Џордан, а јас се поместив, но девојките продолжија понатаму така што нејзината забелешка беше упатена на младата месечина, која како и вечерата, несомнено, излезе од кошницата за набавки. Држејќи ја тенката златна рака на Џордан, се симнавме по скалите и продолживме низ градината. Подавалникот со коктели помина пред нас во темнината и седнавме на масата со девојките во жолто и со три мажи, од кои секој се претстави како господин *Мамбл*.

„Дали често доаѓате на овие забави?“, Џордан ја праша девојката до неа.

„Последен пат бев кога те запознав тебе“, одговори девојката со весел самоуверен глас. Тогаш се сврти кон другарка ѝ.. „Зар прашањето не се однесуваше и на тебе Лусила?“

Се однесуваше и на Лусила.

„Сакам да доаѓам тука“, рече Лусила. „Никогаш не ми е грижа што правам така што секогаш убаво се забавувам. Минатиот пат кога бев овде го скинав фустанот од еден стол, а тој го зема моето име и адреса – и по една недела добив пакет со нов вечерен фустан“.

„Дали го задржа?“, праша Џордан.

„Се разбира. Сакав да го облечам вечерва, но премногу е широк на градите и треба малку да се сошие. Фустанот е во сина боја со виолетови шари. Двесте шеесет и пет долари“.

„Има нешто чудно во човекот што е подготвен на таков чекор“, рече брзо другата девојка. „Тој, едноставно, не сака да има проблеми со кој било“.

„Кој не сака?“, прашав јас.

„Гетсби. Некој ми кажа дека...“

Двете девојки и Џордан доверливо се приближија една кон друга.

„Некој ми кажа дека мисли дека некогаш убил човек“.

Сите нч пролазија морници. Тројцата господа Мамбл се наведнаа напред слушајќи со големо внимание.

„Не верувам дека стигнало до таму“, рече недоверливо Лусила, „тоа е полошо од тоа дека бил германски шпион во војната“.

Еден од мажите значајно кимна со главата.

„Го слушнав тоа од еден човек, кој знае сè за него, кој пораснал со него во Германија“, нè уверуваше тој.

„А, не“, рече првата девојка. „Тоа е невозможно затоа што за време на војната служеше во американската војска“. Кога нашата лесноверност повторно се сврти кон неа, таа одушевено со наведна кон нас. „Погледнете го некогаш кога мисли дека никој не го гледа. Се обложувам дека има убиено човек“.

Ги затвори очите и затрепери. И Лусила затрепери. Сите се свртевме и со поглед го побаравме Гетсби. Тоа беше потврда на романтично размислување што тој го предизвикуваше, дека за него шепотеа и

тие што речиси не сметаа дека за што било може да се шепоти на овој свет.

Првата вечера – втората ќе биде околу полноќ – самошто беше послужена, па Џордан ме повика да му се придружам на нејзиното друштво, кое седеше на масата на другата страна на градината. Таму беа три брачни двојки и придружникот на Џордан, упорен студент обземен со силна надеж и очигледно со впечаток дека кога-тогаш Џордан ќе му се предаде повеќе или помалку. Место да биде раширена, оваа група ја имаше сочувано достоинствената хомогеност и на себе си ја имаше препишано функцијата да го претставува реалното селско благородништво – Ист Ег се однесуваше заштитнички кон Вест Ег и внимателно го чуваше од неговата спектакуларна веселост.

„Да си одиме оттука“, прошепоти Џордан по еден загубен и непријатен полчасовен период, „ова ми е премногу стегнато“.

Станавме и ми објасни дека ќе го најдеме домаќинот: никогаш не сум го сретнала, ми рече, а тоа направи да се чувствувам непријатно. Студентот кимаше со главата цинично и тажно.

Барот, кој прв го погледнавме, беше полн со луѓе, но Гетсби не беше таму. Не можеше да го види ни од врвот на скалите, а не беше ни на балконот. Случајно чукнавме на една голема врата и се најдовме во висока библиотека во готски стил, која беше обложена со изрезбан англиски даб, најверојатно целосно преместена од некоја прекуморска урнатина.

Крупен, средовечен човек, со големи очила што потсетуваа на очи на був, седеше на крајот на големата маса, расеано гледајќи ги полиците со книги.

Кога влеговме, тој восхитено се заврти и ја погледна Џордан од глава до петици.

„Што мислите?“, праша весело.

„За што?“

Со раката покажа кон полиците за книги.

„За ова. Всушност, не морате да се трудите да донесете заклучок. Јас донесов заклучок. Вистински се“.

„Книгите?“

Кимна со главата.

„Апсолутно вистински – имаат страници и сè друго. Мислев дека се добар и траен картон. Всушност, тие се совршено вистински. Страници и – видете! Да ви покажам“.

Земајќи ја нашата недоверба здраво за готово, побрза кон полиците и се врати со првиот том од *Предавања во чест на Стодард*.

„Гледајте!“, викна триумфално. „Ова е печатено со добра намера. Ме измами. Овој човек е вистинскиот Беласко[4]. Тоа е триумф. Каква темелност! Каков реализам! Знаеше и кога да застане – не ги кинеше страниците. Но, што сакате повеќе? Што очекувате?“

Ја зграпчи книгата од моите раце и брзо ја врати на полицата, неразбирливо зборувајќи дека целата библиотека ќе се урне ако се извлече една книга од неа.

„Кој ве донесе?“, праша остро. „Или онака дојдовте? Мене ме донесоа. Поголемиот број од луѓето се донесени“.

---

[4] Дејвид Беласко (1854-1931) – американски драмски писател, актер и режисер.

Џордан го гледаше живо, весело, не одговарајќи му.

„Мене ме донесе една жена што се вика Рузвелт“, продолжи тој. „Госпоѓа Клод Рузвелт. Дали ја познавате? Ја запознав некаде минатата вечер. Пијан сум веќе една недела, па помислив дека можам да се отрезнам во библиотекава“.

„Успеавте ли?“

„Мислам дека успеав, малку. Не можам со сигурност да кажам. Тука сум само еден час. Дали ви кажав за книгите? Тие се вистински. Тие се...“

„Ни кажавте“.

Сериозно се ракувавме со него и излеговме надвор.

Сега на шаторското платно во градината имаше игранка; старците во бескрајни невешти кругови ги туркаа младите двојки назад, пристојните двојки се држеа извештачено, отмено и на страна – а голем број девојки играа индивидуално или на момент го ослободуваа оркестарот од товарот на банџото или тапаните. Околу полноќ веселбата кулминираше. Еден славен тенор пееше на италијански, познат алт пееше џез, а меѓу песните гостите изведуваа „акробации“ низ целата градина, додека облаци од весела празноглава смеа се креваа кон летното небо. Женската актерска двојка, за која се покажа дека ја сочинуваат девојките во жолто, изведе сцена на ученички во костуми, а шампањското беше служено во чаши поголеми од пехари. Месечината беше искачена на небото, покрај брегот на водата реееше триаголна сребрена плочка, која се придвижуваше од отсечното музицирање на банџото од тревникот.

Сè уште бев со Џордан Бејкер. Седевме на масата со еден маж, кој беше некаде на мои години и со

едно нападно девојче, кое и на најмалата провокација реагираше со неконтролирана смеа. Сега вистински уживав. Имав испиено две чаши шампањско и глетката пред моите очи се измени во нешто значајно, елементарно и длабоко.

Кога забавата почна да стивнува, еден човек ме погледна и ми се насмевна.

„Твоето лице ми е познато“, рече пристојно. „Дали за време на војната си служел во Првата дивизија?“

„Молам, да. Бев во Дваесет и осмата пешадиска“.

„Јас до јуни 1818 година бев во Шеснаесеттата. Знаев дека некаде те имам видено“.

Малку позборувавме за малите, сиви села во Франција. Очигледно дека живееше некаде во близина бидејќи ми рече дека тукушто купил хидроавион и дека следното утро ќе го проба.

„Ќе дојдеш ли со мене, стар пријателе? Само тука, покрај брегот.“

„Во колку часот?“

„Кое било време, кога најмногу ти одговара“.

Само што сакав да го прашавам како се вика, Џордан се заврти и се насмеа.

„Се забавуваш ли сега?“, праша таа.

„Многу ми е поубаво“. Повторно се свртев кон новиот познајник. „Ова е за мене необична забава. Не го ни видов домаќинот. Живеам тука преку...“, покажав со раката кон невидливата ограда во далечината, „а, тој Гетсби испрати возач со покана“.

На момент ме гледаше како да не разбира.

„Јас сум Гетсби“, рече одеднаш.

„Што!“, се зачудив. „Ох, ве молам извинете“.

„Мислев дека знаеш стар пријателе. За жал, не сум добар домаќин“.

Се насмевна значително – повеќе од значително. Тоа беше една од оние ретки насмевки со својство на вечно охрабрување во себе, насмевка на која може да наидете само неколкупати во животот. На момент во неа се содржеше – или се чинеше дека се содржи – целиот свет, а потоа се фокусираше на вас со неодолива предрасуда во ваша корист. Ве разбираше токму толку колку што сте сакале да ве разбере, веруваше во вас толку колку што сте сакале да верувате во себе и ве уверуваше дека има впечаток за вас за кој, во најдобар случај, сте се надевале дека ќе го оставите. Токму во тој момент насмевката исчезна – и јас бев соочен со елегантен млад простак, малку постар од триесет години, чијшто дотеран формален говор безмалку се чинеше апсурдно. Неколку минути пред да ми се претстави, имав силен впечаток дека внимателно ги избира зборовите.

Речиси истиот момент кога господин Гетсби се претстави, до него брзо дојде батлерот со информација дека има повик од Чикаго. Се извини со лесно кимнување со главата, кое се однесуваше на сите нас.

„Ако ти треба нешто, стар пријателе, само прашај", ми рече. „Извини. Ќе дојдам подоцна".

Кога си отиде, веднаш се свртев кон Џордан – принуден да ја уверам дека сум изненаден. Очекував господин Гетсби да биде крупен средовечен човек.

„Кој е тој?", ја прашав љубопитно. „Дали знаеш?"

„Едноставно, човек што се вика Гетсби".

„Сакам да кажам, од каде е? И што работи?"

„Сега и *ти* се фати на јадицата", ми возврати таа со насмевка. „Еднаш ми кажа дека е од Оксфорд".

Маглестата претстава за него почна да добива контури, но исчезна со нејзината следна забелешка.

„Меѓутоа, јас не му верувам".

„Зошто?“

„Не знам“, рече таа, „едноставно мислам дека не бил таму“.

Нешто во нејзиниот тон ме потсети на зборовите на другата девојка: „Мислам дека убил човек“, а ја поттикна и мојата љубопитност. Јас без двоумење ќе ја прифатев информацијата дека Гетсби потекнува од Лузијана или од бедниот Ист Сајд во Њујорк. Тоа беше разбирливо. Меѓутоа, младите луѓе не можеа – барем во своето провинциско искуство верував дека не можеа – да дојдат тука-така од никаде и да купат палата на Лонг Ајленд.

„Како и да е, тој организира големи забави“, рече Џордан менувајќи ја темата со типична урбана одбојност кон конкретните работи. „А јас ги сакам големите забави. Толку се интимни. На малите забави сите се вкочанети“.

Се слушна удар на бас-тапанот, а гласот на предводникот на оркестарот одеднаш се провлече над вревата во градината.

„Дами и господа“, подвикна тој. „На молба на господин Гетсби ќе го отсвириме за вас најновото дело на Владимир Толстов, кое во мај предизвика големо внимание во *Карнеги Хол*. Ако сте читале весници, тогаш знаете дека тоа беше голема сензација“. Се насмеа весело и храбро и додаде: „Каква сензација!“ На тоа сите се насмеаја.

„Делото е познато“, заклучи весело, „како *Светската историја на џезот на Владимир Толстов*“.

Ми избега карактерот на композицијата на господин Толстов затоа што, штом почна музицирањето, погледот ми падна на Гетсби, кој стоеше сам на мермерните скали и со задоволство ги набљудуваше групите луѓе. Неговата кожа беше привлечно затег-

ната на лицето, а кратката коса се чинеше како секојдневно да се фризира. Ништо злобно не можев да забележам во него. Се прашував дали фактот што не пие му помага да се дистанцира од гостите бидејќи ми се чинеше дека станува сè поконкретен со засилувањето на забавата. Кога заврши *Светската историја на цезот*, девојките почнаа да ги стават рацете на рамената на мажите на итар, интимен начин, весело се фрлаа назад во прегратките на мажите, дури и во групи, знаејќи дека некој ќе ги дочека – но, никој не се фрлаше во прегратката на Гетсби, ниту едно коњско опавче не го допре рамото на Гетсби, не се формираа пејачки квартети да запеат во чест на Гетсби.

„Извинете".

Батлерот на Гетсби одеднаш се најде до нас.

„Госпоѓица Бејкер?", ја праша. „Извинете, но господин Гетсби би сакал да разговара со вас насамо".

„Со мене?", се зачуди таа.

„Да, мадам".

Таа полека стана, зачудено подигнувајќи ги веѓите кон мене и тргна со батлерот кон куќата. Забележав дека го носи вечерниот фустан, сите свои фустани, како спортска облека – имаше една вообразеност во нејзините движења како да се шета на терен за голф во чисто свежо утро.

Бев сам и беше речиси два часот. Веќе подолго време, од долгата соба со многу прозорци, која се наоѓаше над балконот, допираа нејасни и таинствени шумови. Избегнувајќи го студентот на Џордан, кој сега се наоѓаше во празни разговори со сите девојки од хорот и кој ме молеше да му се придружам, влегов внатре.

Поголемата соба беше полна со луѓе. Една од девојките во жолто свиреше на клавир, а покрај неа стоеше висока, црвенокоса млада дама од познатиот хор и пееше. Беше многу пијана и во текот на пеењето со тага заклучи дека сè е многу тажно – таа не само што пееше, туку и плачеше. Секогаш кога во песната ќе настапеше пауза, таа ја исполнуваше со тешки, испрекинати крикови, а потоа повторно почнуваше да пее со потресниот сопран. Солзи течеа низ нејзините образи – но не течно бидејќи секогаш кога ќе дојдеа во контакт со нејзините густо нашминкани клепки, добиваа боја на мастило и го продолжуваа патот во тромави мали црни потоци. Некој се пошегува дека таа пее според нотите на нејзиниот лист, на што таа ги подигна рацете, седна на столот и потона во длабок сон предизвикан од виното.

„Се скарала со човекот, кој вели дека е нејзин маж“, објасни девојката што се држеше за мојот лакот.

Се свртев. Поголемиот број од жените што беа останати се караа со набедените мажи. Дури и друштвото на Џордан, квартетот од Ист Ег, одеднаш почна да се кара. Еден од мажите страстно ѝ се нафрлаше на една млада актерка, а неговата жена, откако се обиде достоинствено и рамнодушно да се насмее, целосно пукна и почна да го напаѓа мажот – одеднаш се појави до него како глупачка и викаше: „Ми вети!“ во неговото уво.

Не беа само разузданите мажи тие што чувствуваа отпор кон одењето дома. Во ходникот се наоѓаа двајца тажно трезни мажи и нивните многу вознемирени сопруги. Двете се жалеа една на друга некако премногу бучно.

„Секогаш кога ќе види дека убаво се забавувам, сака да оди дома“.

„Никогаш во животот не сум слушнала за таква себичност“.

„Ние секогаш си одиме први“.

„И ние“.

„Па речиси сме последни вечерва“, рече плашливо еден од мажите. „Оркестарот си замина пред половина час“.

Без разлика на согласувањето на жените дека таква злоба е неверојатна, расправата се заврши со кратка тепачка и двете сопруги, покрај нивното противење, беа исфрлени во ноќта.

Додека во ходникот чекав на својот шешир, се отвори вратата на библиотеката и Џордан Бејкер и Гетсби излегоа заедно. Тој ѝ зборуваше нешто, но занесеноста во неговото однесување одеднаш се претвори во учтивост бидејќи му се приближија неколку гости да го поздравт пред да си одат.

Друштвото нестрпливо ја викаше Џордан од балконот, но таа остана да се поздрави со сите.

„Тукушто слушнав нешто вчудовидувачко“, шепотеше. „Колку време останавме внатре?“

„Па, околу еден час“.

„Беше... навистина вчудовидувачко“, повтори расеано. „Се заколнав дека нема да кажам никому, а сега те мачам“. Слатко се проѕевна во моето лице. „Те молам, дојди кај мене... Во телефонскиот именик... Под името госпоѓа Сигурни Хауард... Мојата тетка...“ Си одеше набрзина додека зборуваше – со раката весело ми мавташе и се стопи со друштвото на вратата.

Прилично засрамен затоа што во првата пригода останав толку доцна, им се придружив на последни-

те гости на Гетсби, кои беа собрани околу него. Сакав да му објаснам дека го барав на почетокот на вечерта и да му се извинам што не го препознав во градината.

„Нема проблем“, ми рече енергично. „Немој ни да размислуваш за тоа, стар пријателе“. Ми ја стави раката на рамото, а тоа ме охрабри уште повеќе од оној познат израз на лицето. „И немој да заборавиш дека утре наутро одиме со хидроавионот, во девет“.

Тогаш батлерот се јави зад него:

„На телефон е Филаделфија, господине“.

„Во ред, доаѓам. Кажи им дека веднаш ќе дојдам... Добра ноќ“.

„Добра ноќ“.

„Добра ноќ“. Се насмевна – и одеднаш изгледаше дека е приватна привилегија да бидеш меѓу тие што си одат последни, како тој да го сакал тоа цело време. „Добра ноќ, стар пријателе... Добра ноќ“.

Меѓутоа, кога се симнував по скалите видов дека вечерта не е целосно завршена. На петнаесет метри од вратата, десетина фарови осветлуваа една бизарна и бучна глетка. Во дупката покрај патот лежеше новото купе, кое го напушти дворот на Гетсби пред некоја минута. Остриот преден дел на автомобилот беше искривен затоа што тркалото беше излетано, а токму тоа го привлекуваше вниманието на десетина љубопитни возачи. Меѓутоа, со оглед на тоа што тие ги имаа оставено своите автомобили и го блокираа патот, веќе некое време се слушаше свирењето од автомобилите на тие што останаа одзади, а тоа придонесуваше за зголемување на и така големиот хаос.

Еден човек во долг мантил излезе од удрениот автомобил и застана на средина на патот гледајќи од

автомобилот кон тркалото и од тркалото кон набљудувачите на пријатно збунет начин.

„Гледајте!“, објаснуваше. „Падна во дупката“.

Тој факт за него беше крајно збунувачки, така што прво го препознав тоа необично својство на чудење, а потоа и човекот – посетител на библиотеката на Гетсби.

„Како се случи ова?“

Ги поткрена раменатa.

„Не знам ништо за механика“, рече отсечно.

„Но, како се случи? Дали удривте во ѕидот?“

„Не прашувајте“, рече отсечно оградувајќи се од сè. „Знам многу малку за возењето – речиси ништо. Се случи и тоа е единственото нешто што го знам“.

„Ако сте лош возач, тогаш не би требало да возите ноќе“.

„Но, не се ни обидував“, објасни луто, „не се ни обидував“.

Настапи изненадувачка тишина.

„Дали сакате да извршите самоубиство?“

„Имавте среќа што излета само тркалото! Лош возач, а не се ни *обидувал*!“

„Вие не разбирате“, објасни виновникот. „Не возев јас. Во автомобилот има уште еден човек“.

Шокот што следуваше по оваа изјава се потврди во продолженото „А-х-х!“, а тогаш вратата на купето почна полека да се отвора. Големата група луѓе – сега во прашање беше голема група луѓе – инстинктивно се повлече назад, а кога вратата се отвори до крај, настапи целосен молк. Тогаш, многу бавно, дел по дел, бледа нестабилна фигура излезе од удрениот автомобил, несигурно згазнувајќи на земјата со големите чевли за танц.

Заслепена од светлината на фаровите и збунета од постојаното свирење на автомобилите, фигурата неколку моменти стоеше нишајќи се, сè додека не го забележи човекот во мантилот.

„Што се случи?“, праша мирно. „Дали останавме без бензин?“

„Погледни!“

Десетина прсти покажуваа на излетаното тркало – човекот што излезе од удрениот автомобил бледо гледаше на момент, а потоа погледна нагоре како тркалото да паднало од небото.

„Излета“, објасни некој.

Тој кимна со главата.

„Прво, не ни забележив дека сме застанале“.

Замолчи. Потоа, воздивнувајќи длабоко и исправувајќи ги градите, рече решително:

„Ќе сака ли некој да ми каже каде е бензинската станица?“

Барем неколку луѓе, од кои некои беа во малку подобра состојба од него, му објасниј дека тркалото и автомобилот веќе не се поврзани со никаква физичка врска.

„Повлечете се!“, рече по неколку моменти. „Ќе возам во рикверц“.

„Но, *тркалото* излета!“

„Нема да пречи ако се обидам“.

Завивањето на сирените на автомобилите го достигна врвот и јас преку тревникот тргнав дома. Уште еднаш се свртев. Месечевиот колач сјаеше над куќата на Гетсби, ја разубавуваше ноќта како и претходно надживувајќи ја смеата и буката на неговата светла градина. Од прозорците и големите врати како да почна да тече изненадувачка празнина замотувајќи ја во целосна осаменост фигурата на до-

маќинот, кој стоеше на балконот со раката во свечена поза при поздрав за разделба.

* * *

Читајќи го тоа што го напишав досега гледам дека имам оставено впечаток дека настаните што се случуваа во текот на три ноќи, во период од неколку недели, се единственото нешто што ме преокупирало. Но, напротив, тие беа само попатни случувања во тоа зафатено лето и тогаш тие го привлекуваа моето внимание многу помалку од подоцна.

Најголемиот дел од времето работев. Рано наутро сонцето ја фрлаше мојата сенка кон запад додека одев низ белите патишта на долниот Њујорк кон Пробит Траст. Ги знаев другите чиновници и млади продавачи на обврзници по име, ручав со нив во мрачни, преполни ресторани, каде што јадев свински колбаси со пире од компир и пиев кафе. Дури и имав кратка врска со една девојка што живееше во Џерси и работеше во сметководство, но нејзиниот брат почна да ме стрела со непријатни погледи, па тивко ја прекинав врската кога таа во јули замина на одмор.

Обично вечерав во универзитетскиот клуб на Јејл – тоа од некои причини беше најмрачниот дел од мојот ден – а потоа се качував во библиотеката и внимателно ги проучував инвестициите и осигурувањата. Во близина секогаш имаше вревации, но тие не доаѓаа во библиотеката, така што таа беше вистинско место за работа. Потоа, ако ноќта беше пријатна, шетав бавно низ авенијата Медисон покрај хотелот *Марej Хил* и преку 33. улица до станицата Пенсилванија.

Го засакав Њујорк, посебно авантуристичкото чувство што го даваше градот во ноќта и задоволството што постојаното движење на мажите и жените и на машините му го дава на немирниот поглед. Сакав да шетам по Петтата авенија и меѓу масата луѓе да ги набљудувам романтичните жени замислувајќи дека за некоја минута ќе влезам во нивниот живот, а дека никој нема да дознае за тоа, ниту да ми забележи. Понекогаш во мислите ги следев до некој стан на аголот на некоја скриена улица, а тие се вртеа кон мене и ми се насмевнуваа пред да исчезнат низ вратата во топлата темнина. Во волшебните ноќи на големиот град понекогаш чувствував голема самотија, но ја чувствував и во другите луѓе – во измачените млади чиновници, кои се вртат околу излогот чекајќи самечка ресторанска вечера – младите чиновници во ноќта, кои на тој начин ги трошат најубавите моменти на ноќта и на животот.

А во осум часот, кога темните тесни улици што почнуваат со бројот четириесет беа исполнети со такси-возила, кои беа подготвени да тргнат кон театралниот крај на градот, срцето незгодно ме стегаше. Човечки контури влегуваа во такси, се слушаше песна и смеа на новите вицеви, запалените цигари правеа неразбирливи кругови чад. Замислувајќи дека и јас брзам кон таа веселба и дека го споделувам нивното интимно возбудување, им посакував да си поминат убаво.

Некое време ја загубив од вид Џордан Бејкер, а потоа кон средината на летото повторно ја најдов. Во почетокот, ми годеше тоа што со неа одам на разни места бидејќи таа беше шампион во голф и сите знаеја која е таа. Имаше тука уште нешто. Всушност, не бев вљубен, но чувствував некој вид нежна

љубопитност. Нејзиното здодевно гордо лице што им го покажуваше на луѓето криеше нешто друго – извештаченоста воглавно крие нешто на крајот, иако на почетокот – и еден ден дознав што е тоа. Кога бевме заедно на една домашна забава во Ворвик, таа го остави автомобил земен на заем на дождот и во тој момент излажа нешто – а јас одеднаш се сетив на приказната за неа, на која не можев да се сетам онаа вечер кај Дејзи. За нејзиниот прв голем турнир се крена голема врева и сето тоа за малку не стигна до весниците – тоа дека на измама влегла во полуфиналето. Оваа работа беше на пат да стане скандал – а потоа сè беше прикриено. Момчето што ги носи нејзините стапови додека игра голф ја повлече изјавата, а единствениот друг сведок призна дека, можеби, погрешил. Тој инцидент и името ми останаа во сеќавање.

Џордан Бејкер инстинктивно ги избегнуваше паметните, остроумни мажи, а сега увидов дека тоа е така бидејќи се чувствува посигурно на теренот на кој секое отстапување од кодексот е невозможно. Таа беше неизлечливо неискрена. Не можеше да поднесе да биде во подредена позиција и со оглед на таквата неподготвеност, почна да се преправа уште додека беше многу млада, со цел да ја одржи таа студена, дрска насмевка наменета за луѓето, а сепак да ги задоволува потребите на нејзиното затегнато, женствено тело.

На мене ми беше сеедно. Неискреноста кај жените е нешто што никогаш не го осудувате премногу – всушност, некое време ми беше криво, а потоа заборавив. На истата домашна забава имавме интересен разговор за возењето. Го почнавме затоа што таа помина толку блиску до едни работници што за малку

нашиот браник ќе откинеше копче од палтото на еден човек.

„Ти си лош возач“, се побунив. „Или треба да бидеш повнимателна или воопшто да не возиш“.

„Јас сум внимателна“.

„Не, не си“.

„Важно е другите да внимаваат“, рече весело.

„Каква врска има тоа?“

„Па, ќе ми се тргаат од патот“, беше упорна. „За несреќа се потребни двајца“.

„А, што ако, на пример, налеташ на некој што е невнимателен исто како и ти?“

„Се надевам дека нема да дојде до тоа“, ми одговори. „Мразам невнимателни луѓе. Затоа ми се допаѓаш“.

Нејзините сиви напрегнати очи гледаа право напред, а таа со намера се префрли на една нова димензија на нашиот однос, така што на момент ми се причини дека ја сакам. Меѓутоа, јас реагирам бавно и сум полн со внатрешни правила, кои според моите желби дејствуваат како сопирачки, и затоа бев свесен дека морам дефинитивно да се соземам и да се извлечам од јазолот настанат дома. Еднаш неделно пишував писма и ги потпишував со: „Те сакам, Ник“, а единственото нешто за што можев да размислувам е тоа како на горната усна на таа девојка се појавува капка пот. Сепак, постоеше нејасно разбирање со кое требаше тактички да се раскрсти пред да се ослободам.

Секој човек смета дека има барем една голема доблест, а мојата е следна: јас сум еден од оние ретко искрени луѓе што воопшто ги имам запознато.

IV. ПОГЛАВЈЕ

Во недела наутро, додека во селата по должина на брегот ѕвонеа црковните ѕвона, белиот свет се враќаше во куќата на Гетсби и весело сјаеше на неговиот тревник.

„Тој е шверцер на забранети алкохолни пијалаци“, зборуваше една дама вртејќи се меѓу неговите коктели и цвеќиња. „Еднаш уби човек затоа што дозна дека е внук на фон Хинденбург и далечен роднина на нечесниот. Подај ми ја розата, драги, и стави ми уште некоја капка во таа кристална чаша“.

Еднаш на листот за возниот ред ги запишав имињата на сите што тоа лето доаѓаа во куќата на Гетсби. Сега тоа е стар возен ред, сосем прекршен на преклопи и именуван: „Овој возен ред важи до петти јули 1922 година“. Сепак, сè уште можам да ги прочитам избледените имиња, кои, повеќе од моите забележувања, ќе ви кажат за луѓето што уживаа во гостопримството на Гетсби и ја изразуваа нивната благодарност со тоа што ништо не знаат за него.

Од ИстЕг тогаш доаѓаа Честер-Бекерови и Личиеви, па човекот со име Бансен, кого го познавав од Јејл и доктор Вебстер Сивет, кој минатото лето се удави во Мејн. Потоа Хорнбимови и Вили-Волтерови, па целиот клан Блекбакови, кои секогаш се собираа во некој агол и го креваа носот како јарци на секој што ќе им се приближеше. Исмаеви и Кристиеви (или поточно Хуберт Ауербах и сопругата на господин Кристи), па Едгар Бивер, чијашто коса, велат, му

побелела во текот на една зимска ноќ без никаква причина.

Кларенс Ендајв, колку што се сеќавам, беше од ИстЕг. Дојде само еднаш, во бели панталони за голф, и се скара во градината со скитник со име Ети. Од оддалечениот дел на островот доаѓаа Чидлови, О. Р. П. Шредерови и Стонвол Џексон Абрамс од Џорџија, па Фишгардови и брачната двојка Рипли-Снел. Господин Снел беше таму три дена пред заминувањето во затвор, беше толку пијан што на влезниот пат госпоѓа Свет премина со автомобилот преку неговата десна рака. Доаѓаа и Дансиеви, и С. Б. Вајтбејт, кој одамна ја имаше поминато шеесеттата година, па Морис А. Флинк, Хамерхедови и Белуга, увозник на тутун, и неговите „ќерки".

Од ВестЕг доаѓаа Полови и Малредијеви, Сесил Ребак и Сесил Шен, државниот сенатор Гулик и Њутн Оркид, кој ја водеше филмска куќа *Пар екселанс*, па Екхауст и Клајд Коен и Дон С. Шварц (синот) и Артур Мекарти, сите на некој начин поврзани со филмот. Потоа Кетлипови и Бембергови и Г. Ерл Малдун, братот на оној Малдун што подоцна ја застрела својата жена. Таму доаѓаше и Да Фонтано, основачот на истоимената фирма, па Ед Легрос и Џејмс Б. Ферет, Де Џонгови и Ернест Лили – тие доаѓаа да се коцкаат, а кога Ферет ќе дојдеше во градината тоа значеше дека е шворц и дека следниот ден трамвајските обврзници значително ќе скокнат.

Човекот наречен Антилопа беше таму толку често и престојуваше толку долго, што почнаа да го викаат „потстанар" – се сомневам дека имаше некоја друга куќа. Од луѓето од театарот доаѓаа: Гус Вејз, Хорас О'Донован, Лестер Мајер, Џорџ Даквид и Френсис Бул. Исто така, од Њујорк доаѓаа и: Хромо-

ви, Бехајсонови, Деникерови и Расел Бети, Коригановци и Клерови, Деваровци и Скалиеви, па С. В. Белчер и Смиркови и младата брачна двојка Квин, сега разведени, па Хенри Л. Палмето, кој се самоуби скокнувајќи под возот на метрото на Тајмс сквер.

Бени Мекленан секогаш доаѓаше со четири девојки. Тие никогаш не беа истите, но толку многу си личеа што се чинеше дека имаат доаѓано порано. Заборавив како се викаа – мислам дека беа Жаклина, или Консуела, или Глорија, Џуди или Џун, а нивните презимиња беа мелодични имиња на цвеќиња и месеци или сериозни презимиња на големи американски капиталисти, за кои на нечие инсистирање признаваа дека им се роднини.

Покрај сите овие, се сеќавам уште дека барем еднаш дојде Фаустина О'Брајен, па сестрите Бедекер и младиот Бруер, на кого во војната му беше откинат носот, господин Албрукзбургер и госпоѓица Хаг, неговата свршеница, Ардита Фиц-Питерс и господин П. Џует, некогашен командант на Американската легија, па госпоѓица Клаудија Хип, со типот што беше познат како нејзин возач и некаков принц, кого го викавме Војвода и чиешто име го заборавив, ако воопшто го знаев.

Сите овие луѓе доаѓаа кај Гетсби тоа лето.

* * *

Едно утро, кон крајот на јули, во девет часот, величественият автомобил на Гетсби полека се приближи до мојата врата и бучно засвири со својата моќна сирена. Тоа беше првпат да дојде кај мене, иако јас веќе бев на две негови забави, се возев со него

во хидроавион и на негово инсистирање, често ја користев неговата приватна плажа.

„Добро утро, стар пријателе. Денеска ќе ручаш кај мене и си помислив малку да се повозиме“.

Балансираше на командната табла на автомобилот со онаа разновидност на движења, која е типично американска – мислам дека потекнува од недостиг на физичка работа во младоста, а уште повеќе од леснотијата на нашите нервозни, безначајни игри. Таа особина постојано избиваше во облик на нервоза од неговите одмерени манири. Никогаш не беше сосема смирен; или тапкаше со ногата или нервозно ја отвораше и затвораше дланката.

Забележа дека одушевено го гледам неговиот автомобил.

„Убав е, зар не, стар пријателе?“ Се потргна за да ми овозможи подобро да го видам. „Зар не си го видел порано?“

Го имав видено. Сите го имаа видено. Имаше богата крем боја, беше никлован, во својата монструозна величина овде и онде беше натежнат од прекрасните кутии шапки, храна, алат и имаше цел лавиринт од стакла во кои се огледуваа десетина сонца. Седејќи така меѓу многуте слоеви стакла во некој вид зелен тапациран стакленик, тргнавме кон градот.

Минатиот месец неколкупати разговарав со него и открив, за жал, дека тој има малку што да каже. Така мојот прв впечаток, дека станува збор за човек од големо значење, постепено исчезна и тој, едноставно, стана сопственик на палатата во првото соседство.

А тогаш дојде тоа вознемирувачко возење. Не стигнавме ни до ВестЕг, а Гетсби почна да ги остава незавршени своите елегантни реченици да се удира по коленото на сивите панталони со боја на карамела.

„Слушај, стар пријателе“, рече одеднаш, „што мислиш ти за мене?“

Помалку изненаден, почнав да се извлекувам во согласност со прашањето.

„Па, ќе ти кажам нешто за својот живот“, ме прекина тој. „Не сакам од сите тие приказни за мене да донесеш погрешни заклучоци“.

Значи, беше свесен за бизарните обвинувања што ги зачинуваа разговорите во неговите ходници.

„Ќе ти ја кажам вистината“. Со десната рака ја повикуваше божјата казна да биде подготвена во случај да не ја зборува вистината. „Дете сум од богато семејство од Средниот Запад – сите се починати. Пораснав во Америка, но се школував на Оксфорд затоа што сите мои предци беа таму школувани. Се работи за семејна традиција“.

Ме гледаше некако попреку – и ми беше јасно зошто Џордан Бејкер сметаше дека лаже. Некако го забрза тоа „се школував на Оксфорд“, или ги голтна зборовите, или нешто му застана во грлото, како некогаш да му правело проблеми. Со овој сомнеж целото негово тврдење се распадна на парчиња, па се прашував дали во него има нешто лошо.

„Од кој дел на Средниот Запад?“, прашав само за да кажам нешто.

„Од Сан Франциско“.

„Се разбира“.

„Сите членови на моето семејство се починати и така дојдов до поголема количина пари“.

Гласот му беше свечен, како сеќавањето на ненадејното гаснење на целата лоза сè уште да го прогонува. На момент помислив дека сака да ме испровоцира, но кога го погледнав сосем го сменив мислењето.

„Потоа живеев како млад раџа во сите европски престолнини – Париз, Венеција, Рим – купував скапоцени камења, најмногу рубини, ловев крупен дивеч, по малку сликав и се обидував да заборавам една тажна работа што одамна ми се случи".

Едвај успеав да се воздржам и да не се насмеам бидејќи не му верував. Фразите со кои се служеше беа толку излитени што во мене будеа слика на „лик" со турбан од кој излегуваат струганици додека брка тигар низ Болоњската Шума.

„Потоа, стар пријателе, дојде војната. Тоа беше големо олеснување и со цело срце се трудев да загинам, но како да бев маѓепсан. Ме унапредија во потпоручник кога почна војната. Во Арагонската Шума го поведов остатокот од митралескиот батаљон, толку напред што од двете страни се наоѓаше процеп од половина милја низ кој пешадијата не можеше да напредува. Останавме тука два дена и две ноќи, сто и триесет луѓе со шеснаесет митралези, а кога пешадијата, конечно, дојде, затече обележја на три германски дивизии меѓу многуте мртви тела. Ме унапредија во чин мајор и ме одликуваа сите сојузни влади – дури и Црна Гора, малата Црна Гора на Јадранско Море!"

Малата Црна Гора! Гласно ги изговори овие зборови и кимна со главата – насмевнувајќи се. Таа насмевка ја одразуваше бурната историја на Црна Гора и сочувство со храбрата борба на црногорскиот народ. Тој во целост ги почитуваше националните околности што доведоа до изразување на благодарност на малото топло црногорско срце. Сега моето неверување беше потопено со одушевување; тоа личеше на истовремено прелистување на десетина списанија.

Ја стави раката в џеб и парче метал што висеше на лента падна во мојата дланка.

„Тоа е одликувањето што ми го додели Црна Гора".

На мое изненадување, тој предмет личеше автентично. *Orderi di Danilo*, пишуваше во полукругот, *Montenegro, Nicolas Rex.*

„Сврти го".

На мајорот Џеј Гетсби, прочитав, *за исклучителната храброст.*

„Еве уште нешто што секогаш го носам. Спомен од деновите на Оксфорд. Фотографирано во дворот на Светото Тројство – човекот лево од мене сега е грофот од Донкастер".

Тоа беше фотографија на шест момчиња во студентски блузи, кои се одмораат на влезот зад кој се гледаат мноштво од камбанарии. Тука беше и Гетсби, кој изгледаше малку, не многу, помлад – со стап за крикет во раката.

Тогаш сè е вистина. Ги здогледав кожите на тигрите како блескаат во неговата палата во Големиот канал; забележав како отвора кутија со рубини за во нивната занесувачка длабочина да си го олесни тешкото страдање на срцето.

„Денес од тебе ќе побарам една многу голема услуга", рече враќајќи ги со задоволство сувенирите во џебот, „па, си мислев дека треба да знаеш нешто за мене. Не сакав да мислиш дека сум никој и ништо. Гледаш, обично се наоѓам меѓу непознати луѓе затоа што одам насекаде обидувајќи се да ја заборавам онаа тажна работа што ми се случи". Застана. „Ќе слушнеш попладне".

„На ручекот?"

„Не, попладне. Случајно дознав дека ќе ја носиш госпоѓица Бејкер на чај".

„Сакаш да кажеш дека си вљубен во госпоѓицата Бејкер?“

„Не, стар пријателе, не сум. Туку госпоѓицата Бејкер љубезно се согласи да разговара со тебе за таа работа“.

Немав поим што значи „таа работа“, но повеќе ме заморуваше отколку што ме интересираше. Не ја викнав госпоѓицата Бејкер на чај за да разговарам за Џеј Гетсби. Бев сигурен дека неговата молба ќе биде нешто навистина ексцентрично, така што на момент зажалив што некогаш сум стапнал на неговиот пренаселен тревник.

Не сакаше да каже ни еден збор повеќе. Неговата коректност сè повеќе ми се допаѓаше како што се приближувавме кон градот. Го поминавме пристаништето Рузвелт, каде што за момент ги видовме прекуокеанските бродови со црвени ленти, набрзина поминавме низ сиромашниот дел на градот со калдрма и сè уште активните салони од почетокот на векот. Тогаш од двете страни се отвори Долината на пепелта и на минување ја видов госпоѓа Вилсон како со својата виталност се напрега на пумпата на работилницата.

Со браниците раширени како крилја ја прелетавме половина Асторија – само половина бидејќи додека се провлекувавме низ столбовите го слушнав она познато „икање“ на мотоцикл и бесниот полицаец пробрмчи покрај нас.

„Во ред, другар“, му довикна Гетсби. Забавивме. Извади бел лист од џебот и му го стави на полицаецот пред нос.

„Во ред е“, се согласи полицаецот допирајќи ја капата во знак на поздрав. „Следниот пат ќе ве препознаам г. Гетсби. Извинете!“

„Што се случи?“, прашав. „Разгледницата од Оксфорд?“

„Му направив услуга во една пригода, па секој Божик ми праќа честитка“.

Го преминувавме големиот мост, сонцето силно блескаше низ оградите одбивајќи се од автомобилот во движење, градот се издигнуваше преку реката во бели големи шеќерни коцки, изградени од сомнителни пари. Градот виден од Квинзборшкиот мост секогаш изгледа како да го гледате првпат во првото раскошно ветување на мистерија и убавините на светот.

Нè престигна еден покојник во мртовечка кола со цвеќе, следена од два автомобила со спуштени завеси и неколку повесели автомобили за пријателите. Пријателите нè погледнаа со трагичен поглед и мали горни усни на југоисточна Европа, па некако ми беше драго што прекрасниот автомобил на Гетсби е дел од нивната тажна церемонија. Додека поминувавме низ островот Блеквел, нè престигна една лимузина со бел возач, во која седеа тројца извештачени црнци, едно момче и една девојка. Гласно се насмеав кога нивните очи со надмено ривалство залутаа кон нас.

„Сега кога го поминавме овој мост може сè да се случи“, и помислив: „Нека се случи што и да е...“

Дури и Гетсби може да се случи како нешто нормално.

* * *

Жешко попладне. Во еден подрум во Четириесет и втората улица, со добра вентилација, се најдов на ручек со Гетсби. Мижуркајќи и одбивајќи го блескавото сонце од надвор, видов дека разговара со некој човек во полутемниот ходник.

„Господине Каравеј, ова е мојот пријател господин Волфшим".

Малиот Евреин со плоскав нос ја подигна својата крупна глава и ме погледна со двете влакна што растеа над неговиот нос. По неколку моменти ги видов и неговите ситни очи во полутемнината.

„И така го погледнав", рече г. Волфшим ракувајќи се со мене, „и што мислиш дека направив?"

„Што?", прашав пристојно.

Но, очигледно тој не ми се обраќаше мене бидејќи ја испушти мојата рака и го прекри Гетсби со својот изразит нос.

„Му дадов пари на Кетспо и му реков: ‚Во ред, Кетспо, немој да му дадеш ни една пара додека не ја затвори устата'. И веднаш ја затвори".

Гетсби нè фати за рацете и нè воведе во ресторанот, на што господин Волфшим ја проголта новата реченица што ја беше почнал и потона во месечаревo молчење.

„Виски со сода?", праша келнерот.

„Ова е убав ресторан", рече господин Волфшим гледајќи ги нимфите на плафонот. „Но мене повеќе ми се допаѓа ресторанот отспротива!"

„Да, виски со сода", се согласи Гетсби, а потоа му рече на господин Волфшим: „Таму е премногу топло..."

„Топло и тесно – да", рече господин Волфшим, „но, полно со спомени".

„Кој е тој ресторан?", прашав јас.

„*Стариот Метропол*".

„*Стариот Метропол*", рече господин Волфшим замислено. „Исполнет со лица, кои повеќе ги нема. Исполнет со пријатели, кои заминаа засекогаш. Сè додека сум жив нема да ја заборавам вечерта во која

Рози Розентал беше убиен таму. Бевме шестмина на маса, а Рози многу пиеше и јадеше целата вечер. Кога речиси се раздени, му се доближи келнерот со смешен изглед и му рече дека некој го бара надвор. ‚Во ред', рече Рози и почна да станува, а јас го повлеков да седне.

‚Гадовите нека дојдат тука ако сакаат да те видат Рози, но, по ѓаволите, ти не смееш да излезеш од тука'".

„Беше четири часот наутро и да ги подигневме завесите ќе видиме дека се разденило".

„Дали излезе?", прашав наивно.

„Се разбира дека излезе". Носот на господин Волфшим налутено се помести кон мене. „Кога дојде до вратата се сврти и рече: ‚Не давајте му на келнерот да го однесе моето кафе!' Потоа излезе на тротоарот, го погодија трипати во полниот стомак и избегаа со автомобил".

„Четворицата беа погубени на електрична столица", реков присетувајќи се.

„Петмина, со Бејкер". Неговите ноздри се свртеа заинтересирано кон мене. „Како што слушнав, потребна ти е врска за работа".

Изненадувачки ми се чинеа овие забелешки една покрај друга. Место мене, одговори Гетсби.

„Ох, не", рече тој, „не е тој човек".

„Не е?" Господин Волфшим беше разочаран.

„Ова е само пријател. Ти реков дека за тоа ќе разговараме друг пат".

„Не ми е јасно", рече господин Волфшим, „имав погрешен човек".

Стигна вкусниот ѓувеч и господин Волфшим заборавајќи ја сентименталната атмосфера на *Стариот Метропол* почна алчно да јаде. Во меѓувреме,

неговиот поглед полека ја обиколуваше целата просторија – кругот на обиколката заврши кон луѓето што седеа директно зад нас. Мислам дека, да не бев јас присутен, ќе погледнеше и под нашата маса.

„Слушај пријателе“, рече Гетсби наведнувајќи се кон мене, „се плашам дека утрово малку те изнервирав во автомобилот“.

Уште еднаш се насмевна, но овој пат му одолеав.

„Не сакам мистерии“, му возвратив, „и не ми е јасно зошто отворено не ми кажеш што сакаш. Зошто сето тоа мора оди преку госпоѓица Бејкер?“

„Ах, нема тука ништо таинствено“, ме уверуваше тој. „Госпоѓица Бејкер е голем спортист и никогаш не би направила нешто што не е во ред“.

Одеднаш погледна на часовникот, скокна и истрча од ресторанот оставајќи ме мене на масата со господин Волфшим.

„Мора да телефонира“, рече господин Волфшим следејќи го со погледот. „Добар човек, зар не? Убав за гледање и совршен господин“.

„Да“.

„Тој е од Оксфорд“.

„Навистина!“

„Студирал на Оксфорд во Англија. Си слушнал за Оксфорд?“

„Да, да, сум слушнал“.

„Тоа е еден од најпознатите колеџи на светот“.

„Дали одамна го познавате господин Гетсби?“, прашав.

„Неколку години“, весело одговори. „Имав чест да го запознаам веднаш по војната. По еден час разговор со него знаев дека сум открил човек со мани-ри. Си реков себеси: ‚Тој е човек што би сакал да го однесеш дома и да го претставиш на мајка ти и на се-

стра ти'". Застана. „Гледам дека ги набљудуваш моите копчиња на манжетните".

Не ги гледав, но сега почнав да ги гледам. Беа составени од чудно познати парчиња на слонова коска.

„Ова се најубавите примероци што човек може да ги направи", рече тој.

Се загледав во копчињата. „Многу интересна идеја".

„Да". Ги заврти ракавите под сакото.

„Да. Гетсби е многу внимателен во односот кон жените. Жената пријател не би ја ни погледнал".

Кога предметот на ова спонтано поверување се врати и седна на масата, господин Волфшим нагло го испи кафето и стана.

„Убаво ручав", рече тој, „и сега ќе побегнам од вас две момчиња пред да го преседам времето на добредојде".

„Немој да брзаш Мајер", доста млако рече Гетсби. Господин Волфшим ја подигна раката како да дава благослов.

„Многу си љубезен, но јас припаѓам на друга генерација", рече сериозно. „Останете овде и разговарајте за спортот и за жените и за..." Со друго движење на рацете ја извајa замислената именка. „Што се однесува до мене, јас имам педесет години и не сакам повеќе да ве заморувам".

Кога се ракуваше и се сврти да си оди, неговиот трагичен нос трепереше. Се прашував дали реков нешто со што го навредив.

„Понекогаш е многу сентиментален", објасни Гетсби. „Денес е еден од тие сентиментални денови. Него го познаваат во Њујорк – вистински жител на Бродвеј".

„Што е тој, актер?"

„Не“.

„Забар?“

„Мајер Волфшим? Не, туку коцкар“. Гетсби направи мала пауза, а потоа студено додаде: „Тој е човекот што во 1919 година го лажираше финалниот натпревар во бејзбол“.

„Го лажираше финалниот натпревар?“, повторив.

Ова ме шокираше. Се разбира, се сеќавав дека финалето во 1919 година беше лажирано, но ако воопшто размислував за него, мислев како на нешто што едноставно *се случило*, како крај на некој неизбежен синџир. Никогаш не би ми паднало на памет дека еден човек може да си игра со вербата на педесет милиони луѓе – со дрскост на обивач на сефови.

„Како успеа во тоа?“, прашав по паузата.

„Само ја почувствува шансата“.

„Зошто не е в затвор?“

„Не можат да го фатат, стар пријателе. Итар е тој“.

Ја платив сметката, не му дозволив на Гетсби тој да го направи тоа. Кога келнерот ми го донесе кусурот, го забележав Том Бјукенен на другата страна на ресторанот.

„Дојди со мене на момент“, реков, „морам да поздравам некого“.

Кога нè забележа, Том буквално се стрча кон нас.

„Каде беше?“, остро праша. „Дејзи е бесна затоа што те нема да дојдеш“.

„Ова е господин Гетсби, господине Бјукенен“.

Се ракуваа, а преку лицето на Гетсби помина напнат чуден израз на збунетост.

„И како си?“, ме праша Том. „Како е можно да си дошол дури до тука за да јадеш?“

„Ручав со господин Гетсби“.

Се свртев кон господин Гетсби, но тој повеќе не беше таму.

* * *

„Еден октомвриски ден 1917 година“, ми раскажуваше Џордан Бејкер тоа попладне седејќи многу вкочането на правиот стол во градината на хотелот *Плаза*, „одев низ градот, малку по тротоарите, малку по тревниците. Поубаво се чувствував на тревниците затоа што имав чевли од Англија, со гумени чепови на ѓоновите кои се забодуваа во меката земја. Носев нов кариран фустан што малку се подигнуваше на ветерот, а кога ќе се случеше тоа, црвените, белите и сини знамиња пред сите куќи ќе се занишаа негодувајќи.

Најголемото знаме и најголемиот тревник ѝ припаѓаа на Дејзи Фејн. Тукушто имаше навршено 18 години, беше две години постара од мене и, се разбира, најпопуларната девојка во Луисвил. Се облекуваше во бело и имаше бел спортски автомобил, така што телефонот во нејзината куќа sвонеше по цел ден и младите офицери од логорот Тејлор ја бараа привилегијата да резервираат за таа вечер. ‚Барем на еден час!'

Кога тоа утро дојдов спроти нејзината куќа, нејзиниот бел автомобил се наоѓаше покрај тротоарот, а таа седеше во него со еден поручник кого го немав видено претходно. Беа толку занесени што не ме забележаа сè додека не се најдов на два чекори од нив.

‚Здраво Џордан', рече таа неочекувано. ‚Те молам, влези.'

Бев почестена што таа сака со мене да разговара бидејќи од сите постари девојки најмногу ѝ се одушевував на неа. Ме праша дали одам во Црвениот крст

да правам завои. Одев таму. Ќе сакам ли тогаш да им кажам дека таа не може да дојде тој ден? Додека Џејзи зборуваше, офицерот ја гледаше на тој начин на кој секоја млада девојка посакува некогаш да ја гледаат, а бидејќи тоа мене ми изгледаше романтично, го запаметив тој настан засекогаш. Тој се викаше Џеј Гетсби и од тој ден не го видов повеќе од четири години – ни кога го сретнав на Лонг Ајленд не сфатив дека станува збор за истиот човек.

Тоа беше во деветстотини и седумнаесеттата. Следната година и сама имав неколку љубови и почнав да играм на турнири, така што не ја гледав често Џејзи. Таа се дружеше со малку постари – ако воопшто излегуваше со кој било. За неа кружеа непријатни озборувања – како една зимска ноќ мајка ѝ ја затекла како се пакува за Њујорк за да се поздрави со војникот кој заминува за Европа. Беше спречена, но со семејството не разговараше неколку недели. Потоа не се гледаше со војници, туку само со неколкуте кратковиди момчиња во градот, кои не беа способни за војска.

Следната есен повторно беше среќна, среќна како некогаш. Се врати во друштвото по потпишувањето на мирот, а во февруари се зборуваше дека е свршена за некој човек од Њу Орлеанс. Во јуни се омажи за Том Бјукенен од Чикаго, со спектакл каков што Луисвил дотогаш немаше доживеано. Тој дојде со стотина луѓе во четири закупени вагони и изнајми цел кат во *Мулбах*, а на ден пред венчавката ѝ даде ѓердан од бисери вреден триста и педесет илјади долари.

Јас бев деверица. Дојдов во нејзината соба половина час пред свадбениот ручек и ја затеков како лежи на креветот во цветен фустан, убава како јунска ноќ – и пијана до бесвест. Во една рака држеше шише *совиньон*, а во другата писмо.

‚Честитај ми', промрмори. ‚Никогаш порано не сум пиела, а толку уживав'.

‚Што ти е Дејзи?'

Можам да ти кажам дека гадно се исплашив; никогаш немав видено некоја девојка да изгледа така.

‚Слушај душо моја', Претураше по кошницата за ѓубре што ја држеше до себе на креветот и го извлече ѓерданот од бисери. ‚Носи ги долу и врати ги на тој на кој му припаѓаат. Кажи дека Дејзи се премисли. Кажи: ‚Дејзи се предомисли!'

Почна да плаче – плачеше силно. Истрчав надвор и ја најдов слугинката на нејзината мајка, ја заклучивме вратата и ја ставивме во када со студена вода. Не сакаше да се раздели од писмото. Го држеше во кадата и го стискаше правејќи од него влажно топче, а ми дозволи да го ставам во кутијата за сапун кога виде дека се распаѓа како снегулка.

Меѓутоа, ништо не зборуваше. Ѝ стававме амонијак под носот и мраз на челото, ѝ го облековме фустанот половина час подоцна, кога излеговме од собата, бисерите беа околу нејзиниот врат, а оваа епизода беше завршена. Утредента во пет часот се омажи за Том Бјукенен не клепнувајќи и отиде на тримесечно крстарење по јужните морињa.

Ги видов кога се вратија во Санта Барбара и ми се причини дека никогаш немам видено невеста што е толку луда по својот маж. Ако тој само на момент ја напуштеше собата, таа почнуваше нервозно да се врти околу себе зборувајќи, ‚Каде отиде Том?' и имаше толку тажен израз на лицето сè додека не го видеше на вратата. Долго седеше на песокот држејќи ја неговата глава во скутот, галејќи ги неговите очи и гледајќи го со неизмерна радост. Беше прекрасно да ги гледаш заедно – едноставно да се смееш придушено и

восхитено. Се случи во август. Една недела по моето заминување од Санта Барбара, Том налета на запрежна кола на патот и му пукна гумата од автомобилот. Девојката што беше со него, исто така, се најде во весниците затоа што ја скрши раката – една од собарките од Санта Барбара.

Следниот април Дејзи доби девојче и тројцата заминаа на една година во Франција. Ги видов пролетта во Кан, па во Довиј и, најпосле, кога се вратија во Чикаго. Како што знаеш, Дејзи беше популарна во Чикаго. Се движеа во динамични друштва, сите беа млади, богати, нескротливи, но таа излезе совршено чиста од сето тоа. Можеби затоа што не пие. Голема предност е да не пиеш во друштво што се дави во алкохол. Можеш да го контролираш зборувањето, можеш да ги прикриеш малите недостатоци за никој да не ги забележи бидејќи нив не им ни грижа за тоа. Можеби Дејзи никогаш не ни доживеала некаква љубовна авантура – но, сепак, има нешто во нејзиниот глас...

Значи, пред околу шест недели, таа првпат по повеќе години слушна некој да го споменува Гетсби. Тоа беше кога јас те прашав тебе – се сеќаваш? – дали го запозна Гетсби во Вест Ег. Кога ти си замина, таа дојде во мојата соба и ме праша: ‚Кој Гетсби?' и кога го опишав – бев полусонлива – рече со многу чуден глас дека тоа, најверојатно, е човекот што некогаш го познавала. Дури тогаш јас го поврзав тој Гетсби со офицерот во нејзиниот бел автомобил".

* * *

Кога Џордан Бејкер ја заврши целата приказна, ние веќе го имавме напуштено хотелот *Плаза* половина час претходно, и во тој момент со *викторија* по-

минувавме низ Централ Парк. Сонцето заоѓаше зад високите згради во кои живееја филмските ѕвезди, а низ топлото паѓање на ноќта се издигнуваше пеењето на децата што беа собрани на тревата:

Јас сум заспан арапски шеик.
Твојата љубов ми припаѓа мене.
Кога ќе те совлада сонот ноќва
Ќе влезам во твојот шатор.

„Тоа било чудна коинциденција“, реков.

„Воопшто не станува збор за коинциденција“.

„Зошто не?“

„Гетсби ја купи таа куќа за Дејзи да биде од другата страна на заливот“.

Значи оние јунски ноќи тој не тежнееше само кон ѕвездите. Тогаш ми се врати во сеќавањето, одеднаш спасен од утробата на својот бесцелен сјај.

„Тој сака да знае“, продолжи Џордан, „дали си подготвен едно попладне да ја викнеш Дејзи во твојата куќа, а потоа и тој да дојде“.

Ме потресе невиноста на тоа барање. Чекаше пет години и купи палата во која на ноќните пеперуги им ја дарува светлоста на ѕвездите – за да може едно попладне да дојде во градината на еден непознат човек.

„Дали морав да го дознаам сето ова пред тој да побара една таква ситна работа?“

„Се плаши, чекаше толку долго. Мислеше дека ти би можел да се навредиш. Гледаш, тој, во суштина, е добар човек“.

Нешто ме загрижуваше.

„Зошто не бараше од тебе да ја договориш средбата?“

„Сака таа да ја види неговата куќа“, објасни. „А, твојата куќа е веднаш до неговата“.

„Ах!“

„Мислам дека некако очекуваше дека една вечер таа ќе се појави на една од неговите забави“, продолжи Џордан, „но, таа не се појави. Потоа, почна оддалеку да се распрашува за неа, па наиде и на мене. Тоа беше онаа вечер кога ме повика, а требаше да слушнеш колку внимателно ѝ се сврти на таа тема. Јас, се разбира, веднаш предложив ручек во Њујорк – мислев дека ќе полуди:

‚Не сакам да направам нешто што нема да биде во ред!‘, повторуваше. ‚Сакам да ја видам во соседството‘.“

„Кога му кажав дека ти си голем пријател на Том, сакаше да се откаже. Тој не знае многу за Том, иако вели дека со години ги читал весниците од Чикаго за да го види името на Дејзи некаде“.

Веќе беше темно, и кога стигнавме под некој мал мост, со раката го допрев златното рамо на Џордан, ја повлеков кон себе и ја викав на вечера. Одеднаш повеќе не размислував за Дејзи и Гетсби, туку за оваа невина, хармонична, спонтана личност, која се прекрива со општиот скептицизам и која провокативно се намести во мојата прегратка. Во ушите, како шлаканици, ме удираа следниве зборови: „Постојат само оние што се прогонети и оние што прогонуваат, вредни и уморни“.

„Мора и Дејзи да има нешто во животот“, промрмори Џордан.

„Сака ли таа да го види Гетсби?“

„Таа не смее да знае. Гетсби не сака таа да знае. Треба само да ја викнеш на чај“.

Ја поминавме бариерата на темните дрвја, а потоа и фасадата на Педесет и деветта улица, блокот на убави нежни светла што го осветлуваа паркот. За разлика од Гетсби и Том Бјукенен, јас немав девојка чиешто бестелесно лице плови по должината на темните венци и заслепувачките реклами, па цврсто ја прегрнав девојката до мене. Нејзината бледа, провокативна уста се насмеа, па ја приближив до себе уште посилно, овој пат ја припив до своето лице.

V. ПОГЛАВЈЕ

Кога дојдов дома во Вест Ег, таа вечер на момент се исплашив дека куќата ми се запалила. Два часа по полноќ и целиот тој дел од полуостровот блескаше искапен во светлоста што нереално паѓаше на дрвјата и светкаше по должина на жиците покрај патот. Кога го заобиколив аголот, видов дека куќата на Гетсби свети од подрумот до покривот.

Помислив дека е во прашање уште една забава, дива игра на криенка, при што целата куќа стои на располагање за игра. Меѓутоа, владееше целосна тишина. Се слушаше само ветерот во крошните на дрвјата, ветерот што ги нишаше жиците и ги гасеше и палеше светлата како куќата да намигнува во темнината. Кога моето такси си замина, забележав дека Гетсби ми доаѓа преку тревникот.

„Куќата ти изгледа како светски панаѓур“, реков јас.

„Навистина?“ Расеано се сврте кон неа. „Малку се шетав по собите, Ајде да одиме на Кони Ајленд, стар пријателе. Со мојот автомобил“.

„Премногу е доцна“.

„А, малку да се искапеме во базенот? Не го користев цело лето“.

„Морам да спијам“.

„Во ред“.

Стоеше и ме гледаше со потиснатата напнатост.

„Разговарав со госпоѓица Бејкер“, реков по неколку моменти. „Утре ќе ѝ се јавам на Дејзи и ќе ја викнам на чај“.

„Тоа е во ред“, рече рамнодушно. „Не сакам да ти правам проблеми“.

„Кој ден би ти одговарал?“

„Кој ден би ти одговарал *тебе*?“, ме поправи брзо. „Навистина не сакам да ти правам проблеми“.

„Може ли задутре?“

Малку се замисли. Потоа тивко рече:

„Морам да ја искосам тревата“.

Двајцата ја погледнавме тревата – имаше темна линија што ги раздвојуваше мојот запустен и неговиот убаво уреден тревник.

„Има уште една ситница“, рече несигурно и застана.

„Дали би сакал да одложиш за неколку денови?“, прашав.

„Ох, не е работата во тоа. Барем...“ Почнуваше на повеќе начини обидувајќи се да го најде вистинскиот. „Па, знаеш што, си мислев – па, слушај, стар пријателе, ти не заработуваш многу, нели?“

„Не многу“.

Ова како да го охрабри и тој продолжи со поголема самодоверба.

„Си мислев дека не заработуваш, ако ми простуваш – гледаш, јас водам некои мали работи, нешто како помошна линија, сфаќаш. Па си мислев ако не заработуваш многу – продаваш обврзници, нели, стар пријателе?“

„Се обидувам“.

„Е па ова сигурно ќе те интересира. Не би ти одземало многу време, а убаво би заработувал. Случајно станува збор за доверлива работа“.

Сега сфаќам дека под други околности ќе течеше разговорот за една од кризите во мојот живот. Меѓутоа, со оглед на тоа дека понудата беше очигледно еден вид противуслуга, немав друг избор освен да го пресечам.

„Имам многу работа“, реков. „Многу сум благодарен, но не би можел да прифатам дополнителни работни обврски“.

„Нема да треба да работиш ништо со Волфшим“. Очигледно помисли дека бегам од „врската“ што беше споменувана на ручекот, но го убедив дека греши. Чекаше уште малку надевајќи се дека јас ќе почнам разговор, но бев премногу замислен за да продолжам да разговарам, така што тој против своја волја си отиде дома.

Вечерта ме направи да се чувствувам отпуштено и среќно; мислам дека потонав во длабок сон веднаш штом ја затворив вратата зад себе. Затоа не знам дали Гетсби отиде на Кони Ајленд или уште колку време „ги разгледуваше своите соби“ додека целата негова куќа и понатаму блескаше од светлина. Следното утро □ се јавив на Дејзи од канцеларијата и ја викнав на чај.

„Немој да го земаш Том“, ја предупредив.

„Што?“

„Немој да го земаш Том“.

„Кој е Том?“, праша безгрижно.

На договорениот ден дождот не престануваше да паѓа. Во единаесет часот, човек со чадор, носејќи косачка, затропа на мојата врата и ми рече дека господин Гетсби ги испратил да ја искоси тревата. Тоа ме потсети дека заборавив да ѝ кажам на мојата Финкиња да се врати, па отидов со автомобил во Вест Ег да

ја побарам низ накиснатите улици со куќи обоени со бела боја и да купам шолји, лимон и цвеќе.

Цвеќето беше непотребно бидејќи во два часот пристигна цел стакленик со безброј саксии од Гетсби. Еден час подоцна, влезната врата нервозно се отвори и Гетсби, во бел костум, свилена кошула и вратоврска во златна боја, брзо влезе внатре. Беше блед, а големите подочници беа знак дека имал бессона ноќ.

„Дали е сè во ред?“, веднаш праша.

„Тревата изгледа убаво, ако мислиш на тоа“.

„Која трева?“, праша тапо. „Ах, тревата во дворот“. Погледна низ прозорецот, но судејќи по изгледот на неговото лице, не верувам дека нешто виде.

„Изгледа многу убаво“, рече тивко. „Во еден весник пишуваше дека дождот ќе престане околу четири. Мислам дека беше во *Журнал*. Имаш ли сè што ти е потребно за – чај?“

Го однесов во кујната каде што малку прекорно ја погледна Финкињата. Заедно ги погледнавме дванаесетте слатки од лимон од деликатесната продавница.

„Ќе одговараат ли?“, прашав.

„Се разбира, се разбира! Сосем се во ред!“, а потоа лицемерно додаде, „...стар пријателе“.

Половина час пред четири дождот се преобрази во влажна магла низ која понекаде паѓаа капки како роса. Гетсби со празен поглед го листаше примерокот на *Економија* на Клеј, се поттргнуваше на чекорите на Финкињата од кои се тресеше кујнскиот под и одвреме-навреме зиркаше кон замаглените прозорци како надвор да се случува цела низа невидливи, но вознемирувачки настани. На крајот стана и со несигурен глас ми кажа дека си оди дома.

„Зошто?“

„Никој нема да дојде на чај. Веќе е предоцна!“ Погледна во часовникот како да мора да оди итно на некое друго место. „Не можам да чекам цел ден“.

„Не биди луд, само две минути до четири е“.

Седна понизно, како да го присилувам на тоа, а во истиот момент се слушна звук на автомобилски мотор. Двајцата скокнавме и, помалку и сам изнамачен, излегов во дворот.

Под јоргованот, од кој интензивно капеше, доаѓаше голем отворен автомобил. Застана. Лицето на Дејзи, делумно прекриено со виолетовата шапка, ме погледна со заносна насмевка.

„Ова ли е твојата куќа, најмил мој?“

Восхитеното жуборење на нејзиниот глас беше вистинско освежување на дождот. Морав да го следам бранувањето на тој глас само со увото пред зборовите да почнат воопшто да допираат. Влажен прамен од косата лежеше како линија од сина боја преку нејзиното лице, а раката ѝ беше влажна од блескавите капки кога ја земав за да ѝ помогнам да излезе од автомобилот.

„Дали си вљубен во мене?“, ми рече тивко на уво, „или објасни ми зошто морав да дојдам сама?“

„Тоа е тајна на *Рекрентскиот замок*. Кажи му на возачот да отиде некаде на еден час“.

„Врати се за еден час Ферди“. Потоа сериозно промрмори: „Се вика Ферди“.

„Дали носот му е чувствителен на бензин?“

„Не верувам“, рече безгрижно. „Зошто?“

Влеговме во куќата. На мое големо изненадување, дневната соба беше празна.

„Навистина чудно“, реков изненадено.

„Што е чудно?“

Таа ја сврти главата затоа што на вратата се слушна тивко тропање. Излегов и ја отворив. Гетсби, блед како смрт, со рацете во џебовите од сакото како да се работи за тегови, стоеше во малата бара од вода и трагично гледаше во мене.

Со рацете во џебовите влезе во ходникот, се сврти нагло како да стои на жица и исчезна во дневната соба. Тоа не беше воопшто смешно. Свесен за силното чукање на сопственото срце, ја повлеков вратата спроти сè посилниот дожд.

Половина минута имаше целосен молк. Потоа од дневната соба слушнав придушено мрморење и смеа, по што следуваше жуборот на гласот на Дејзи:

„Се разбира дека ми е многу драго што те гледам повторно“.

Повторно настапи пауза; траеше страшно долго. Немав што да правам, па влегов во собата.

Гетсби, со рацете во џебовите, стоеше ослободено на каминот играјќи совршено спокојство, дури и здодевност. Главата му беше толку отпуштена што беше потпрена на стариот неисправен ѕиден часовник, така што од таа позиција неговите измачени очи ја гледаа Дејзи, која седеше, преплашена, но прекрасна, на работ од високиот стол.

„Ние се познаваме од порано“, тивко рече Гетсби. Ме погледна на момент, а неговите усни се раздвојија во обид да ми се насмевне. За среќа, часовникот го искористи тој момент за опасно да се искриви под притисокот на неговата глава, на што тој се заврти и го фати со растреперените прсти враќајќи го на место. Потоа седна, круто, со лакотот на потпирачот на каучот и со брадата в рака.

„Жал ми е за часовникот“, рече.

Сега моето лице се измени. Не можев да извлечам ни еден единствен израз од илјадниците изрази што талкаа низ мојата глава.

„Тоа е стар часовник“, им реков малоумно.

Мислам дека за момент сите поверувавме дека часовникот се скрши на милион парчиња на подот.

„Не сме се сретнале многу години“, рече Дејзи сосем смирено.

„Во ноември ќе бидат пет години“.

Автоматизмот на одговорот на Гетсби нè збунуваше сите барем уште неколку моменти. Ги кренав на нозе со очајничкиот предлог да ми помогнат околу чајот во кујната, но тогаш демонската Финкиња го донесе на подавалник.

Среде добредојдената збрка на шолји и лимони се воспостави одредена физичка хармонија. Гетсби се повлече на страна и додека Дејзи и јас разговаравме, гледаше де во едниот, де во другиот, со напнат, несреќен поглед. Меѓутоа, со оглед на тоа што мирот не беше цел сам по себе, во првиот погоден момент се извинив и станав.

„Каде ќе одиш?“, вознемирено ме праша Гетсби.

„Ќе се вратам брзо“.

„Морам да ти кажам нешто пред да одиш“.

Истрча по мене во кујната, ја затвори вратата и прошепоти: „О, боже!“, рече целиот во очај.

„Што се случи?“

„Ова беше страшна грешка“, рече вртејќи ја силно главата, „страшна, страшна грешка“.

„Само се збуни, тоа е сè“ и, за среќа, додадов: „И Дејзи се збуни“.

„И таа е збунета?“, повтори тој како да не верува.

„Исто колку што си ти“.

„Не зборувај толку гласно“.

„Се однесуваш како дете“, реков нетрпеливо. „И не само тоа, туку си и груб. Дејзи седи таму сама“.

Ја крена главата за да ме натера да замолчам, ме погледна со голем прекор и внимателно отворајќи ја вратата се врати во другата соба.

Излегов од задниот излез – исто како Гетсби кога нервозно направи круг околу куќата пред половина час – и истрчав до големото црно разгрането дрво, чиешто густо лисје претставуваше заштита од дождот. Дождот повторно паѓаше со сета сила, а мојот неуреден тревник, кој беше убаво искосен од градинарот на Гетсби, изобилуваше со мали калливи бари и праисториски мали мочуришта. Под стеблото немав во што да гледам, освен во големата куќа на Гетсби, така што гледав во неа, како Кант во црковната камбанарија, половина час. Ја изгради еден пивар во времето на помодното лудило, пред една деценија, а се зборуваше дека се согласил пет години да плаќа данок на сите куќички во соседството ако сопствениците се согласат да ги покријат покривите со слама. Можеби нивното одбивање го уништи неговиот план да основа семејна лоза – веднаш доби туберкулоза. Неговите деца ја продадоа куќата со црн венец што сè уште стоеше на вратата. Американците, иако подготвени, дури и многу расположени да бидат слуги, отсекогаш упорно одбивале да бидат селани.

По половина час сонцето повторно засвети и автомобилот со свежи намирници за вечера на слугите направи круг околу куќата на Гетсби – бев сигурен дека тој нема да вкуси ништо од тоа. Собарката почна да ги отвора горните прозорци на куќата, на момент се појавуваше на секој од нив и, потпрена на големиот централен праг, замислено плукаше во гра-

дината. Беше време да се вратам. Додека врнеше ми се чинеше дека го слушам жагорот на нивните гласови што повремено доаѓаше при ослободувањето на емоциите. Меѓутоа, во новонастанатата тишина, чувствував дека и во куќата почна да владее молк.

Влегов – откако на сите можни начини тропав низ кујната, освен што не ја превртев печката – но не верувам дека тие воопшто нешто слушнаа. Седеа на двата спротивни краја на каучот, загледани еден во друг како да е поставено некое прашање, или како да виси во воздухот, а секоја трага на конфузност беше исчезната. Лицето на Дејзи беше измачкано од солзи, а кога влегов таа скокна и почна да го брише со шамиче пред огледалото. Меѓутоа, промената на Гетсби беше едноставно изненадувачка. Буквално блескаше; без ниту еден збор или гест на восхитување од него зрачеше ново битие што ја исполнуваше собата.

„О, здраво, стар пријателе“, рече како да не ме видел со години. На момент помислив и дека ќе се ракува со мене.

„Престана да врне“.

„Да?“ Кога сфати за што зборувам, дека собата повторно се капе во сончевата светлина, се насмевна како метеоролог, како занесен заштитник на повратната светлина и ѝ ја повтори таа вест на Дејзи. „Што мислиш за тоа? Престана да врне“.

„Мило ми е Џеј“. Тој глас, преполн со болна убавина, зборуваше само за нејзината неочекувана радост.

„Сакам ти и Дејзи да дојдете во мојата куќа“, рече тој, „би сакал да ја прошетам низ куќата и да ѝ покажам сè“.

„Сигурен си дека сакаш и јас да дојдам?“

„Апсолутно, стар пријателе“.

Дејзи се качи на катот да го измие лицето – предоцна понижено помислив на своите пешкири – додека Гетсби и јас чекавме на тревникот.

„Мојата куќа изгледа убаво, нели?“, праша тој. „Погледни како е целата обвиткана со светлина“.

Се согласив дека е величествена.

„Да“. Со погледот премина преку сите врати и четвртести мали кули. „Ми требаа само три години за да ги заработам парите со коишто ја купив“.

„Мислев дека парите ги имаш наследено“.

„Да, стар пријателе“, рече механички, „но, најголемиот дел од нив ги загубив во големата паника – паниката на војната“.

Мислам дека не беше ни свесен што зборува бидејќи кога го прашав со каков бизнис се занимава, одговори: „Тоа е моја работа“, пред да сфати дека тоа не е вистинскиот одговор.

„О, се занимавав со разни работи“, се поправи самиот. „Се занимавав со продажба на лекови, а потоа на нафта. Сега не го работам ни едното, ни другото“. Ме погледна повнимателно. „Сакаш да кажеш дека размислуваше за тоа што ти го споменав пред некоја ноќ?“

Пред да успеам да одговорам, Дејзи излезе од куќата и двата реда копчиња од месинг на нејзиниот фустан заблескаа на сонцето.

„Таа голема куќа, *таму*?“, извика таа покажувајќи со прстот.

„Дали ти се допаѓа?“

„Величествена е, но не ми е јасно како живееш сам во неа?“

„Секогаш е полна со интересни луѓе и преку ноќ и преку ден. Луѓе што прават интересни работи. Славни луѓе“.

Место да тргнеме по пократкиот пат по должината на заливот, се симнавме на патот и влеговме на големата задна капија. Со возбудлив шепот, Дејзи се одушевуваше на овој или на оној аспект на таа аристократска силуета што се оцртуваше на небото, се одушевуваше на градината, на мирисот на нарцисот и мирисот на цветот на капините и на сливите. Беше чудно да се дојде до мермерните скали и да не се наиде на бранувањето на белите фустани, да не се слушне ништо друго освен црцорењето на птиците.

А внатре, додека поминувавме низ салоните во стилот на Марија Антоанета и реставрацијата, се чувствував како гостите да се кријат зад креветите и масите, дека им е наредено да не дишат додека поминувавме. Кога Гетсби ја затвори вратата на „библиотеката на колеџот Мертон“ можев да се заколнам дека некој човек гласно се смее.

Се качивме на катот, поминувавме низ стилските спални соби прекриени во розова и виолетова свила, оживеани од новото цвеќе, а потоа низ собите за облекување и за билијар, низ бањите со длабоки кади – влегувајќи во една соба каде што еден неуреден маж правеше склекови на подот. Тоа беше г. Антилопа, „потстанарот“. Тоа утро го видов како лута по плажата. Конечно пристигнавме во станот на Гетсби, спална соба и бања и работна соба, каде што седнавме и испивме по една чашка шартре, кое го извади од ормарот во ѕидот.

Постојано гледаше во Дејзи и мислам дека сите нешта во куќата повторно ги вреднуваше во зависност од реакцијата на нејзините сакани очи. Поне-

когаш, исто така, гледаше во предметите што ги има како ништо повеќе да не е реално во нејзиното изненадувачко присуство. Во еден момент за малку ќе се сопнеше по скалите.

Неговата спална соба беше наједноставната во споредба со сите други – освен тоа што тоалетната масичка беше украсена со прибор од чисто злато. Дејзи одушевено ја зеде четката и ја провлече низ косата, на што Гетсби седна, ги прекри очите и почна да се смее.

„Тоа е најчудната работа, стар пријателе", рече восхитено. „Не можам – кога ќе се обидам да..."

Очигледно имаше поминато низ две состојби и сега влегуваше во трета. По збунетоста и неразумната радост, сега беше одушевен од нејзиното присуство. Таа помисла толку долго го исполнуваше, сонуваше за неа до самиот крај, чекаше, може така да се каже, со стиснати заби во неверојатно висок интензитет. Сега реагираше на тој начин што работеше како претерано навиен часовник.

Брзо се созема, ни отвори два големи ормана во кои се наоѓаа неговите костуми, мантили, вратоврски и кошули уредно наместени од врвот до дното на ормарот.

„Имам човек во Англија што ми купува облека. На почетокот на секоја сезона ми праќа една колекција, напролет и наесен".

Извади еден куп кошули и почна да ги фрла, една по една, покрај нас, кошули од чист памук и дебела свила и од убав фланел, кои ја покрија масата со големиот број раскошни бои. Додека се одушевуваме, донесе уште кошули и мекиот голем куп многу порасна – кошули со линии и со цветчиња и со коцкички

со бои на корали, зелени јаболка и лаванда, благо портокалови со модри иницијали.

„Толку се убави овие кошули“, зборуваше со тага во гласот, кој беше придушен со дебелите набори од кошулите. „Ме растажи тоа што никогаш претходно немам видено – толку убави кошули“.

* * *

По куќата требаше да ги видиме теренитe и базенот, хидропланот и летното цвеќе – но повторно почна да врне и застанавме еден крај друг за да ја гледаме набабрената површина на брегот.

„Да немаше магла, ќе можевме да ја видиме твојата куќа преку заливот“, рече Гетсби. „На крајот од твојот док, зеленото светло свети цела ноќ“.

Дејзи одеднаш ја стави својата рака во неговата, но тој како да беше опседнат од тоа што го кажа предмалку. Веројатно му падна на ум дека чудесното зрачење на тоа светло сега засекогаш исчезна. Во споредба со големата далечина што го одвојуваше од Дејзи, нејзе ѝ изгледаше многу блиску, речиси како да го допира ѝ изгледаше блиску како ѕвездите на месечината. Сега тоа беше повторно само зеленото светло на докот. За него тоа беше уште еден магичен предмет помалку.

Почнав да чекорам по собата разгледувајќи ги разните нејасни предмети во полутемнината. Ме привлече големата фотографија на еден постар господин во едриличарска опрема, која висеше на ѕидот над масата.

„Кој е тој?“

„Тој? Тоа е господин Ден Коди, стар пријателе“.

Името ми звучеше познато.

„Сега е починат. Пред многу години беше мој најдобар пријател".

Имаше и една мала фотографија од Гетсби, исто така во едриличарска опрема, на масата за пишување – Гетсби со главата гордо исправена – веројатно направена кога имал околу осумнаесет години.

„Ги обожавам јахтите", извика Дејзи. „Никогаш не си ми кажал дека имаш јахта".

„Види го ова", рече брзо Гетсби. „Сите исечоци од весници – за тебе".

Стоеја еден крај друг и ги гледаа. Само што сакав да прашам дали може да ги видиме рубините, зазвони телефонот и Гетсби ја крена слушалката.

„Да... Па, не можам сега да разговарам... Не можам сега, стар пријателе... Реков *малиот* град... Мора да знае што значи мал град... Ништо од него ако смета дека Детроит е мал град..."

Ја спушти слушалката.

„Дојдете ваму *брзо*!", викна Дејзи на прозорецот.

Дождот сè уште паѓаше, но темнината на западот беше разбиена, така што над морето се појави виолетово-златен бран од лесни облаци.

„Види го тоа", прошепоти и потоа додаде: „би сакала да дофатам еден од оние виолетови облаци, да те ставам во него и да те вртам до бесвест".

Тогаш се обидов да си одам, но тие не сакаа ни да чујат; можеби самите беа позадоволни во мое присуство.

„Знам што ќе правиме сега", рече Гетсби, „Ќе му кажеме на Антилопа да свири на клавир".

Излезе од собата, викајќи: „Јуинг!" и по неколку минути се врати во придружба на малку збунетото, помалку испиено момче со очила и со ретка руса ко-

са. Сега беше пристојно облечен во „спортска маичка“, отворена на вратот, спортски чевли и памучни панталони со некоја нејасна боја.

„Дали ве прекинавме во вежбањето?“, праша љубезно Дејзи.

„Сум заспал“, рече збунето Антилопа. „Всушност, *претходно* спиев. Потоа станав...“

„Антилопа добро свири на клавир. Јас не свирам“, рече Гетсби прекинувајќи го. „Нели е така, Јуинг, стар пријателе?“

„Не свирам добро. Всушност, едвај воопшто свирам. Воопшто не сум во фор...“

„Ќе се симнеме долу“, го прекина Гетсби. Го притисна прекинувачот. Сивите прозорци исчезнаа откако куќата заблеска во полниот сјај на светлоста.

Во музичката соба Гетсби вклучи една светилка покрај клавирот. Ја запали цигарата на Дејзи и седна со неа на софата во оддалечениот агол на собата, каде што немаше светлина освен онаа што прекрасно изработениот под ја впиваше од ходникот.

Кога Антилопа ја отсвири *Љубовно гнездо*, се сврти на клупата и очајнички го побара Гетсби во темнината.

„Гледате дека сум целосно надвор од форма. Реков дека не можам да свирам. Целосно сум надвор од фор...“

„Не зборувај толку, стар пријателе“, му нареди Гетсби. “Свири!“

Рано наутро,
Доцна навечер,
Се веселиме ние...

Од надвор се слушаше завивањето на ветерот и по должината на заливот се слушна силна грмотевица. Сега во ВестЕг се вклучуваа сите светла; електричните возови, со многу патници, се пробиваа низ дождот од Њујорк. Тоа беше време на длабоки човечки промени и восхитувањето се слушаше во воздухот.

Едно нешто е сигурно и нема
ништо посигурно
Богатите здобиваат сè повеќе богатство
а сиромашните – деца.
Во меѓувреме,
Во меѓупросторот...

Кога се приближив да се поздравам, забележав дека оној израз на збунетост се врати на лицето на Гетсби, како да се појави мал сомнеж во поглед на неговата моментална среќа. Речиси пет години! Мора да постоеле моменти дури и тоа попладне кога Дејзи не личеше на онаа од соништата – не по сопствена вина, туку поради голема живост на неговата илузија. Таа илузија ги надминуваше соновите – надминуваше сè. Тој ѝ се предаде со создавачка страст додавајќи и секогаш по нешто, украсувајќи ја со секое светло перо што би му долетало. Никаков оган или мраз не можат да се изедначат со тоа што човек може да го направи во своето чудовишно срце.

Додека го набљудував беше очигледно дека малку се созема. Неговата рака ја зема нејзината, а кога таа му прошепоти нешто на уво, се сврти кон неа под налетот на емоциите. Мислам дека најмногу го возбудуваше нејзиниот глас, со онаа разбранувана, сил-

на топлина бидејќи него не можеше да го отсонува – тој глас беше бесмртна песна.

Мене ме имаа заборавено, но потоа Дејзи ме погледна и ми ја пружи раката; Гетсби не ме ни забележуваше. Уште еднаш ги погледнав, тие возвратија со поглед, отсутно, оддалеку, обземени со интензивниот живот. Потоа излегов од собата и низ мермерните скали се симнав на дождот оставајќи ги таму сами.

VI. ПОГЛАВЈЕ

Некаде во тој период, едно утро на вратата на Гетсби стигна млад амбициозен новинар од Њујорк и го праша дали има да каже нешто.

„Што да кажам, за што?“, љубезно праша Гетсби.

„Па – можете ли да дадете каква било изјава?“

По неколку моменти на забуна, се покажа дека тој човек на работа слушнал како се споменува името на Гетсби во врска со нешто што тој не сакал да се открие или не разбрал во целост. Бидејќи имаше слободен ден, побрза да „ја испита работата“.

Тоа беше случаен обид, но, сепак, инстинктот на новинарот беше точен. Популарноста на Гетсби, која се шириле преку повеќе стотици луѓе што уживаа во неговото гостопримство и така станаа познавачи на неговото минато, се зголемуваше во текот на летото сè додека не стана зрел за весниците. Современите легенди како што е „подземниот нафтовод до Канада“ му беа припишувани нему, а упорно се зборуваше дека тој воопшто не живее во куќата, туку во брод што личи на куќа и кој тајно се движи по брегот на Лонг Ајленд. Меѓутоа, зошто овие измислици претставуваа извор на задоволство за Џејмс Гец од Северна Дакота, тешко е да се каже.

Џејмс Гец – тоа беше неговото вистинско, или барем законско име. Го смени кога имаше седумнаесет години во еден посебен момент што го означи почетокот на неговата кариера – кога виде дека од јахтата на Дени Код се фрла котва во најопасните води на

Горното Езеро. Џејмс Гец беше човекот што тоа попладне безделничеше на плажата во скината зелена маичка и панталони од грубо платно, но веќе како Џеј Гетсби зема на заем чамец на весла, стигна до јахтата *Туломи* и го извести Коди дека за половина час ветерот може да го стигне и да му го скрши бродот.

Мислам дека тој одамна го имаше подготвено тоа име. Неговите родители беа неуки и неуспешни селани – во својата фантазија никогаш не ги прифаќаше како родители. Џеј Гетсби од ВестЕг, Лонг Ајленд, всушност настана од платонското поимање на самиот себе. Беше божји син – фразата што значи токму тоа, ако воопшто нешто значи – затоа тој мора да се занимава со работата на Таткото, а тоа е служба на големата, општа и лажлива убавина. Затоа измисли таков Џеј Гетсби каков што му прилега на еден седумнаесетгодишник и на таа замисла ѝ остана верен до крајот.

Подолго од една година беше присутен на јужниот брег на Горно Езеро, вадејќи школки или ловејќи лосос или во кое било друго својство што му обезбедуваше храна и спиење. Неговото силно, цврсто тело трпеше и се челичеше во полуостровот, со полутешка работа. Рано ги запозна жените, но бидејќи го расипуваа почна да ги презира, младите девици затоа што се неуки, другите затоа што беа хистерични за нешта што тој во опседнатоста со самиот себе ги сметаше за сосема нормални.

Меѓутоа, неговото срце беше во постојан, турбулентен кошмар. Навечер, во креветот, го прогонуваа најгротескните и најфантастичните мисли. Цел свет на неопишана убавина се создаваше во неговиот ум додека часовникот отчукуваше на мијалникот, а вла-

жната светлина на месечината ја натопуваше неговата облека расфрлена на подот. Секоја ноќ додаваше нов елемент на образецот на своите мечтаења сè додека сонот со бранот на заборавот не прекриеше некоја блескава глетка. Едно време, тие мечтаења ѝ беа вентил на неговата фантазија; тие беа задоволително навестување на нереалната реалност, надеж дека цврстите темели на светот почиваат на самовилско крило.

Инстинктивното претчувство на идната слава, неколку месеци претходно, го донесе до малиот лутерански колеџ Св. Олаф во јужна Минесота. Тука остана две недели, разочаран од неговата сурова рамнодушност кон ударите на неговата лична судбина, кон судбината воопшто, и со презир кон најниското свештенички ред, кој требаше да му обезбеди егзистенција. Тогаш се врати на Горно Езеро и сè уште беше во потрага по работа кога од јахтата на Дени Коди беше спуштена котвата во водите близу до брегот.

Тогаш Коди имаше педесет години, беше производ на сребренестите полиња на Невада, Јукон, на трескавата потрага по овој благороден метал од седумдесет и петтата. Трансакциите со бакар во Монтана, кои го направија мултимилионер, го затекоа во добра физичка форма, но на работ на слабоста на умот, така што безброј жени се обидуваа да го одвојат од неговите пари. Сосем невкусните приказни за тоа како Ела Кеј, новинарка, ја искористи неговата слабост да ја одигра Де Ментенон[5] и да го испрати со јахтата на море, беа општа тема на раскошното новинарство во 1902 година. Тој пловеше пет години по

[5] Втората жена на Луј XIV, кој беше под нејзино влијание.

должина на гостоприемливите води сè додека не се појави како судбина на Џејмс Гец во Малиот невин залив.

За младиот Гец, кој се одмораше на веслата и зјапаше во палубата со висока ограда, таа јахта ја претставуваше сета убавина и гламур на овој свет. Претпоставувам дека му се насмевнал на Коди – веројатно имаше откриено дека светот го сака кога им се насмевнува на луѓето. Како и да е, Коди му постави неколку прашања (едно од нив го измами сосем новото име) и сфати дека е паметен и необично амбициозен. По неколку дена, го однесе во Дулут и му купи сино сако, шест чифта панталони и едриличарска капа. И кога *Туломи* заплови кон Карибите, заплови и Варварскиот Брегoвен Гетсби.

Се наоѓаше во нејасно својство на личен помошник – додека беше со Коди беше наизменично стјуард, кормилар, капетан, секретар, па дури и чувар, бидејќи трезниот Ден Коди знаеше какви диви нешта може наскоро да направи пијаниот Ден Коди, така што во таквите случаи сè повеќе се потпираше на Гетсби. Овој аранжман траеше пет години, во кои јахтата трипати го заобиколи континентот. Веројатно ќе траеше бесконечно ако Ела Кеј не се качеше на јахтата една ноќ во Бостон, една недела подоцна Ден Коди одеднаш умре.

Се сеќавам на неговиот портрет во спалната соба на Гетсби, стар човек со грубо испразнето лице – пионер-развратник, кој во една фаза од американскиот живот се врати на источниот брег, на сурово насилство на борделите и салоните од границата. Индиректно заблагодарувајќи му се на Коди, Гетсби по малку пиеше. Понекогаш жените, во текот на блуд-

ните забави, му ставаа шампањско во косата; создаде навика сам воопшто да не пие.

Од Коди наследи пари – наследство од дваесет и пет илјади долари. Но, не ги доби. Никогаш не го сфати правното средство што беше употребено против него, но оние големи милиони отидоа недопрени во рацете на Ела Клеј. Тој остана со посебното и единствено искуство: нејасните контури на Џеј Гетсби станаа суштина на еден човек.

* * *

Сето ова ми го раскажа многу подоцна, но го запишав тука со идеја да ги разбијам оние први сурови шпекулации за неговите предци, кои ни оддалеку не беа вистинити. Покрај тоа, ова ми го раскажа во време на конфузија, кога стигнав до точката да поверувам во сè или во ништо поврзано со него. Затоа ја користам оваа кратка пауза, додека Гетсби, да речеме, го враќа здивот, да расчистам со погрешните мислења.

Тоа беше пауза во моите односи со него. Неколку недели го немав видено, ниту слушнато по телефон – најчесто се наоѓав во Њујорк, лутајќи со Џордан и обидувајќи се да ѝ се допаднам на нејзината сенилна тетка – но едно неделно попладне, конечно, отидов во неговата куќа. Не бев таму ни две минути кога некој го донесе на пијалак Том Бјукенен. Се разбира дека бев збунет, но тоа што, навистина, беше изненадувачки, е фактот дека тоа не се случило претходно.

Тие тројца дојдоа на коњи – Том и човекот со име Слоун и една убава жена во јавачки костум, која има доаѓано порано.

„Многу ми е драго што ве гледам“, рече Гетсби стоејќи на балконот. „Многу ми е драго што навративте“.

Како ним тоа да им беше важно!

„Седнете, седнете. Послужете се со цигари“. Се врткаше по собата изгледајќи ми познато. „Веднаш ќе донесам нешто за пиење“.

Беше под длабоко влијание на фактот дека Том дојде. Меѓутоа, и така ќе се чувствуваше непријатно ако не им понуди нешто чувствувајќи се некако чудно дека тие се дојдени само за тоа. Господин Слоун не сакаше ништо. Лимонада? Не благодарам. Малку шампањско? Ништо, ништо благодарам... Извинете.

„Дали јавањето беше пријатно?“

„Тука патиштата се одлични“.

„Мислам дека автомобилите...“

„Јас“.

Прогонуван од неодолив инстинкт, Гетсби се врти кон Том, кој го прифати претставувањето како непознат.

„Мислам дека некаде се имаме сретнато и порано господин Бјукенен“.

„Ах, да“, рече Том со сурова љубезност, но очигледно не се сеќаваше. „Секако дека се имаме сретнато. Одлично се сеќавам“.

„Пред околу две недели“.

„Точно. Бевте со Ник“.

„Ја познавам вашата жена“, продолжи Гетсби речиси агресивно.

„Така?“

Том се сврте кон мене.

„Ти живееш во близина, Ник?“

„Во куќата покрај оваа“.

„Така?“

Господин Слоун не се мешаше во разговорот, туку убаво се одмораше во столот; ни жената не зборуваше ништо – сè додека одеднаш, по две испиени чаши, не се раззборе.

„На вашата идна забава ќе дојдеме сите, господин Гетсби", рече таа. „Што велите на тоа?"

„Се разбира, ќе ми биде многу драго да дојдете".

„Беше убаво", рече господин Слоун рамнодушно. „Мислам дека е време да тргнеме".

„Ве молам немојте да се брзате", рече Гетсби. Сега беше сосем присебен и сакаше уште да разговара со Том. „Зошто не – зошто не останете на вечера? Не би ме изненадило да навратат некои луѓе од Њујорк".

„Дојдете вие кај мене на вечера, двајцата", рече восхитено дамата. „Двајцата".

И јас бев вклучен во тоа. Господин Слоун стана.

„Ма немој", рече тој – но, само на неа.

„Навистина го мислам тоа", беше упорна. „Би сакала да ми бидете гости. Има многу простор".

Гетсби ме погледна прашално. Сакаше да оди, а не забележуваше дека господин Слоун воопшто не е расположен тој да им прави друштво.

„Јас, за жал, не можам", реков.

„Вие, секако, ќе дојдете", се концентрира на Гетсби.

Господин Слоун ѝ шепна нешто на уво.

„Нема да задоцниме ако тргнеме веднаш", рече гласно таа.

„Јас немам коњ", рече Гетсби. „Јавав во војска, но никогаш не купив коњ. Ќе морам да ве следам со автомобил. Извинете ме на момент".

Ние останатите излеговме на балконот, каде што Слоун и дамата почнаа жестока расправија.

„Боже, мислам дека тој човек доаѓа“, рече Том. „Зар не знае дека таа не сака да дојде?“

„Таа вели дека сака“.

„Ќе има голема забава, а тој нема да познава никого“. Се намурти. „Се прашувам каде, по ѓаволите, ја запознал Дејзи. Може сум старомоден човек, но жените многу трчаат натаму наваму и тоа не ми се допаѓа. И се запознаваат со секакви луѓе“.

Одеднаш господин Слоун и дамата се симнаа од скалите и ги јавнаа коњите.

„Одиме“, му рече господин Слоун на Том, „дојдиме. Мораме да тргнеме“. Потоа ми се обрати мене. „Кажи му дека не можевме да чекаме, важи?“

Том и јас се ракувавме, со другите двајца разменивме студено кимање со главата и тие тргнаа со брз кас по влезниот пат исчезнувајќи во августовското лисје токму кога Гетсби, со шапка и мантил во раце-те, излезе на главната врата.

Том очигледно беше вознемирен што Дејзи се шета сама наоколу бидејќи следната сабота дојде со неа на забавата на Гетсби. Можеби неговото присуство ѝ даде на вечерта некое чудно чувство на тегобност – таа сосем се издвојува во однос на другите забави од тоа лето. Тука беа истите луѓе, или барем истиот вид луѓе, истите количини шампањско, истата разнобојна и разнотонска мешаница, но во воздухот чувствував непријатност, некоја сеопфатна горчина, која за првпат се всели. Или се имав сосема навикнато прифаќајќи го Вест Ег како посебен свет, со сопствени стандарди и свои големи личности, кој со ништо друго не може да се спореди затоа што нема свест дека е таков, а сега го набљудував низ очите на Дејзи. Секогаш е тажно да се гледа со нови очи на нештата, на кои сте се приспособиле со голем напор.

Дојдоа кога сонцето заоѓаше и додека се движевме меѓу стотиците разни гости, гласот на Дејзи чудесно жубуреше.

„Овие работи *толку ме возбудуваат*“, шепотеше. „Ако кога било во текот на вечерта посакаш да ме бакнеш, Ник, само кажи ми и ќе ми биде драго да ти го дозволам тоа. Само изговори го моето име. Или покажи ја зелената картичка. Јас давам зелени...“

„Гледај околу себе“, ѝ рече Гетсби.

„Гледам. Прекрасно е...“

„Мора да ги видиш лицата на многу личности за кои си слушнала“.

Надмениот поглед на Том луташе по масата.

„Ние не излегуваме многу“, рече тој, „всушност, сега размислував за тоа дека овде не познавам никого“.

„Можеби ја познаваш онаа дама“, Гетсби покажа на една убава жена, која повеќе личеше на орхидеја, која свечено седеше под стеблото на белата слива. Том и Дејзи се загледаа со она чудно нереално чувство што го следи препознавањето на славната филмска актерка.

„Прекрасна е“, рече Дејзи.

„Човекот што е исправен над неа е нејзиниот режисер“.

Ги водеше помпезно од група до група:

„Госпоѓа Бјукенен... и господин Бјукенен...“ По кратката пауза додаде: „Поло-играч“.

„О, не“, реагираше брзо Том, „не јас“.

Очигледно ова му претставуваше задоволство на Гетсби бидејќи Том во текот на целата вечер беше „поло-играч“.

„Никогаш не сум запознала толку славни личности“, викаше Дејзи, „ми се допадна оној човек – како се викаше? – со синиот нос“.

Гетсби го идентификуваше зборувајќи дека е мал продуцент.

„Без разлика, ми се допадна“.

„Повеќе би сакал да не сум поло-играч“, рече Том со пријатен глас, „повеќе би сакал да ги набљудувам овие славни луѓе не... незабележан“.

Дејзи и Гетсби танцуваа. Се сеќавам дека бев пријатно изненаден од неговиот елегантен фокстрот – никогаш порано го немав видено да танцува. Потоа отидоа до мојата куќа и половина час седеа на скалите, додека јас, на нејзино барање, останав да внимавам во градината. „Во случај да избие пожар или да надојде поплава“, објасни таа, „или да дојде до каков било божји чин“.

Том излезе од заборавот кога седнавме да вечераме. „Дали ќе ви пречи ако вечерам со оние луѓе отспротива?“, праша. „Еден од нив има нешто многу интересно“.

„Само повели“, весело му одговори Дејзи, „а ако сакаш да запишеш некои адреси, еве ти го моето златно перо...“

Веднаш потоа се заврти и ми рече дека девојката е „обична, но убава“, а мене ми беше јасно дека таа, ако се одземат оние половина час што ги помина сама со Гетсби, воопшто не се забавува.

Седевме на посебна маса. Тоа беше моја грешка – Гетсби мораше да телефонира, а јас бев со тие луѓе пред две недели. Меѓутоа, тоа што тогаш ме забавуваше, сега ми мирисаше на нешто гнило.

„Како се чувствувате, госпоѓице Бедекер?“

Девојката на која ѝ се обратив се обидуваше, безуспешно, да се потпре на моето рамо. На ова прашање се исправи и ги отвори очите.

„Што?“

Една крупна и тромава жена, која претходно навалуваше утре да игра голф со Дејзи во локалниот клуб, се јави во одбрана на госпоѓицата Бедекер.

„Добра е сега. По пет-шест коктели секогаш почнува така да вреска. Ѝ велам дека мора да го остави пиењето“.

„Го оставам“, неубедливо рече обвинетата.

„Те слушнавме како викаш, па му реков на докторот Сивет: ‚Постои некој кому му е потребна твојата помош, докторе’“.

„Сигурна сум дека е многу благодарна“, рече саркастично другата пријателка, „но, сосем ѝ го натопивте фустанот кога ѝ ја ставивте главата во базенот“.

„Најмногу мразам кога ќе ми ја стават главата во базен“, промрмори госпоѓицата Бедекер. „Еднаш во Њу Џерси за малку ќе ме удавеа“.

„Тогаш треба да го оставиш алкохолот“, ѝ рече доктор Сивет.

„Зборувај за себе!“, викна госпоѓица Бедекер. „Рацете ти се тресат. Не би дозволила да ме операш“.

Така беше. Речиси последната работа на којашто се сеќавам е дека стоев со Дејзи и го набљудував филмскиот режисер и неговата ѕвезда. Сè уште беа под стеблото на белата слива и нивните лица речиси се допираа, ги делеше само тенок зрак од месечината. Се сетив дека цела вечер полека се наведнуваше кон неа, а на крајот успеа да го направи и оној последен чекор и да ја бакне во образ.

„Ми се допаѓа“, рече Дејзи, „мислам дека е убава“.

Другото ја навредуваше – несомнено затоа што во прашање не беше гест, туку емоција. Беше згрозена од ВестЕг, од тоа единствено „место“, кое Бродвеј го создаде во рибарското село на Лонг Ајленд – вцашена од неговата сурова сила што струеше под старите еуфемизми и премногу наметливата судбина, која во стадо ги собира неговите жители на пократкиот пат, која од ништо води во ништо. Виде нешто страшно во самата едноставност, која не успеваше да ја сфати.

Седев со нив на предните скали додека го чекаа автомобилот. Беше мрачно; само осветлената врата испраќаше малку светлина во мекото црно утро. На моменти, над нас, до завесите на собите за облекување, ќе се придвижеше некоја сенка, потоа □ го отстапуваше местото на друга сенка, бескрајна колона сенки, кои ставаа кармин и пудра пред невидливото огледало.

„Кој е воопшто тој Гетсби?“, одеднаш праша Том. „Голем шверцер со алкохол?“

„Каде си го слушнал тоа?“, прашав.

„Не слушнав. Замислив. Многу новопечени богаташи се само големи шверцери со алкохол“.

„Гетсби не е“, реков кратко.

Замолчи на момент. Песокот чкрипеше под неговите нозе.

„Во секој случај, мора многу да се намачил за да го состави овој кафез“.

Ветерот го разбранува сивото крзно околу вратот на Дејзи.

„Барем се поинтересни од луѓето што ние ги познаваме“, рече таа со напор.

„Ти не дејствуваше многу заинтересирано“.

„Бев и тоа многу“.

Том се насмевна и се сврти кон мене.

„Го забележа ли изразот на лицето на Дејзи кога онаа девојка ја замоли да ја стави под студен туш?“

Дејзи почна да жубори со ритмичката музика на тивкиот шепот, од секој збор извлекувајќи значење, кое никогаш претходно го немаше и кое никогаш повеќе нема да го има. Кога мелодијата го достигна врвот, нејзиниот глас се растопи во повеќе бранови на топлата човечка магија.

„Доаѓаат многу што не се поканети“, одеднаш рече таа. „Таа девојка не беше поканета. Тие едноставно се наметнуваат, а тој е премногу пристоен за да им забележи“.

„Би сакал да знам кој е тој и што работи“, беше упорен Том. „И мислам дека ќе се потрудам да откријам“.

„Не можам да ти кажам веднаш“, рече таа. „Беше сопственик на некои продавници, на многу продавници. Сам ги создаде“.

Големата лимузина полека се приближи.

„Добра ноќ, Ник“, рече Дејзи.

Го тргна погледот од мене и го побара осветлениот врв на скалите, од каде што низ отворената врата допираше музиката од валцерот *Три часот наутро*. Всушност, во самата разновидноста на забавата на Гетсби имаше романтични можности, кои воопшто не беа присутни во нејзиниот свет. Што беше тоа во таа песна што како да ја повикуваше да се врати внатре? Што ќе се случи сега во нејасните, непредвидливи часови? Можеби ќе дојде некој неверојатен гостин, личност што е бескрајно ретка и достојна за одушевување, некоја блескава млада убавица, која со

само еден поглед во Гетсби, во еден момент на волшебна средба, ќе избрише пет години на непоколеблива верност.

Останав доцна таа вечер, Гетсби ме замоли да почекам додека тој не биде слободен, така што лутав низ градината додека не дојде неминовната група пливачи, смрзнати и восхитени, од црната плажа, додека не беа исклучени светлата во гостинската соба на катот. Кога, конечно, се симна по скалите неговата кожа на лицето беше необично затегната, очите му беа бистри и уморни.

„Не ѝ се допадна“, рече веднаш.

„Многу ѝ се допадна“.

„Воопшто не ѝ се допадна“, беше упорен. „Не се забавуваше убаво“.

Молчеше, а јас ја чувствував неговата неискажлива потиштеност.

„Чувствувам дека сум далеку од неа“, рече. Тешко да ја убедам да сфати“.

„Мислиш во врска со игранката?“

„Со игранката?“ Со прстите даде знак на отфрлување на сите игранки што ги организирал. „Стар пријателе, игранката е небитна работа“.

Тој од Дејзи не очекуваше ништо помалку од тоа да отиде кај Том и да му каже: „Никогаш не сум те сакала“. Откако со таа реченица би избришала четири години, би можеле да се решат за преземање на практични мерки. Една од нив би била, откако таа ќе биде слободна, да се вратат во Луисвил и да се венчаат од нејзината куќа – како сè да се случува пет години претходно.

„А, таа не разбира“, велеше тој. „Некогаш разбираше. Седевме со часови...“

Замолчи и почна да оди горе-долу по невеселата патека составена од кори и листови, од одбиени наклонетости и згазено цвеќе.

„Не треба од неа да се бара премногу“, се осмелив да кажам. „Не може да се повтори минатото“.

„Не може да се повтори минатото?“, извика со неверување. „Се разбира дека може!“

Се заврти трескавично околу себе како минатото да sирка некаде од сенката на куќата, како да му е на дофат на раката.

„Ќе направам сè да биде исто како што беше некогаш“, рече решително кимнувајќи со главата. „Ќе види таа“.

Зборуваше многу за минатото и сфатив дека сака нешто да врати, можеби некоја претстава за себе, која се преточила во драгата Дејзи. Од тогаш неговиот живот е збркан и несреден, но кога би успеал да се врати на некоја почетна точка и сè полека да повтори, би можел да открие што е тоа...

...Една есенска вечер, пред пет години, се шетаа по улица кога паѓаа лисјата, дојдоа до место на коешто немаше дрвја и каде што тротоарот се капеше во месечината. Застанаа и се свртеа еден кон друг. Тоа беше студена ноќ со некое таинствено возбудување во себе, кое се јавува во двегодишните мени. Тивките светла од куќата се превртуваа во темнината, а sвездите почнаа да се мешаат. Со едниот крај од окото Гетсби виде дека тротоарите се претвораат во скалила и се искачуваат кон тајното место над стеблото – може да се качи ако се качува сам и кога ќе дојде таму може да пие од дојката на животот, со страст да го пие чудотворното млеко.

Неговото срце чукаше сè побрзо додека лицето на Дејзи се приближуваше кон неговото. Знаеше де-

ка, кога ќе ја бакне оваа девојка и кога засекогаш ќе ги ѝ предаде своите неискажливи визии на нејзиниот минлив здив, неговата мисла никогаш повеќе нема да игра како мисла на Бог. Затоа чекаше слушајќи ја уште малку музичката виљушка што некој ја удри од некоја ѕвезда. Потоа ја бакна. На допирот на неговите усни, таа се расцвета како цвет и инкарнацијата беше целосна.

Тоа што го зборуваше, па дури и неговата страшна сентименталност, ме потсети на нешто – на недофатлив ритам, делче од загубени зборови, кое одамна ги имам слушнато некаде. На момент тие зборови се обидоа да се оформат во мојата уста, усните ми се раздвоија како на нем човек, како борбата со нив да значи многу повеќе од здивот на разбрануваниот воздух. Меѓутоа, звук немаше и тоа на што речиси се бев сетил, остана засекогаш неизречено.

VII. ПОГЛАВЈЕ

Една саботна вечер, кога интересот за Гетсби беше на врвот, светлата во неговата куќа не се вклучија – и неговата голема кариера неосетно згасна исто како што и почна. Со задоцнување станав свесен за фактот дека автомобилите, кои со надеж свртеа кон неговата куќа, останаа само малку и потоа безволно се оддалечија. Прашувајќи се дали е болен, отидов да проверам – некој нов батлер со непријатно лице, од вратата, со сомнеж гледаше кон мене.

„Дали господин Гетсби е болен?“

„Не“. По кратката пауза додаде некако без волја: „господине“.

„Не сум го видел и бев многу загрижен. Кажете му дека господин Каравеј доаѓаше“.

„Кој?“, праша грубо.

„Каравеј“.

„Каравеј. Во ред, ќе му кажам“.

И ја тресна вратата.

Мојата Финкиња ме извести дека Гетсби ги отпуштил сите слуги пред една недела и дека ги заменил со нови луѓе, кои никогаш не одеа во Вест Ег да ги подмитат трговците, но по телефон порачуваше скромни количини намирници. Слушнав дека неговата кујна личи на свињарник, а сите во селото мислеа дека новите луѓе воопшто не се слуги.

Следниот ден Гетсби ми се јави на телефон.

„Заминуваш?“, прашав.

„Не, стар пријателе“.

„Слушам дека си ги отпуштил сите слуги".

„Сакав да имам такви што нема да озборуваат. Дејзи доаѓа често – во попладневните часови".

На тој начин, само заради нејзиното несогласување, целиот караван-сарај се урна како кула од карти.

„Се работи за луѓето за кои Волфшим сакаше нешто да направи. Сите се браќа и сестри. Некое време управувале мал хотел".

„Јасно".

Ме повика на барање на Дејзи – дали утре би дошол кај неа на ручек? Ќе дојде и госпоѓица Бејкер. Половина час подоцна ме повика и Дејзи и како да ѝ олесни што ќе дојдам. Нешто се случуваше. Сепак, не можев да верувам дека ја избраа оваа пригода за да направат сцена – посебно не мачна сцена што Гетсби ја испланира во градината.

Следниот ден беше вжештен, сигурно беше последниот, сигурно најтоплиот ден тоа лето. Кога мојот воз излезе од тунелот на сонцето, само жешкото вревење на *Националната бисквитна компанија* му пречеше на попладневниот молк. Сламестите седишта во вагонот рееја на работ на согорување; жената покрај мене некое време се препотуваше во белата блуза, а потоа, кога весникот се навлажни под нејзините прсти, во очај се препушти на тешката жештина со неутешен крик. Паричникот ѝ падна на подот.

„О, боже!", затрепери таа.

Го подигнав со голем напор и ѝ го дадов држејќи го за самиот раб за да покажам дека немав никакви намери со него – а сепак сите околу мене, вклучувајќи ја и оваа жена, се посомневаа во мене.

„Жешко е!“, им рече кондуктерот на познатите лица. „Какво време!... Колку е жешко! Дали вам ви е жешко? Дали...?“

Кога ми го врати билетот, на него се наоѓаше темна дамка. Зар некој на таква кучешка жештина може да размислува чии бујни усни ги љуби, чија глава го влажни џебот на пижамата на неговото срце!

* * *

... Низ ходникот во куќата на Бјукенан дуваше ветре носејќи го звукот на телефонот кон Гетсби и кон мене додека чекавме пред вратата.

„Каросеријата на автомобилот на стопанот!“, врескаше батлерот во слушалката. „Жал ми е мадам, но не можеме денеска да ја средуваме – денеска е толку жешко што не можеме ни да ја допреме!“

Всушност, рече: „Да... Да... ќе видам“.

Ја спушти слушалката и ни дојде помалку весел да ги преземе нашите шапки.

„Мадам ве очекува во салонот!“, рече непотребно покажувајќи во која насока треба да одиме. На таква жештина, секое дополнително движење скратува по некој ден живот.

Собата, под сенка на тендата, беше мрачна и свежа. Дејзи и Џордан лежеа на големата софа, како идоли од сребро, кои ги придржуваат фустаните за да не ги подигне распеаното ветре од вентилаторот.

„Не можеме ни да се поместиме“, рекоа заедно.

Прстите на Џордан, премачкани со бела пудра, на момент останаа во мојата рака.

„А господин Томас Бјукенен, спортистот?“, прашав.

Во истиот момент го слушнав неговиот глас, арогантен, придушен, рапав, на телефонот во ходникот.

Гетсби стоеше на средина на пурпурниот тепих и се вртеше како маѓепсан. Дејзи го гледаше и потоа се насмеа со онаа слатка, занесувачка насмевка; дел од пудрата се подигна од нејзините гради во воздухот.

„Се зборува“, прошепоти Џордан, „дека на телефонот е девојката на Том“.

Замолчивме. Гласот во ходникот од гнев прерасна во викање. „Одлично, тогаш нема воопшто да го продавам автомобилот... Кон тебе немам никакви обврски... а тоа што ме малтретираш за време на ручек, тоа воопшто не го поднесувам!“

„Го прекинува разговорот“, цинично рече Дејзи.

„Не го прекинува“, ја уверував јас. „Тоа е договор. Случајно знам за ова“.

Том нагло ја отвори вратата прекривајќи ја за момент со своето крупно тело и влезе во собата.

„Господин Гетсби!“ Ја подаде раката со добро прикриена одбојност. „Драго ми е што ве гледам господин... Ник...“

„Направи ни студен пијалак“, рече Дејзи.

Кога ја напушти собата, таа стана, му се приближи на Гетсби, му ја спушти главата и го бакна в уста.

„Знаеш дека те сакам“, прошепоти.

„Забораваш дека е присутна дама“, рече Џордан.

Дејзи се сврти.

„Ти бакни го Ник“.

„Каква простачка!“

„Не ми е грижа!“, подвикна Дејзи и се потпре на каминот. Потоа се сети на жештината и покајнички седна на креветот токму во моментот кога влезе свежо дотераната гувернанта носејќи го девојчето.

„Зла-то мо-е“, запеа подавајќи ги рацете. „Дојди кај твојата вистинска мајка, која те сака“.

Детето претрча низ собата и срамежливо ја потпре главата на мајчиниот фустан.

„Зла-то мо-е! Дали мама стави пудра на твојата нескратена златна коса? А сега стани и кажи – Да'го ми е“.

Гетсби и јас се наведнавме еден по еден и ја прифативме малечката нерешителна рака. Подоцна тој со големо внимание гледаше кон детето. Мислам дека никогаш претходно не веруваше во неговото постоење.

„Се облеков плед лучекот“, рече детето свртувајќи се брзо кон Дејзи.

„Тоа е затоа што твојата мајка сакаше да те покаже“. Нејзиното лице се пресели во една единствена брчка на малиот врат. „Ти си како сон. Совршен мал сон“.

„Да“, мирно призна детето. „Тетка Џордан исто има бел фустан“.

„Како ти се допаѓаат пријателите на мама?“ Дејзи ја заврти кон Гетсби. „Мислиш ли дека се убави?“

„Каде е тато?“

„Не личи на татко ѝ“, објасни Дејзи. „Личи на мене. Ги има мојата коса и обликот на лицето“.

Дејзи повторно седна на креветот. Гувернантата направи чекор напред и ја подаде раката.

„Дојди, Пеми“.

„До видување сонце!“

Завртувајќи се назад, дисциплинираното дете ја подаде раката на гувернантата и беше извлечено на вратата токму кога Том се врати носејќи четири коктели со џин полн со мраз.

Гетсби зеде еден пијалак.

„Се чини дека пијалакот е студен“, рече со очигледно напнат глас.

Пиевме брзо.

„Некаде имам прочитано дека сонцето сè повеќе се загрева“, рече Том. „Се чини дека земјата наскоро ќе падне на Сонцето – или, само малку – баш спротивно – Сонцето сè повеќе се лади“.

„Дојдете надвор“, му рече на Гетсби, „би сакал да ја погледнете куќата“.

Излегов со нив на балконот. Покрај зеленикот брег, бавно поради жештината, едно едро полека пловеше кон свежото море. Гетсби веднаш го забележа; ја подигна раката и покажа преку заливот.

„Јас живеам точно од другата страна, спроти вас“.

„Знам“.

Го насочивме погледот преку леата од цвеќиња, тревници и дивото зеленило по должината на брегот. Белите крила на едрилицата наскоро се оцртуваа на синиот хоризонт. Пред нив лежеше разбрануваниот океан и блажените бујни острови.

„Тоа е вистински спорт“, рече Том кимнувајќи со главата. „Би сакал да сум со него на еден час“.

Ручавме во трпезаријата, која, исто така, беше затемнета поради жештината, и нервозната веселост ја заливавме со студено пиво.

„Што ќе правиме со себеси денес попладне?“, забележа Дејзи, „и следниот ден и во следните триесет години?“

„Не биди морбидна“, ѝ рече Џордан. „Животот почнува одново кога есента е весела“.

„Но, прежешко е“, велеше Дејзи речиси плачејќи, „и сè е толку збркано. Ајде сите да одиме в град!“

Нејзиниот глас се бореше со жештината, се одбиваше од неа претворајќи ја својата бесмисленост во форма.

„Сум слушнал дека од штали се прават работилници“, Том му се обрати на Гетсби, „но јас сум првиот човек што направи штала од работилница“.

„Кој сака да оди в град?“, праша Дејзи енергично. „Ах“, му рече таа, „ти си толку незаинтересиран“.

Погледите им се сретнаа и тие се загледаа еден во друг како да се сами на светот. Таа со напор го спушти погледот.

„Ти секогаш изгледаш толку незаинтересирано“, повтори таа.

Предходно му рече дека го сака, а Том Бјукенен го слушна тоа. Беше просто зашеметен. Малку подзина, го погледна Гетсби, па повторно Дејзи како токму во тој момент да ја препозна како некого што некогаш го познавал.

„Потсетуваш на реклама за маж“, продолжи Дејзи безгрижно. „Знаеш што е реклама за маж...“

„Во ред“, брзо ја прекина Том, „мене многу ми се оди в град. Одиме – сите ќе одиме в град“.

Стана, погледот сè уште му шеташе меѓу Гетсби и сопругата. Никој не се помести.

„Одиме!“ Трпението по малку го издаваше. „Што е сега? Ако одиме в град, тогаш да тргнеме“.

Со растреперена рака, без оглед на настојувањето да се контролира, ја принесе кон устата последната чаша пиво. Гласот на Дејзи нè крена на нозе и нè истера на вжештениот влезен пат.

„Дали ќе тргнеме тукутака?“, негодуваше таа. „Зар нема да им дозволиме на оние што сакаат да испушат по една цигара?“

„Сите пушеа за време на ручекот“.

„Ајде малку да се забавуваме“, го молеше таа. „Премногу е жешко за да правиме проблеми“.

Не реагираше на овие зборови.

„Како сакаш“, рече таа. „Одиме Џордан“.

Тие две отидоа на катот да се подготват, додека ние тројцата мажи останавме на патот за со нога да ги шутираме камчињата. Сребрениот месечен срп веќе се назирнуваше на западното небо. Гетсби ја отвори устата за да каже нешто и се премисли, но не пред Том да се заврти и погледне во него очекувајќи да каже нешто.

„Дали вашите штали се тука?“, го праша Гетсби со напор.

„Неколку стотина чекори долу по патот“.

„Ох“.

Настапи пауза.

„Не гледам никаква смисла во одењето в град“, викна Том. „Жениве само нешто ќе си замислат...“

„Ќе земеме ли нешто за пиење?“, довикна Дејзи од горниот прозорец.

„Ќе земам виски“, одговори Том. Потоа влезе во куќата.

„Не можам да кажам ништо во неговата куќа, стар пријателе“.

„Таа има толку чуден глас“, забележав јас. „Полн е...“ Не знаев што да кажам.

Тоа беше точно. Никогаш претходно не се сетив на тоа. Беше полн со пари – тоа беше оној неисцрпен шарм, кој во него се прелеваше во амплитуди, оној звук на цимбали... Високо во белата палата на кралевата ќерка, златното девојче...

Том излезе од куќата замотувајќи го шишето со виски во пешкир, а по него доаѓаа Дејзи и Џордан со шапки на главите и тенки наметки преку рацете.

„Ќе одиме ли со мојот автомобил?“, предложи Гетсби. Ја допре врелата, зелена кожа на седиштата. „Требаше да го оставам под сенка“.

„Дали има класичен менувач?“, праша Том.

„Да“.

„Тогаш вие земете го моето купе, а јас ќе го возам вашиот автомобил“.

Ова воопшто не му се допаѓаше на Гетсби.

„Мислам дека нема доволно бензин“, рече тој.

„Има бензин колку што сакате“, рече грубо Том. „А, ако снема, можам да навратам до некој драгстор. Денес сè може да се купи во нив“.

Настапи долга пауза. Дејзи намуртено го гледаше Том, а низ лицето на Гетсби помина неопислив израз, кој истовремено беше и сосема непознат и некако препознатлив, како само да имав слушнато дека некој го опишува.

„Одиме Дејзи“, рече Том туркајќи ја кон автомобилот на Гетсби. „Јас ќе те возам во овој циркузантски автомобил“.

Ја отвори вратата, но таа се извлече од неговата прегратка.

„Вози ги Ник и Џордан. Ние ќе возиме по вас во купето“.

Му се приближи на Гетсби и го допре неговото сако. Џордан, Том и јас влеговме на предното седиште во автомобилот на Гетсби. Том префрли во брзина и одлетавме во тешката жештина оставајќи ги нив надвор од видното поле.

„Го видовте ли тоа?“

„Што дали видовме?“

Ме погледна остро сфаќајќи дека Џордан и јас одамна знаеме сè.

„Вие мислите дека јас сум глупав, нели?“, рече тој. „Можеби и сум, но имам – понекогаш и друго сетило, кое ми кажува што да правам. Можеби не верувате, но науката...“

Замолчи. Го обзеде реалноста на ситуацијата и го врати од работ на теоретскиот амбис.

„Малку истражував за тој тип“, продолжи тој. „Веројатно ќе одев подлабоко да знаев...“

„Сакаш да кажеш дека си бил кај гатач? “, шеговито праша Џордан.

„Што?“ Збунет гледаше во нас додека ние се смеевме. „Кај гатач?“

„Во врска со Гетсби“.

„Во врска со Гетсби! Не, не сум бил. Реков дека малку го истражував неговото минато“.

„И дозна дека студирал на Оксфорд“, рече Џордан со желба да му помогне.

„На Оксфорд!“ Не му се веруваше. „По ѓаволите студирал! Носи виолетов костум!“

„Сепак бил на Оксфорд“.

„Да, Оксфорд во Њу Мексико“, со презир викна Том, „или нешто слично“.

„Слушај Том. Ако си таков сноб, зошто го викна на ручек?“, налутено праша Џордан.

„Го викна Дејзи; го познавала пред да се венчаме – којзнае како!“

Сите бевме свесни за тоа и некое време се возевме без зборови. А, кога на патот се појавија избледените очи на докторот Т. Џ. Еклебург, се сетив на забелешката на Гетсби во врска со бензинот.

„Имаме доволно да стигнеме до град“, рече Том.

„Но, тука десно има работилница“, забележа Џордан. „Не сакам да чекам некаде на оваа пеколна жештина“.

Том без трпение згазна на сопирачката и нагло се симнавме на правливиот пат под знакот на Вилсон. Од утробата на работилницата веднаш се појави сопственикот и се загледа во автомобилот.

„Да ставиме малку гориво!“, грубо рече Том. „Што мислиш зошто застанавме – да се одушевуваме на панорамата?“

„Болен сум“, рече Вилсон не поместувајќи се. „Болен сум цел ден“.

„Што ти е?“

„Целосно сум скршен.“

„Тогаш, сам да се послужам?“, праша остро Том. „Убаво звучеше преку телефон“.

Со голем напор Вилсон ја напушти сенката и рачката од вратата на која беше потпрен, па тешко дишејќи го тргна капачето на резервоарот. На сонцето неговото лице беше зелено.

„Немав намера да те прекинувам за време на ручек“, рече тој. „Но, парите ми се неопходни и сакав да знам што ќе правиш со твојот стар автомобил“.

„Како ти се допаѓа овој?“, праша Том. „Го купив минатата недела“.

„Убав е“, рече Вилсон стискајќи ја раката.

„Сакаш да го купиш?“

„Нема шанси“, се насмеа Вилсон. „Не, но би можел да заработам на оној другиот.“

„Зошто одеднаш ти се потребни пари?“

„Тука сум премногу долго. Сакам да се преселам. Жена ми и јас сакаме да одиме на Запад“.

„Твојата жена сака на Запад“, рече зачудено Том.

„Таа зборува за тоа веќе десет години“. На момент се потпре на пумпата, тргајќи ги очите од сонцето. „А, сега ќе оди го сакала тоа или не. Јас ќе ја однесам“.

Купето прелета покрај нас дигајќи прав зад себе, а една рака нè поздрави од автомобилот.

„Колку ти должам?“, грубо праша Том.

„Последниве два дена дознав нешто чудно“, објасни Вилсон. „И затоа сакам да одам. Затоа ти здодевав во врска со автомобилот“.

„Колку ти должам?“

„Долар и дваесет“.

Немилосрдната жештина почна да ме зашеметува и имав момент на слабост пред да сфатам дека сч до тогаш неговите сомнежи не се однесуваа на Том. Откри дека Мирта живее уште еден, паралелен живот на друго место и од тој шок физички се разболи. Гледав во него, па во Том, кој до истото откритие дојде пред неполн час – и ми дојде мисла дека меѓу луѓето не постои толку длабока разлика, ни според интелигенцијата, ни според расата, колку што е разликата меѓу здравите и болните. Вилсон беше толку болен што изгледаше како грешник – како пред него да се наоѓа девојка со бебе, чијшто татко е тој.

„Ќе ти го дадам оној автомобил“, рече Том. „Ќе ти го испратам утре попладне“.

Тоа место секогаш изгледаше вознемирувачки, дури и сред бел ден, а сега ја свртев главата како да бев предупреден на нешто зад нас. Низ големите количини прав нè набљудуваа џиновските очи на докторот Т. Џ. Еклебург, но многу брзо сфатив дека интензивно нè набљудуваат и други очи, на оддалеченост помала од шест метри.

На еден прозорец над работилницата завесите беа малку поместени, а Мирта Вилсон гледаше долу во автомобилот. Изразот на нејзиното лице ми беше чудно познат – израз, кој често го имав видено на лицата на жените, но на лицето на Мирта Вилсон из-

гледаше бесмислено и необјасниво додека не сфатив дека со љубоморен страв се фокусира, не на Том, туку на Џордан Бејкер, за која мислеше дека му е жена.

* * *

Не постои поголема збрка од збрката на простиот ум, така што за време на возењето Том го чувствуваше камшикувањето на паниката. Жената и љубовницата, пред еден час безбедни и неотуѓиви, сега нагло се извлекуваат од неговата контрола. Инстиктот го тераше да притисне на педалот за гас со двојна цел, да ја престигне Дејзи и да избега што подалеку од Вилсон; возевме осумдесет на час кон Астор-ија, а потоа меѓу мрежестите метални носачи го забележавме синото купе.

„Овие големи киносали околу Педесеттата улица се вистинско нешто", рече Џордан. „Го сакам Њујорк во летното попладне кога сите се надвор од градот. Има нешто сетилно во него – презрело, како некакво овошје да ќе ти падне во рацете".

Зборот „сетилно" уште повеќе го вознемири Том, но пред да успее да противречи, купето застана, а Дејзи ни даде знак да застанеме.

„Каде одиме?", довикна таа.

„Како би било да одиме в кино?"

„Толку е жешко", се пожали таа. „Одете вие. Ние ќе се повозиме и ќе ви се придружиме подоцна. ќе се најдеме на некој агол. Јас ќе пушам две цигари".

„Не можеме за тоа тука да се договараме", нервозно рече Том кога камионот зад нас нагази на сирената. „Одете по мене до јужната страна на Централ парк, пред хотелот *Плаза*".

Неколку пати се заврти да го види нивниот автомобил, а кога сообраќајот ги забавуваше и самиот ја намалуваше брзината и чекаше да се појават на видик. Мислам дека се плашеше дека може да свртат во некоја споредна улица и засекогаш да заминат од неговиот живот.

Не заминаа. А сите заедно се свртивме кон тешко сфатливиот чекор да земеме гостинска соба од еден апартман во хотелот *Плаза*.

Долгата и жестока расправија што се заврши со тоа да одиме во една соба ми избега од сеќавањето, но многу добро се сеќавам дека додека траеше моите долни алишта се движеја како влажна змија, дека топчиња студена пот се тркалаа по мојот грб. Оваа идеја произлезе од предлогот на Дејзи да земеме пет бањи и да се истушираме со студена вода, а потоа прерасна во пореална форма како „место на кое можеме да испиеме засладен коктел од нане". Секој од нас повеќепати повтори дека тоа е „луда идеја" – сите истовремено му се обраќавме на збуенетиот рецепционер и мислевме, или се преправавме дека мислиме, дека сме многу забавни...

Собата беше пространа и задушлива и иако веќе беше четири часот, отворањето на прозорецот само придонесе да нè удри топлиот бран што доаѓаше од паркот. Дејзи се приближи до огледалото и стоеше пред него со грбот свртен кон нас местејќи си ја косата.

„Прекрасен апартман", прошепоти Џордан и сите се насмеаја.

„Отвори го другиот прозорец", нареди Дејзи не вртејќи се.

„Нема друг прозорец".

„Ќе биде подобро да телефонираме да ни донесат секира и да...“

„Најдобро ќе биде да заборавиме на жештината“, нервозно рече Том. „Жалејќи се на неа, правите да биде десетпати полоша“.

Го одмота пешкирот и шишето виски го стави на масата.

„Зошто не ја оставиш на мир, стар пријателе“, забележа Гетсби. „Ти сакаше да одиш в град“.

Настапи тишина. Телефонскиот именик се лизна и падна на подот, на што Џордан прошепоти „Извинете“ – но, овој пат никој не се насмеа.

„Јас ќе го подигнам“, се понудив.

„Го подигнав“. Гетсби се загледа во врвката на именикот, промрмори „Хм!“ на интересен начин и го фрли именикот на столот.

„Тоа ти е голема изрека, нели?“, рече остро Том.

„Што тоа?“

„Тоа вашето *стар пријателе*. Од каде си го земал тоа? “

„Слушај, Том“, рече Дејзи тргнувајќи се од огледалото, „ако имаш намера да даваш лични забелешки, ќе си одам веднаш. Јави се и нарачај мраз за овој пијалак“.

Како што Том ја креваше слушалката, така набиената жештина се разби во звук и ги слушнавме чудесните акорди на *Свадбениот марш* на Менделсон од салата за бал под нас.

„Замислете да правите свадба по оваа жештина!“, рече Џордан муртејќи се.

„Па што, и јас правев свадба среде јуни“, се сети Дејзи, „Луисвил во јуни! Некој се онесвести. Кој се онесвести Том?“

„Билокси“, кратко одговори тој.

„Човекот со име Билокси. *Блокс Билокси*, правеше *боксови* – тоа е факт – и беше од Билокси, во државата Тенеси".

„Го однесоа во мојата куќа", додаде Џордан, „бидејќи мојата куќа беше веднаш до црквата. Остана три недели сч додека тато не му кажа дека мора да си оди. Веднаш по неговото заминување, тато умре". По мала пауза додаде: „Немаше никаква поврзаност".

„Го познавав Бил Билокси од Мемфис", реков јас.

„Тој му е роднина. Го познавав целото негово семејство. Ми даде алуминиумски стап за голф што сè уште го користам".

Музиката престана кога свеченоста почна, а до прозорецот доплови долг поздрав, по кој следуваа испрекинати повици „Јеа – еа – еа!" и најпосле се слушна џез што значеше дека игранката почна.

„Стареееме, стареееме", рече Дејзи. „Да бевме млади, ќе станевме и ќе заигравме".

„Сети се на Билокси", ја предупреди Џордан. „Каде го запозна, Том?"

„Билокси?" Се концентрираше со забележителен напор. „Не го запознав јас. Тој беше пријател на Дејзи".

„Не е точно", негираше Дејзи. „Никогаш го немав видено претходно. Дојде со приватен автомобил".

„Е па, тој рече дека тебе те познава. Зборуваше дека пораснал во Луисвил. Во последен момент го донесе Ејс Бирд и прашуваше дали имаме место за него".

Џордан се насмеа.

„Веројатно долго патувал до дома. Ми рече дека бил претседател на вашата група во Јејл?"

Том и јас тапо се загледавме.

„Билокси?“

„Прво, ние немавме никаков претседател...“

Ногата на Гетсби почна нервозно да удира по подот, а Том почна да го фокусира.

„Туку, господине Гетсби, колку што разбрав, ти си од Оксфорд“.

„Не сосема“.

„Да, да, сфаќам дека си одел таму“.

„Да – сум одел таму“.

Настапи пауза. Потоа се јави Том со сомнеж и навреда:

„Мора да си одел таму некаде во времето кога Билокси одеше во Њу Хејвн“.

Настапи уште една пауза. На вратата затропа келнерот и донесе мелено нане и мраз, но неговото „благодарам“ и тивко затворање на вратата не го прекинаа молкот. Овој необично важен детаљ мораше, конечно, да биде расчистен.

„Ти реков дека сум одел таму“.

„Го слушнав тоа, но би сакал да знам кога“.

„Тоа беше во деветстотини девентаесетта, останав таму само пет месеци. Затоа не можам за себе да кажам дека сум човек од Оксфорд“.

Том се заврти за да види дали го забележавме неговиот сомнеж. Меѓутоа, сите ние го гледавме Гетсби.

„Тоа беше шанса што им ја даваа на некои офицери по потпишувањето на мирот“, продолжи тој. „Можевме да одиме на кој било универзитет во Англија и во Франција“.

Сакав да станам и да го подудрам по рамото. Повторно ми се јави целосна доверба во него, која ја имав почувствувано и порано.

Дејзи стана благо смеејќи се и се приближи до масата.

„Отвори го виското Том“, нареди таа, „и ќе ви направам пијалак од нане. Тогаш нема да си личиш сам себеси толку глупаво... Види го нането!“

„Чекај малку“, викна Том, „сакам да му поставам уште едно прашање на господин Гетсби“.

„Само повели“, рече љубезно Гетсби.

„Каква караница сакаш да предизвикаш во мојата куќа?“

Конечно беа на отворен простор и Гетсби беше задоволен.

„Тој не предизвикува караница“, рече Дејзи, очајнички гледајќи ги едниот и другиот. „Ти предизвикуваш караница. Ајде контролирај се малку“.

„Да се контролирам!“, повтори Том со неверување. „Мислам дека последното нешто што еден човек може да го направи е да седи и да дозволи некој непознат човек да дојде од никаде и да води љубов со неговата жена. Па, ако е тоа идејата, тогаш јас не сум во игра... Денес луѓето почнуваат да го исмеваат семејниот живот и семејните институции, а потоа сè ќе отфрлат и дури ќе почнат да се случуваат бракови меѓу црните и белите“.

Занесен во сопственото зборување, се виде себеси како стои сам на последниот бедем на цивилизацијата.

„Тука сите сме бели“, промрмори Џордан.

„Знам дека не сум многу популарен. Не правам големи забави. Мислам дека човек треба да ја претвори куќата во свињарник ако воопшто сака да има пријатели – во современиот свет“.

Онака лут, што бевме сите, дојдов во искушение да се смеам штом тој ќе ја отвори устата. Преминот од блудник во конформист беше целосен.

„Имам да ти кажам нешто, стар пријателе...“, почна Гетсби. Меѓутоа, Дејзи претчувствуваше што ќе каже.

„Те молам, немој!“, го прекина очајнички. „Ве молам сите да си одиме дома. Зошто да не тргнеме сега?“

„Тоа е добра идеја“. Станав. „Ајде, Том. Никој не сака да пие“.

„Сакам да знам што има да ми каже господин Гетсби“.

„Твојата жена не те сака“, рече Гетсби. „Никогаш не те сакала. Таа ме сака мене“.

„Ти си луд!“, се развика Том.

Гетсби скокна, целиот растреперен.

„Никогаш не те сакала, дали ме слушаш?“, викаше тој. „Се омажи за тебе затоа што јас бев сиромашен, а таа беше изморена од чекање. Тоа беше страшна грешка, но во своето срце не сакаше никого освен мене!“

Во овој момент Џордан и јас се обидовме да тргнеме, но Том и Гетсби инсистираа на тоа да останеме – како ни еден од нив да нема што да крие и како да е привилегија тоа да бидеме соучесници на нивните емоции.

„Седни Дејзи“, рече Том со глас, кој бескорисно се обидуваше да биде татковски. „Што се случува? Сакам да слушнам сè“.

„Ти кажав што се случува“, рече Гетсби. „Веќе пет години – а ти не си знаел“.

Том остро се сврти кон Дејзи.

„Ти со овој човек се гледаш пет години?“

„Не се гледа“, рече Гетсби. „Не, не можевме да се гледаме. Но, се сакавме цело време, стар пријателе, а ти не знаеше. Понекогаш се смеев“ – но, сега немаше смеа во неговите очи – „кога ќе помислев дека не знаеш“.

„Ох – и тоа е сè“. Том ги состави рацете како свештеник и седна на столот.

„Ти си луд!“, викна потоа. „Не можам да зборувам за тоа што се случувало пред пет години бидејќи тогаш не ја познавав Дејзи – и нека сум проклет ако ми е јасно како си можел да ѝ пријдеш на километар, а јас да не го видам тоа, освен ако не си носел намирници на задната врата. А, сето друго е проклета лага. Дејзи ме сакаше кога се омажи за мене и уште ме сака“.

„Не те сака“, рече Гетсби, вртејќи со главата.

„Ме сака, ме сака. Проблемот е во тоа што понекогаш има луди идеи и не знае што прави“. Мудро кимаше со главата. „И уште нешто, и јас ја сакам Дејзи. Одвреме-навреме одам на пијанки и правам будала од себе, но секогаш се враќам и во срцето цело време ја сакам“.

„Одвратен си“, рече Дејзи. Се сврти кон мене, а нејзиниот глас, кој беше за октава понизок, ја исполни собата со одвратен презир: „Знаеш зошто си отидовме од Чикаго? Изненадена сум што не те почестиле со приказната за таа мала пијанка“.

Гетсби ја пречекори собата и застана до неа.

„Дејзи, сега сè е готово“, рече сериозно. „Не е повеќе важно. Само кажи му ја вистината – дека никогаш не си го сакала – и тоа е засекогаш избришано“.

Таа тапо го погледна. „Па – како воопшто сум можела да го сакам?“

„Никогаш не си го сакала“.

Застана. Нејзиниот поглед се насочи кон Џордан и мене, како да нè моли, како конечно да сфати што прави – и како никогаш да немала намера да направи што и да е. Меѓутоа, сега беше готово. Беше предоцна.

„Никогаш не сум го сакала“, рече таа, очигледно мачејќи се.

„Ни во Капиоланија?“, остро праша Том.

„Не“.

Од салата за бал, на топлите бранови на воздухот, допираа придушените акорди.

„Ни оној ден кога те носев за да не ги навлажниш чевлите?“ Во неговиот глас имаше некоја сурова нежност... „Дејзи?“

„Немој, те молам“. Гласот ѝ беше студен, но во него повеќе немаше горчина. Го погледна Гетсби. „Слушај Џеј“, рече – но, раката ѝ затрепери при обидот да запали цигара. Одеднаш ги фрли цигарата и запаленото кибритче на тепихот.

„Ох, ти сакаш премногу!“, викна кон Гетсби. „Те сакам сега – зар тоа не е доволно? Не можам да го променам минатото“. Почна неутешно да плаче. „Некогаш навистина го сакав – но, те сакав и тебе“.

Гетсби ги отвори , па ги затвори очите.

„Ме сакаше и *мене*? “, повтори тој.

„Дури и тоа е лага“, бесно рече Том. „Не знаеше ни дали си жив. Значи, има работи меѓу Дејзи и мене што никогаш нема да ги дознаеш, работи кои ниту еден од нас не може никогаш да ги заборави“.

„Сакам да разговарам насамо со Дејзи“, енергично настојуваше. „Сега е премногу возбудена...“

„Дури ни сама не можам да кажам дека никогаш не сум го сакала Том“, призна таа со тажен глас. „Тоа не би било вистина“.

„Се разбира дека не е вистина“, се согласи Том.

Се сврти кон мажот ѝ.

„Како тебе да ти значи нешто тоа“, му рече.

„Се разбира дека ми значи. Од сега подобро ќе се грижам за тебе“.

„Ти не разбираш“, рече Гетсби помалку панично. „Ти веќе нема да се грижиш за неа“.

„Нема?“ Том ги рашири очите и се насмеа. Сега веќе можеше да се контролира. „Како тоа?“

„Дејзи те напушта“.

„Глупост“.

„Сепак те напуштам“, рече таа со забележителен напор.

„Таа не ме напушта!“ Зборовите на Том одеднаш премина на Гетсби. „Секако не поради измамник, кој би морал да украде прстен за да ѝ го стави на прст“.

„Не можам да го поднесам ова!“, крикна Дејзи. „Ве молам да бегаме од тука“.

„Кој си ти, всушност?“, викна Том. „Еден од ѓубриња та што се мотаат наоколу со Мајер Волфшим – толку знам. Малку истражував што работиш – а утре ќе продолжам да проверувам“.

„Можеш да уживаш во тоа, стар пријателе“, расположено рече Гетсби.

„Дознав што се твоите *продавници*“. Се сврти кон нас и го забрза говорот. „Тој и Волфшим купија многу продавници во споредните улици тука и во Чикаго и продаваат алкохол под тезге. Тоа е една од нивните мали мајстории. Штом го видов сфатив дека е шверцер и не погрешив“.

„И што со тоа?“, љубезно праша Гетсби. „Мислам дека на твојот пријател Волтер Чејс не му е под чест да го прави тоа“.

„И го остави на цедило, нели? Го испрати на месец дена затвор во Њу Џерси. Боже! Треба да го слушнеш Волтер што зборува за *тебе*".

„Дојде кај нас целосно шворц. Беше среќен што можеше нешто да заработи, стар пријателе".

„Не викај ме *стар пријателе*!", викна Том. Гетсби молчеше. „Волтер можеше да ве притисне и заради махинациите со обложувањето, но Волфшим му се закани и му ја затвори устата".

Оној непознат, а сепак препознатлив израз, повторно се појави на лицето на Гетсби.

„Работата со продавниците не е ништо големо", полека продолжи Том, „сега работиш со нешто што Волтер не смее ни да ми каже".

Ја погледнав Дејзи, која со вкочанет поглед стоеше меѓу Гетсби и сопругот, па Џордан, која почна да балансира со оној невидлив предмет на брадата. Потоа повторно се свртев кон Гетсби – и бев вџашен од неговиот израз на лицето. Изгледаше – ова го кажувам со сиот презир кој клеветничките разговори на гостите во неговата градина – како „да убил човек". На момент, изразот на неговото лице можеше да се опише токму на тој фантастичен начин.

Кога помина тој момент, восхитено ѝ се обрати на Дејзи негирајќи сè, бранејќи го своето име од обвинувањата што не беа ни искажани. Меѓутоа, таа сè повеќе се повлекуваше во себе, па се откажа и само пустите соништа останаа да се борат додека попладнето течеше кон својот крај обидувајќи се да го допрат тоа што повеќе не можеше да се допре, борејќи се очајнички да дојдат до загубениот глас преку собата.

Тој глас повторно молеше да одиме.

„*Те молам*, Том! Не можам повеќе да го поднесам ова“.

Нејзините преплашени очи зборуваа дека сите намери, сета храброст што дотогаш ги имаше, сега целосно исчезнаа.

„Вие двајцата тргнете дома, Дејзи“, рече Том. „Со автомобилот на господин Гетсби“.

Го погледна Том, целосно вознемирена, но тој инсистираше со горд презир.

„Ајде. Нема повеќе да те малтретира. Мислам дека сфаќа дека е готово со неговиот мал дрзок флерт“.

Тие се загубија без зборови, беа исфрлени, претворени во маргиналци, изолирани, исчезнаа како сеништа дури и од нашето сожалување. По неколку моменти Том стана и почна да го замотува во пешкирот неотвореното шише со виски.

„Сакате малку да се напиете? Џордан?... Ник?“

Молчев.

„Ник?“, праша повторно.

„Што?“

„Сакаш малку?“

„Не... само се сетив дека денеска ми е роденден“.

Навршив триесет години. Пред мене се отвораше кобен, заканувачки пат на новата деценија.

Часот беше седум кога со него влеговме во купето и тргнавме кон Лонг Ајленд. Том не ја затвораше устата, се возбудуваше, се смееше, но неговиот глас беше далеку од Џордан и од мене како некоја непозната бучава на тротоарот или некаде на катот. Човечкото сочувствување има граници и ни беше драго што сите нивни трагични конфликти исчезнуваат во светлата на градот. Триесет години – пред мене е деценија на самотија, сè помал список на познајници, сè

потенка актовка на одушевување, сè помалку коса. Сепак, покрај мене се наоѓаше Џордан, која за разлика од Дејзи беше доволно мудра за заборавените соништа да ги пренесува од едно време во друго. Кога поминувавме преку темниот мост, нејзиното бледо лице се потпре на моето рамо и оној застрашувачки удар на триесеттата година исчезна со охрабрувачкиот стисок на нејзината рака.

Така низ свежиот залез на сонцето возевме кон смртта.

* * *

Младиот Грк Михаелис, кој ја водеше малата кафеана крај пепелиштето, беше главниот сведок на истрагата. Се бранеше од жештината така што спиеше до пет часот, а потоа отиде до механичарската работилница и го затече болниот Вилсон во канцеларијата – тешко болен и блед, целиот се тресеше. Михаелис го советуваше да оди да спие, но Вилсон не го прифати советот велејќи дека ќе пропушти многу работа ако си оди. Додека соседот го убедуваше, над нивните глави се случуваше вистински урнебес.

„Ја заклучив жената", мирно објасни Вилсон. „Ќе остане заклучена до задутре, а потоа ќе се отселиме".

Михаелис беше шокиран; беа соседи четири години и Вилсон никогаш не изгледал како човек што е способен за нешто такво. Главно, тој беше еден од оние истрошени луѓе: кога не работеше, седеше на столот пред вратата и ги набљудуваше луѓето и автомобилите што поминуваат. Кога некој ќе му се обра-

теше, секогаш добродушно ќе се насмевнеше. Не беше свој, туку човек на својата жена.

Затоа беше природно тоа што Михаелис се обидуваше да открие што се случило, но Вилсон одбиваше да каже што било – место тоа, почна сомничаво да го гледа својот посетител и да го прашува што прави во одредено време во одредени денови. Токму кога ситуацијата стана непријатна, некои работници поминаа покрај нив на патот до ресторанот, така што Михаелис ја искористи шансата да си оди, со намера да се врати подоцна. Сепак, не се врати. Мисли дека заборавил, тоа е сè. Кога повторно излезе, малку по седум часот, гласот на госпоѓа Вилсон го потсети на оној разговор, гласот што беше многу силен и прекорен, долу во работилницата.

„Удри ме!“, слушна викање. „Фрли ме долу и удри ме, валкана кукавицо!“

Еден момент подоцна таа истрча во темнината мавтајќи со рацете и викајќи – пред да успее да се помести од вратата, сч беше готово.

„Автомобилот на смртта“, како што беше наречен во еден весник, не застана; доаѓаше од темнината, која стануваше сè погуста, трагично се занесе на момент и потоа исчезна на следниот агол. Мавро Михаелис не беше сигурен дури ни за бојата на автомобилот – на првиот полицаец му рече дека беше светлозелена. Другиот автомобил, кој одеше кон Њујорк, застана по стотина чекори и неговиот возач истрча до Мирта Вилсон, чијшто живот беше насилно угасен, клекна на патот и ја измеша нејзината густа темна крв со правот.

Михаелис и тој човек први стигнаа до неа, но кога ја скинаа нејзината блуза, уште влажна од потта, видоа дека левата града ѝ виси на парче кожа и дека

нема потреба да го слушаат работењето на срцето. Устата □ беше отворена и малку исечена на краевите како да се задуши во текот на ослободувањето од страшната виталност со која толку долго дишеше.

* * *

Уште оддалеку забележавме три-четири возила и група луѓе.

„Судир!“, рече Том. „Тоа е добро. Конечно Вилсон ќе има малку работа“.

Го забави возењето, но немаше намера да застане сè додека не дојдовме сосем близу, кога шокираните лица на вратата на работилницата го натераа да ги стисне сопирачките.

„Ќе погледнеме“, рече со двоумење, „само ќе погледнеме“.

Сега станав свесен за тагата што доаѓаше од работилницата, тагата што по нашето излегување од купето се претвори во зборовите: „О, мој боже!“, зборови што постојано се повторуваа со тешко јадосување.

„Тука се случила гадна несреќа“, потресено рече Том.

Се поткрена на прстите и над кругот од глави погледна во работилницата, која беше осветлена само со жолта ламба што висеше во метална корпа. Потоа со силните раце си направи пат и се проби низ кругот.

Кругот повторно се затвори со неодобрување и прекори; помина цела минута пред да видам што било. Потоа, новодојдените го изместија редот и одеднаш Џордан и јас бевме турнати внатре.

Телото на Мирта Вилсон, замотано во ќебе, па во уште едно ќебе, како да страда од треска во жешка ноќ, лежеше на работната маса покрај ѕидот, а Том, со грбот свртен кон нас, стоеше занесено над него, целосно вкочанет. До него стоеше полицаец, кој ги запишуваше имињата во својот нотес препотувајќи се и поправајќи ги грешките. Во почетокот не можев да го видам изворот на тагата, кој страшно одекнуваше во пустата работилница – а потоа го здогледав Вилсон како стои на високиот праг на канцеларијата нишајќи се и држејќи се со двете раце за рачката од вратата. Некој човек тивко му зборуваше, одвреме-навреме обидувајќи се да ја стави раката на неговото рамо, но Вилсон не слушаше и не гледаше ништо. Погледот полека му се спушташе од занишаната ламба до металната маса покрај ѕидот, а потоа повторно му се враќаше кон ламбата, со непрекинатото, страшно лелекање:

„О, мој боже! О, мој боже! О, мој боже!“

Одеднаш, Том ја подигна главата и откако со ширум отворени очи погледна низ работилницата, му се обрати на полицаецот што тептавеше.

„М-а-в...“, тептавеше полицаецот, „ –о...“

„Не, р“, го поправи човекот, „М-а-в-р-о...“

„Слушај ти!“, бесно рече Том.

„Р...“, рече полицаецот, „о...“

Го подигна погледот кога тешката рака на Том му падна на рамото. „Што сакаш ти?“

„Што се случило? – Тоа сакам да знам“.

„Ја удри автомобил. Остана мртва на самото место“.

„Мртва на самото место“, повтори Том со ширум отворени очи.

„Истрча на патот. Кучкиниот син не ни застана“.

„Беа два автомобила“, рече Михаелис, „едниот доаѓаше, другиот си одеше, јасно?“

„Одеше каде“, праша полицаецот.

„Автомобилите одеа во двете насоки, секој на своја страна. Таа“ – ја подигна раката кон ќебето, застана на сред пат и повторно покажа кон телото – „истрча на улицата и автомобилот што доаѓаше од Њујорк налета право на неа, одеше педесет или шеесет на час“.

„Како се вика ова место?“

„Нема име“.

Тогаш се појави убаво облечен Црнец.

„Автомобилот имаше жолта боја“, рече тој, „голем жолт автомобил. Нов“.

„Ја видовте несреќата?“, праша полицаецот.

„Не, но тој автомобил ме престигна, возеше најмалку седумдесет. Можеби осумдесет на час“.

„Дојдете тука да го запишам вашето име. Дозволете, ве молам. Да го запишам неговото име“.

Некои зборови од нивниот разговор, најверојатно, допреа до Вилсон, кој се нишаше на вратата на канцеларијата бидејќи во неговото лелекање одеднаш влезе нова тема:

„Не морате мене да ми кажувате каков автомобил беше! Знам јас каков автомобил беше!“

Гледајќи го Том забележав дека група мускули на неговиот грб заигра под палтото. Брзо му се приближи на Вилсон и цврсто го зграпчи за рацете.

„Ти мораш да се смириш“, му рече придушено и грубо.

Вилсон ги отвори очите; се поткрена на прстите и ќе паднеше на колена ако Том не го задржеше.

„Слушај“, рече Том, по малку нишајќи го. „Јас пред неколку минути дојдов од Њујорк. Ти го носев

купето за кое разговаравме. Оној жолт автомобил што го возев попладнето не е мој – слушаш ли? Го немам видено цело попладне".

Само Црнецот и јас бевме доволно блиску за да слушнеме што зборува, но на полицаецот му беше сомнителен тонот и се заинтересира.

„Што е сето тоа?", праша остро.

„Јас сум му пријател". Том ја сврте главата, но сè уште цврсто го држеше Вилсон. „Вели дека го знае автомобилот што го направи ова... Имал жолта боја".

Некој нејасен поттик го наведе полицаецот недоверливо да го погледне Том.

„А, каква боја има вашиот автомобил?"

„Сина, купе".

„Ние сега дојдовме од Њујорк", реков јас.

Некој што возел зад нас го потврди тоа и полицаецот се сврти.

„Молам, повторно да ми го кажете името..."

Фаќајќи го Вилсон како кукла, Том го внесе во канцеларијата, го седна на столот и се врати.

„Ако сака некој, да седне со него", викна авторитативно. Ги набљудуваше двајцата мажи што стоеја најблиску како се погледна и безволно влегоа во канцеларијата. Тогаш, Том ја затвори вратата зад нив и се симна низ онаа единствена скала избегнувајќи да гледа во масата. Ми се приближи и ми шепна: „Да бегаме од тука".

Додека неговите големи раце ни правеа пат низ толпата, која сè уште се собираше, поминавме покрај вознемиреният доктор со чанта во рацете, кого го имаа викнато пред половина час во бесцелна надеж.

Том полека возеше до првиот агол, а потоа купето забрза низ ноќта. По некое време, слушнав тивко плачење и видов дека низ неговото лице течат солзи.

„Проклет кукавица!“, викна. „Дури не ни застанал“.

* * *

Куќата на Бјукенан одеднаш заплови кон нас низ мрачните шушкави дрвја. Том застана покрај влезот и погледна кон катот, каде што два прозора беа расцветани од светлината меѓу ползавците.

„Куќата на Дејзи“, рече тој. Кога излеговме од автомобилот ме погледна и малку се намурти.

„Требаше да те оставам во Вест Ег, Ник. Вечерва не можеме ништо да направиме“.

Се измени некако, и сега зборуваше сериозно и решително. Додека поминувавме низ влезниот пат осветлен од месечината, тој во неколку кратки реченици го соопшти планот.

„Ќе викам такси да те однесе до дома, а додека чекаш подобро е ти и Џордан да влезете во кујната и да им кажете да подготват вечера – ако ви се јаде“.

„Не, благодарам. Но, би сакал да викнеш такси. ќе чекам надвор“.

Џордан ја стави раката на моето рамо.

„Зар нема да влезеш, Ник?“

„Не ,благодарам“.

Ми беше мачно и сакав да останам сам. Меѓутоа, Џордан сè уште не се предаваше.

„Часот е само девет и пол“, рече.

Ни Господ немаше да ме внесе внатре; тој ден ми беше доста од сите нив, што одеднаш ја вклучи и Џордан. Мора да забележи нешто во изразот на мо-

ето лице бидејќи одеднаш се заврти, потрча низ скалите на влезот и влезе во куќата. Седев сам неколку минути со главата нурната во рацете додека не слушнав дека батлерот го зема телефонот и повикува такси. Потоа, полека се симнав низ влезниот пат, со намера да чекам покрај капијата.

Само што поминав дваесет чекори, слушнав дека некој ме вика и Гетсби излезе на патот засолнат зад две грмушки. Мора да се чувствував многу чудно бидејќи не можев да мислам на ништо друго, освен на блескавоста на неговиот виолетов костум на месечината.

„Што правиш?“, прашав.

„Стојам тука и ништо повеќе, стар пријателе“.

На некој начин, тоа беше бедно хоби.

Ми изгледаше дека за некоја минути ќе ја ограби куќата; немаше да се изненадам ако ги видев оние зли лица на „луѓето на Волфшим“ зад него во грмушката.

„Дали виде некаква несреќа на патот?“, праша по кратка пауза.

„Да“.

На момент повторно замолчи.

„Дали е мртва?“

„Да“.

„Така и си мислев, ѝ реков на Дејзи дека мислам дека е мртва. Подобро е шокот да дојде одеднаш. Добро го поднесе тоа“.

Зборуваше како реакцијата на Дејзи да е единствено важно нешто.

„Отидов во Вест Ег по обиколниот пат“, продолжи тој, „и го оставив автомобилот во гаражата. Мислам дека никој не нè виде, но не можам да бидам сигурен“.

Веќе толку ми беше одвратен што сметав дека не е ни потребно да му кажам дека не е во право.

„Која беше таа жена?“, праша.

„Се викаше Вилсон. Нејзиниот маж е сопственик на онаа работилница. По ѓаволите, како се случи тоа?“

„Па, се обидов да го завртам управувачот...“ Замолчи и одеднаш јас ја насетив вистината.

„Дали Дејзи возеше?“

„Да“, рече тој по кратко двоумење, „но, се разбира ќе кажам дека јас возев. Гледаш, кога заминавме од Њујорк беше многу нервозна и мислеше дека возењето ќе ѝ помогне – а, таа жена истрча токму кога се разминувавме со автомобилот од спротивниот правец. Сè случи во еден момент, но мене ми се чини дека таа сакаше нешто да ни каже, мислеше дека е некој што таа го познава. Па, Дејзи прво сврте од жената кон другиот автомобил, а потоа ги загуби нервите и се врати. Во моментот кога го фатив управувачот, слушнав удар – мора да остана мртва на самото место“.

„Автомобилот ја распарчи...“

„Не ми кажувај повеќе, стар пријателе“. Застана. „Како и да е – Дејзи додаде гас. Се обидов да ја натерам да застане, но не можеше, па ја кренав рачната сопирачка. Застанавме и таа ми падна во скут. Понатаму возев јас“.

„Таа уште утре ќе биде добро“, продолжи тој. „Јас ќе чекам овде и ќе видам дали тој ќе се обидува да ја малтретира поради попладневната непријатност. Се заклучи во собата и ако тој стане груб, таа ќе го исклучи и повторно ќе го вклучи светлото“.

„Нема ни да ја допре“, реков јас. „Воопшто не размислува за неа“.

„Не му верувам, стар пријателе“.

„Колку долго ќе чекаш?“

„Цела ноќ, ако треба. Во секој случај, додека сите не отидат на спиење“.

Тогаш ми се појави нова претпоставка. Да кажеме, Том да открие дека Дејзи возела. Може да си помисли дека во тоа гледа некоја врска – сè би можел да си помисли. Ја погледнав куќата; два или три прозорци беа осветлени во приземниот дел, а од катот допираше виолетовата светлина од собата на Дејзи.

„Почекај тука“, реков. „Одам да видам дали се случува нешто“.

Се вратив по должината на работ на тревникот. тивко го поминав влезниот пат и на прсти се качив на скалите на балконот. Завесите на работната соба беа тргнати и видов дека собата е празна. Го поминав балконот на кој вечеравме онаа јулска ноќ, пред три месеци, дојдов до оној мал светол правоаголник за кој мислев дека е прозорец од кујната. Завесата беше спуштена, но пронајдов процеп.

Дејзи и Том седеа на кујнската маса, со чинија студено печено пилешко месо меѓу нив и со две шишиња пиво. Тој цело време ѝ зборуваше нешто, а во таа сериозност ја држеше својата рака на нејзината. Одвреме-навреме таа го погледнуваше и кимаше со главата.

Не беа среќни, а ниту еден од нив не го допре пилешкото, ни пивото – но, не беа ни несреќни. Во тая глетка, без сомнение, имаше некоја природна интима, така што секој би рекол дека заедно нешто сонуваат.

Кога на прсти се симнав од балконот, слушнав како таксито тивко стигнува на темниот пат. Гетсби чекаше на истото место.

„Дали е таму сѐ мирно?“, нервозно праша.

„Да, сѐ е мирно“. Направив мала пауза. „Ќе биде подобро да одиш дома и малку да отспиеш“.

Заврти со главата.

„Сакам да чекам тука додека Дејзи не отиде да спие. Добра ноќ, стар пријателе“.

Ги стави рацете во џебовите од палтото и повторно се сврти да гледа кон куќата, како моето присуство да му пречи на светоста на неговото бдеење. Се оддалечив и го оставив на месечината – да бдее над ништо.

VIII. ПОГЛАВЈЕ

Цела ноќ не можев да заспијам; на брегот постојано завиваше сирената, така што се наоѓав меѓу гротескната реалност и тешките застрашувачки соништа. Некаде пред да се раздени слушнав дека доаѓа такси до влезот на Гетсби и веднаш скокнав од креветот и почнав да се облекувам – чувствував дека треба да му кажам нешто бидејќи утрото ќе биде доцна.

Преминувајќи преку неговиот тревник видов дека влезната врата сè уште е отворена и дека тој стои потпрен на масата во ходникот, изморен од напорот и дремлив.

„Ништо не се случи“, рече тажно. „Чекав, а околу четири часот таа дојде на прозорецот и остана неколку минути, а потоа го исклучи светлото“.

Неговата куќа никогаш не ми изгледаше толку голема колку таа ноќ кога поминувавме низ големите соби во потрага по цигари. Ги тргавме завесите, кои беа како паравани, и ги допиравме долгите мрачни ѕидови барајќи ги прекинувачите за светло – во еден момент удрив на тастатурата на небесниот клавир. Насекаде имаше необјасниво многу прав, а собите задушливи како долго време да не се проветрувани. На една необична маса најдов кутија со две цигари. Отворајќи ги француските прозорци на работната соба, седевме и пушевме во темнината.

„Треба да си одиш“, реков. “Речиси е сигурно дека ќе влезат во трага на твојот автомобил“.

„*Сега* да си одам, стар пријателе?“

„Оди на една недела во Атлантик Сити или во Монтреал“.

Не сакаше ни да чуе. Не можеше да ја остави Дејзи додека не дознае што ќе направи. Се фаќаше за последната сламка надеж, а јас не можев да го оттргнам од тоа.

Таа ноќ ми раскажа една чудна приказна од младоста поврзана со Ден Коди – ми ја раскажа затоа што „Џеј Гетсби“ се распарчи како стакло под злобната дланка на Том и затоа што долгата тајна екстраваганција беше демаскирана. Мислам дека сега беше подготвен на тоа целосно да се исповеда, без да заборави нешто, но сакаше да зборува за Дејзи.

Таа била првата „пристојна“ девојка што ја запознал. Во разни скриени околности доаѓал во контакт со такви луѓе, но секогаш со невидлива бодликава жица меѓу. Била восхитувачки пожелна. Одел во нејзината куќа, прво со други офицери од логорот Тејлор, а потоа сам. Бил одушевен – никогаш претходно немал можност да биде во таква куќа. Нејзината неверојатна убавина се напојувала со фактот дека во неа живее Дејзи – за неа куќата била нешто обично како што за него бил логорскиот шатор. Имало во тоа некоја длабока мистерија, претчувство дека спалните соби на катот се поубави и посвежи од другите соби, дека во ходниците на таа куќа се одвиваат активности што одушевуваат, дека тука романсите не се бајати и отфрлени во лавандата, туку дека се свежи и блескави, дека мирисаат на блескави автомобили и на игранки, чиешто цвеќе ретко вене. Го возбудувало и тоа што многу мажи веќе ја сакале Дејзи – во неговите очи тоа ѝ ја кревало вредноста. Го чувствувал нивното присуство низ целата куќа, го

исполнувале воздухот со бои и тонови на сè уште разбрануваните емоции.

Меѓутоа, беше свесен за фактот дека во куќата на Дејзи се нашол сосем случајно. Колку и да беше блескава неговата иднина во ликот на Џеј Гетсби, тогаш беше сиромашно момче без минато, а невидливиот превез на неговата униформа можеше во секој момент да се лизне од неговите рамена. Затоа го користеше времето колку што можеше. Го земаше тоа што можеше да го добие, лакомо и безобразно – конечно, ја зема и Дејзи една тивка октомвриска ноќ, ја зема затоа што немаше вистинско право ни да ја допре нејзината рака.

Можеби се презираше себеси затоа што сигурно ја зеде лажно претставувајќи се. Не сакам да кажам дека се фалеше со своите фантомски милиони, но со умисла ѝ даде на Дејзи чувство на сигурност; ја увери дека е човек од приближно истите општествени слоеви од кои потекнува таа – дека е целосно подготвен да се грижи за неа. Всушност, воопшто немаше такви можности – зад себе немаше стабилно семејно опкружување и беше изложен на милост и немилост на каприците на безличната управа да го фрла насекаде низ светот.

Сеедно, не се презираше себеси, а работите не излегоа како што замислуваше дека ќе бидат. Веројатно имаше намера да го земе тоа што може и да си оди – но сега сфати дека се предал на потрага по грал. Знаеше дека Дејзи е исклучителна, но не сфаќаше колку исклучителна може да биде една „пристојна“ девојка. Исчезна во својата богата куќа, во богатиот и исполнет живот, оставајќи му на Гетсби – ништо. Тој чувствуваше дека е оженет со неа, тоа беше сè.

Кога повторно се сретнаа, два дена подоцна, Гетсби на некој начин остана без здив, во одредена смисла беше предаден. Нејзиниот балкон блескаше од ѕвездената светлина; врбовото дрво од клупата занесно чкрипеше кога се сврти кон него и тој ја бакна нејзината мистична и сочна уста. Беше настината, што ѝ го правеше гласот подлабок и повозбудлив од кога и да е, а Гетсби беше целосно свесен за младоста и за мистеријата што го штити и чува богатството, свесен за свежината на многуте предмети и за Дејзи, која блеска како сребро, безбедна и горда над маките на сиромашните.

* * *

„Не можам да ти објаснам колку бев изненаден кога открив дека ја сакам, стар пријателе. Дури и се понадевав дека ќе ме отфрли, но не го стори тоа, бидејќи и таа ме сакаше. Мислеше дека знам многу бидејќи знаев различни работи од неа... Така се најдов далеку од амбициите, сè повеќе се вљубував, а потоа одеднаш не ми беше грижа. Каква е користа од правењето големи работи, ако може да биде поубаво со тоа што ќе ѝ кажам што ќе правам?"

Последното попладне пред неговото заминување во странство ја држеше Дејзи во прегратка, долго и немо. Беше студен есенски ден, во собата беше запален оган, а нејзините образи едноставно гореа. Одвреме-навреме таа ќе се поместеше и малку ќе ја сменеше положбата на неговата рака, а тој ја бакна еднаш во темната сјајна коса. Тоа попладне малку ги замолчи, како да сакаше подолго да се сеќаваат на долгата разделба што доаѓа со следниот ден. Никогаш не беа поблиски во тој месец на љубовта, ниту

подлабоко меѓусебно комуницираа од тогаш кога таа со немите усни премина преку рамото на неговото палто или кога тој ги допре краевите на нејзините прсти, нежно како да заспала.

* * *

Добро се покажа во војната. Пред заминувањето на фронтот имаше чин капетан, а по Аргонската битка стана мајор и командант на дивизиските митралесци. По потпишувањето на мирот со сите сили настојуваше да си оди дома, но поради некои компликации или недоразбирања беше испратен во Оксфорд. Беше загрижен – во писмата на Дејзи доминираше очај преплавен со нервоза. Не ѝ беше јасно зошто не може да дојде. Чувствуваше притисок од надвор и сакаше да го види и да го почувствува неговото присуство покрај себе и, најпосле, да биде сигурна дека постапува како што треба.

Бидејќи Дејзи беше млада, нејзиниот извештачен свет мирисаше на орхидеи и на пријатна, весела снобовштина, на оркестри што го одредуваа ритамот на годината, давајќи им на тагата и на наметливоста на животот нови тонови. По цели ноќи саксофоните безнадежно завиваа во ритамот на *Бил стрит блуз* додека стотина чифта златни и сребрени влечки го креваа сјајниот прав. На предвечерните чајанки секогаш имаше агли што пулсираа со оваа тивка, слатка треска, додека новите лица се појавуваа овде и онде како латиците на розата што тажниот здив на трубата ги фрла на подот.

Низ тој свет што живее по заоѓањето на сонцето, Дејзи повторно почна да се движи со почетокот на сезоната; одеднаш повторно одржуваше повеќе сред-

би со повеќе момчиња заспивајќи во зората со вечерните фустани помешани со овенатите орхидеи на подот. И сето тоа време нешто во неа ја тераше да донесе одлука. Сакаше животот да ѝ се вообличи на самото место, веднаш – а одлуката мора да ја донесе некоја сила – љубовта, парите или неизбежната практичност – која се наоѓа на дофат на раката.

Таа сила доби форма кон средината на пролетта, со доаѓањето на Том Бјукенен. И неговата личност и статус зрачеа со корпулентност, па Дејзи беше почестена. Несомнено дошло до одредена борба и олеснување. Гетсби го доби писмото додека беше во Оксфорд.

* * *

Веќе дојде утрото на Лонг Ајленд и тргнавме да ги отвориме и другите прозорци во приземјето исполнувајќи ја куќата со светлина што добива сина и златна боја. Сенката на дрвјата падна нагло на росата и небесните птици почнаа да пеат во сините лисје. Во воздухот се почувствува нежен пријатен здив, оддалеку потсетувајќи на ветер, ветувајќи свеж, убав ден.

„Мислам дека никогаш не го сакала“. Гетсби се тргна од прозорецот и ме погледна предизвикувачки. „Мора да запомниш, стар пријателе, дека попладнето беше многу вознемирена. Тој ѝ ги кажа оние работи на начин што ја исплаши – тоа беше причината што јас изгледав како ситен измамник. А резултатот беше што таа, практично, не ни знаеше што зборува“.

Седна нерасположен.

„Се разбира, можеби го сакала многу кратко бидејќи се венчаа – но и тогаш мене ме сакала повеќе од од него, разбираш?“

Одеднаш изнесе интересна забелешка.

„Во секој случај“, рече, „тоа од нејзина страна било нешто многу лично“.

Што можеше да се заклучи од тоа освен да се претпостави некоја длабочина на неговото сфаќање на настаните, која не може да се измери?

Се врати од Франција кога Дејзи и Том сè уште беа на свадбено патување и отиде во Луисвил трошејќи ја својата последна војничка плата. Остана една недела, одеше по улиците низ кои заедно се шетаа онаа ноемвриска ноќ, ги посетуваше напуштените места на кои одеа со нејзиниот бел автомобил. Исто како што куќата на Дејзи секогаш изгледаше помистериозно и повесело од другите куќи, така и неговото сфаќање на градот, иако таа повеќе не беше во него, беше натопено со меланхолична убавина.

Го напушти градот исполнет со чувство дека можеше да ја најде само да ја бараше поупорно – со чувство дека ја остава зад себе. Во дневниот воз – сега беше целосно шворц – беше страшно топло. Излезе во ходникот и седна на помошното седиште, станицата помина покрај него, а задниот дел на непознатите згради се лизгаше сè побрзо. Потоа, пругата тргна и пролетните полиња, каде што со нив цела минута се тркаше жолтиот трамвај полн со патници, кои, можеби, некогаш ја виделе магичноста на нејзиното лице во прошетка по улица.

Пругата скршна и сега бегаше од сонцето, кое, како што се спушташе пониско, како да му даваше благослов на градот што исчезнуваше, градот во кој се роди таа. Во очај ја подаде раката како да сака да дофати само дел од воздухот, да спаси дел од местото, кое таа го направи убаво за него. Меѓутоа, сега сето тоа поминуваше пребрзо за неговите замаглени

очи и знаеше дека засекогаш го загуби оној најсвеж и најдобар дел.

Беше девет часот кога завршивме со појадокот и излеговме на балконот. Ноќта сосема го измени годишното време и во воздухот се чувствуваше здивот на есента. Градинарот, последниот од поранешните слуги на Гетсби, дојде до скалите.

„Денес ќе го испразнам базенот, господин Гетсби. Лисјата брзо ќе почнат да паѓаат и тогаш ќе има проблем со цевките".

„Не прави го тоа денеска", одговори Гетсби. Потоа се сврти кон мене како да се извинува. „Знаеш, стар пријателе, ниту еднаш не го искористив тој базен ова лето".

Погледнав на часовникот и станав.

„Дванаесет минути до мојот воз".

Не сакав да одам в град. Воопшто не ми се работеше, но имаше нешто посилно од тоа – не сакав да го оставам Гетсби сам. Го пропуштив тој воз, па уште еден, пред да успеам да си отидам.

„Ќе ти се јавам", реков на крајот.

„Јави се, стар пријателе".

„Ќе ти се јавам околу пладне".

Полека се симнавме по скалите.

„Се надевам дека и Дејзи ќе се јави". Ме погледна плашливо како да очекува да го потврдам тоа.

„Мислам дека ќе ти се јави".

Се ракувавме и си отидов. Пред да стигнам до живата ограда се сетив на нешто и се свртев.

„Тие се одвратна толпа", му довикнав преку тревникот. „Ти вредиш повеќе од сите нив заедно".

Толку ми е драго што го кажав тоа. Тоа беше единствениот комплимент што некогаш му го дадов бидејќи од почетокот до крајот не го разбирав. Прво

кимна со главата, а потоа неговото лице се разлеа во блескава насмевка на разбирање, како по повод тој факт цело време да се согласувавме. Неговиот раскошен виолетов костум толку убаво блескаше на белата подлога на скалите, што ме асоцираше на ноќта кога првпат дојдов во неговата куќа, пред три месеци. Тогаш тревникот и влезот беа полни со лица на луѓе што зборуваа за неговата расипаност – а тој стоеше на скалите, криејќи го својот невин сон и мавтајќи им во знак на поздрав.

Му заблагодарив на неговото гостопримство. Секогаш му заблагодаруваме на тоа – јас и другите гости.

„До видување“, довикнав. „Уживав во појадокот, Гетсби“.

* * *

Кога дојдов во градот се обидов да го средам списокот на кој се наоѓаше бескрајна количина артикли, а потоа заспав на столот. Во пресрет на попладнето, ме разбуди телефонот, се разбудив со капки пот на челото. Беше Џордан Бејкер; често ми се јавуваше во тоа време затоа што беше тешко да ја најдеш неа, со оглед на нејзиното движење меѓу хотелите, клубовите и приватните куќи. Обично нејзиниот глас доаѓаше преку жицата како нешто свежо и убаво, како на прозорецот од канцеларијата да стигнува дел од тревата од теренитe за голф, но тоа утро нејзиниот глас беше строг и сув.

„Си отидов од куќата на Дејзи“, рече. „Сега сум во Хемпстед, а попладне одам во Саутемптон“.

Веројатно беше тактично да се оди од куќата на Дејзи, но тој чин ме загрижуваше, а нејзината следна забелешка ме налути.

„Минатата ноќ не беше љубезен со мене".

„Каква врска можеше да има тоа во онаква ситуација?"

Настапи краткотраен молк. Потоа:

„Меѓутоа – јас сакам да те видам".

„И јас сакам да те видам".

„Да кажеме, да не одам во Саутемптон и попладне да дојдам в град?"

„Не – мислам дека не можам денеска попладне".

„Добро".

„Денеска попладне е невозможно. Разни..."

Некое време разговаравме во тој стил, а потоа одеднаш го прекинавме разговорот. Не знам кој од нас ја спушти слушалката, но знам дека воопшто не ми беше грижа. Не можев тој ден да разговарам интимно со неа преку малата маса, па макар и никогаш повеќе да не разговарам со неа.

Неколку минути подоцна звонев во куќата на Гетсби, но линијата беше зафатена. Се обидов четирипати; на крајот во централата ми рекоа дека линијата е отворена за меѓуградски разговор со Детроит. Земајќи го возниот ред, полека го заокружив возот што тргнува во три и петнаесет. Потоа седнав на столот и се обидував да размислувам. Беше речиси попладне.

* * *

Кога тоа утро со возот поминував низ пепелиштето, намерно преминав на другата страна на вагонот. Претпоставував дека таму цел ден ќе има голе-

ма група љубопитни луѓе со деца што ќе бараат дамки во правот, со некој разговорлив тип, кој постојано ќе прераскажува што се случило, сè додека и нему самиот не му стане нестварно и потоа престане да раскажува, а трагичниот случај на Мирта Вилсон биде заборавен. Сега сакам малку да се вратам назад и да раскажам што се случи во работилницата по нашето заминување претходната ноќ.

Имаа проблеми да ја пронајдат нејзината сестра, Кетрин. Мора таа вечер да го прекршила правилото да не пие бидејќи кога стигна беше целосно пијана и не можеше да сфати дека возилото на итната помош веќе беше отидено. Кога ја убедија во тоа, падна во несвест како тоа да е неподнослив иот дел од несреќата. Некој, љубезен или љубопитен, ја однесе да го испрати телото на сестра си.

Долго по полноќ, луѓето sиркаа од вратата на работилницата, додека Џорџ Вилсон се нишаше на креветот внатре. Некое време вратата на канцеларијата беше отворена и сите што влегуваа во работилницата веднаш гледаа и низ неа. Најпосле, некој рече дека тоа е срамота и ја затвори вратата. Михаелис мораше да го замоли последниот странец да остане петнаесет минути за да може кај себе да свари кафе. Потоа, остана сам со Вилсон до утрото.

Околу три часот, мрморењето на Вилсон го измени тонот – беше потивок и почна да зборува за жолтиот автомобил. Рече дека знае на кој начин ќе открие кому му припаѓа автомобилот, а потоа се префрли на тоа дека пред еден месец неговата жена дошла од градот со модринки на лицето и со потечен нос.

Меѓутоа, кога сфати што кажа, се сепна и почна да вика „О, боже мој!“ со оној плачлив тон. Михае-

лис неснаодливо се обидуваше да го натера да не размислува на тоа.

„Од кога бевте во брак Џорџ? Ајде немој, седи малку мирно и одговори ми на прашањето. Колку долго бевте во брак?“

„Дванаесет години“.

„Дали имавте деца? Ајде Џорџ седи мирно – те прашав нешто. Дали некогаш имавте деца?“

Некои светли инсекти постојано удираа во придушената ламба, а секогаш кога Михаелис ќе слушнеше дека поминува некој автомобил му се причинуваше дека тоа е автомобилот што не застана пред неколку часа. Не сакаше да влегува во работилницата затоа што работната маса на која лежеше телото беше измрсена, па нервозно се шеташе низ канцеларијата – до утрото одлично го познаваше секој предмет во неа – а одвреме-навреме седнуваше до Вилсон за да го смири.

„Имаш ли некоја црква во која одиш понекогаш, Џорџ? Дури и да не си бил многу време? Можеби би требало да се јавам в црква и свештеникот да дојде и да поразговара со тебе, добро?“

„Не припаѓам на ниту една црква“.

„Мораш да имаш црква, Џорџ, за вакви случаи. Мора некогаш да си одел в црква. Зар не се венча во црква? Слушај Џорџ, слушај ме добро. Зар не се венчавте во црква?“

„Тоа беше одамна“.

Напорот да одговара на прашањата го наруши ритамот на неговото нишање – на момент беше мирен. Потоа, оној ист полусвесен, полузашеметен поглед се врати во неговите очи.

„Погледни таму во фиоката“, рече тој, покажувајќи на масата.

„Која фиока?“

„Онаа фиока – онаа таму“.

Михаелис ја отвори фиоката што му беше најблиску. Во неа немаше ништо освен мало скапоцено кучешко јаже, кое беше направено од кожа и плетено сребро.

„Ова?“, праша, подигнувајќи го.

Вилсон се загледа и кимна со главата.

„Го најдов вчера попладне. Се обиде да ми каже за него, но знаев дека е нешто смешно“.

„Сакаш да кажеш дека твојата жена го купила?“

„Го замота во свилена хартија на својата маса“.

Михаелис не гледаше ништо чудно во тоа и му кажа на Вилсон десетина причини заради кои неговата жена би можела да купи јаже за куче. Разбирливо е дека Вилсон имаше слушнато некои од тие објаснувања од Мирта бидејќи повторно почна да повторува „О, боже мој!“ – неговиот утешител остави неколку објаснувања да реат во воздухот.

„Тогаш тој ја уби“, рече Вилсон. Неговата уста одеднаш остана отворена.

„Кој ја уби?“

„Знам како ќе дознаам“.

„Ти си морбиден Џорџ“, рече неговиот пријател. „Ова е за тебе голем напор и повеќе не знаеш што зборуваш. Ќе биде подобро да се обидеш да седиш мирен до утрото“.

„Тој ја уби“.

„Тоа беше сообраќајна несреќа, Џорџ“.

Вилсон вртеше со главата. Очите му солзеа, устата му се отвораше со здив на надмокното „Хм!“

„Знам“, рече со сигурност, „ јас сум од оние добродушни луѓе што им веруваат на *сите* и *никому* не му мислат зло, но кога знам нешто, тогаш знам. Тоа

беше човекот во оној автомобил. Таа истрча да му каже нешто, а тој не сакаше да застане".

И Михаелис го виде тоа, но не му падна на ум дека во тој факт има некое посебно значење. Мислеше дека госпоѓа Вилсон бега од мажот ѝ, а не дека се обидува да застане некој посебен автомобил.

„Како можеше да биде таква?"

„Таа е смотана", рече Вилсон, како тоа да е одговор на прашањето. „Ах-х-х..."

Повторно почна да се ниша, а Михаелис стоеше виткајќи го јажето во раката.

„Џорџ, имаш ли некој пријател кому би можел да му телефонирам?"

Тоа беше очајнички обид – речиси беше сигурен дека Вилсон нема ниту еден пријател: не беше доволно посветен ни на сопствената жена. Малку подоцна му беше драго што забележува промена во канцеларијата, што светлината почнува да поминува покрај прозорецот сфаќајќи дека зората не е далеку. Околу пет часот надвор имаше доволно светлина, па тој го исклучи светлото внатре.

Уморните очи на Вилсон погледнаа кон пеплиштето, каде што малите сиви облаци добиваа фантастични контури и овде и онде беа носени од утринското ветре.

„Убаво ѝ зборував", промрмори тој по долго молчење. „Ѝ реков дека од мене може да прави будала, но не и од Господ. Ја донесов до прозорецот" – стана со очигледен напор и отиде до задниот прозорец потпирајќи го лицето на него – „и ѝ реков ‚Господ знае што правиш ти, сè што правиш. Можеш од мене да правиш будала, но не и од Господ!'"

Стоејќи зад него, Михаелис во шок забележа дека гледа во очите на докторот Т. Џ. Еклебург, кои

тукушто се појавија, бледи и големи, од нокта што исчезнуваше.

„Господ гледа сè", повтори Вилсон.

„Тоа е реклама", го уверуваше Михаелис. Нешто го натера да се сврти од прозорецот и да го сврти погледот. Меѓутоа, Вилсон стоеше долго време со лицето потпрено на стаклото на прозорецот климајќи со главата во зората.

* * *

Во шест часот Михаелис беше целосно исцрпен и му олесни кога надвор застана еден автомобил. Тоа беше еден од тие што вети дека ќе се врати, така што подготви појадок за тројца, кој го изедоа тие двајцата. Вилсон сега беше посмирен и Михаелис си отиде дома да спие; кога се разбуди четири часа подоцна и побрза да дојде во работилницата, Вислон повеќе не беше таму.

Неговото движење – цело време одеше пеш – подоцна беше следено до пристаништето Рузвелт, па до Божјиот брег, каде си купи сендвич што не го изеде и пиеше кафе. Мора да беше уморен и да одеше бавно бидејќи до пладне не беше стигнат на Божјиот брег. Дотаму воопшто не е тешко да се објасни на што го потроши времето – имаше момчиња што видоа човек што „се однесува како лудак" и возач што чудно гледаше од работ на патот. Потоа, на три часа се загуби од видот. Полицијата, под влијание на тоа што го слушна од Михаелис, дека „знае како ќе дознае" претпостави дека оди од работилница до работилница во околината распрашувајќи се за жолтиот автомобил. Од друга страна, ниту еден механичар не се јави дека го видел, така што, можеби, имаше по-

лесен, посигурен начин да го дознае тоа што го сака. Во два и пол се наоѓаше во Вест Ег, каде што прашал некого како се стигнува во куќата на Гетсби. Значи, тогаш веќе го знаеше името на Гетсби.

* * *

Во два часот Гетсби го облече костумот за капење и му рече на батлерот да му се јави кај базенот ако некој се јави на телефон. Отиде до гаражата да го земе гумениот душек што ги развеселуваше гостите во текот на летото, а возачот му помогна да го надува. Потоа даде упатство дека отворениот автомобил не смее под никакви околности да се вади од гаражата – што беше чудно бидејќи предниот браник требаше да се поправи.

Гетсби го стави душекот на рамо и тргна кон базенот. Еднаш застана малку да го помести, возачот го праша дали му е потребна помош, на што тој заврти со главата и се протна меѓу пожолтените дрвја.

Немаше никаква телефонска порака, но батлерот не спиеше и чекаше до четири часот – ако се појави тој до кого пораката можеше да стигне. Мое мислење е дека ни самиот Гетсби не веруваше дека ќе стигне порака, а можеби повеќе не му беше грижа. Ако тоа е вистина, сигурно чувствуваше дека засекогаш го загуби оној топол свет, дека скапо го плати тоа што толку долго живееше со еден единствен сон. Сигурно низ оние застрашувачки лисје погледна во она чудно небо и затрепери кога откри дека розата е гротескна и сонцето сурово на само што изникнатата трева. Еден нов свет, материјален а нереален, каде што неочекувано се движат бедни сеништа кои ги вдишуваат соништата како воздух... како онаа пепе-

лава фантомска фигура што доаѓа кон него низ страшните дрвја.

Возачот – кој беше еден од штитениците на Волфшим – слушна истрели – подоцна само рече дека, практично, не размислувал за нив. Јас од станицата дојдов директно во куќата на Гетсби и моето забревтано трчање низ главните скали беше првиот знак што сите ги вознемири. Бев убеден дека веќе знаат. Речиси без зборови, ние четворицата, возачот, батлерот, градинарот и јас, потрчавме кон базенот.

Едвај се забележуваше дека водата тече од едниот крај кон другиот, со оглед на тоа што на едната страна влегуваше свежа, а на другата одеше во одводот. Со движењето на водата, кое не личеше на бранови, тешкиот душек полека пловеше по базенот. Ветерот, кој лесно ја брануваше површината, беше доволен го измести неговиот неочекуван правец на движење со неочекуваниот товар. Допирот на многуте лисја го вртеше пополека оставајќи зад себе, како крак на шестар, тенок црвен круг во водата.

Дури кога со телото на Гетсби тргнавме кон куќата, градинарот, малку подолу во тревата, го забележа телото на Вилсон, така што злосторството беше целосно.

IX. ПОГЛАВЈЕ

Денес, по две години, се сеќавам на остатокот од тој ден, таа ноќ и следниот ден само како на бескрајно дефиле на полицијата, фотографите и новинарите, кои влегуваа и излегуваа од големата врата на Гетсби. На главната капија беше ставено затегнато јаже, полицаецот покрај него ги спречуваше љубопитните луѓе да влегуваат, но момчињата брзо открија дека можат да влезат низ мојот двор, па покрај базенот постојано се наоѓаа групи зачудени момчиња. Човекот со самоуверено држење, веројатно беше детектив, го употреби изразот „лудак“ кога тоа попладне се наведна над телото на Вилсон, а авторитативноста на неговиот тон ја одреди насоката на извештаите на весниците од следното утро.

Поголемиот број од тие извештаи беа кошмарни – гротескни, посредни и невистинити. Кога сведочењето на Михаелис во истрагата го изнесе на светлина сомнежот на Вилсон во својата жена, си помислив дека целата приказна ќе се претвори во фарса – но, Кетрин, која можеше да каже сешто, не рече ни збор. Во врска со тоа, таа покажа изненадувачка сила на карактерот – го гледаше инспекторот во очи и се колнеше дека нејзината сестра никогаш не го ни видела Гетсби, дека била целосно задоволна од својот маж, дека не била вмешана во никакво опасно дело. Се убеди себеси во тоа и плачеше во шамичето како само споменувањето на та-

квата можност да беше нешто што не можеше да го издржи. Така Вилсон беше сведен на човек со „лудачка болка“ за случајот да може да остане во својата наједноставна форма. Така и беше.

Меѓутоа, целиот овој дел на случајот ми се чинеше далечен и неважен. Се најдов на страната на Гетсби, и сам. Од моментот кога преку телефон ја пренесов веста за катастрофата во ВестЕг, луѓето во врска со сите практични прашања почнаа да ми се обраќаат мене. Прво бев изненаден и збунет; потоа, додека тој лежеше во куќата неподвижен, без здив и зборови, сч повеќе ми доаѓаше в глава дека јас сум одговорен бидејќи никој друг не беше заинтересиран – заинтересиран во смисла на длабоко лично интересирање на кое, на крајот на краиштата, сите имаат право.

По половина час откако го најдовме, ѝ се јавив на Дејзи, некако инстинктивно и без двоумење. Но таа и Том беа отидени некаде уште рано попладне и тоа со багаж.

„Не оставија адреса?“

„Не“.

„Ниту рекоа кога се враќаат?“

„Не“.

„Имате ли воопшто некоја идеја каде би можеле да бидат? Како би можел да дојдам до нив?“

„Не знам. Не можам да кажам“.

Сакав да му донесам некого. Сакав да влезам во собата во која лежеше и да му кажам: „Ќе ти донесам некого, Гетсби. Немој да се грижиш. Верувај ми дека ќе донесам некого...“

Името на Мајер Волфшим не се наоѓаше во телефонскиот именик. Батлерот ми ја даде адресата на

неговата канцеларија во Бродвеј, се јавив на информации и го добив бројот, но тогаш веќе одамна беше поминат пет часот, така што на повиците не одговараше никој.

„Ќе сакате ли повторно да ги побарате?“

„Го направив тоа веќе трипати“.

„Многу е важно“.

„Извинете. За жал, таму нема никој“.

Се вратив во работната соба и на момент помислив дека сите тие се случајни посетители, тие официјални луѓе што ја исполнуваа. Иако тие го креваа чаршафот и вчудовидено гледаа во Гетсби, неговиот протест продолжуваше во мојата глава:

„Слушај стар пријателе, мора да ми донесеш некого. Мораш да бидеш упорен. Не можам низ сето ова да поминам сам“.

Некој почна да ми поставува прашања, но побеснев и се качив на катот, на брзина ги погледнав отворените фиоки на неговата маса – никогаш не ми кажа дека неговите родители се починати. Но не најдов ништо – само слика на Ден Коди, симбол на заборавената арогантност, која ме гледаше од ѕидот.

Идното утро, го испратив батлерот во Њујорк да му предаде писмо на Волфшим, во кое барав информации и го молев да дојде со првиот воз. Додека ја пишував, таа молба ми личеше непотребно. Бев сигурен дека ќе тргне кога ќе прочита во весниците, исто како што бев сигурен дека телеграма од Дејзи ќе стигне претпладнето – но не стигна ни телеграмата, ни господин Волфшим; никој не дојде освен уште полицајци, фотографи и новинари. Кога батлерот го донесе одговорот на Волфшим, во

мене се разбуди чувство на пркос, солидарност исполнета со презир меѓу Гетсби и мене против сите нив.

Драги господин Каравеј,
Ова е еден од најтешките удари во мојот живот, едвај можам да поверувам дека е вистина. Таков луд чин каков што е направен од тој човек треба да нè натера сите нас да се замислиме. Не можам да дојдам затоа што имам многу важна работа и не можам сега да се занимавам со тоа. Ако има нешто што можам да го направам малку подоцна, јави ми со писмо преку Едгар. Не знам ни каде се наоѓам кога ќе слушнам нешто вакво и целосно сум зашеметен.

Искрено ваш,
МАЈЕР ВОЛФШИМ

А потоа следуваше избрзан додаток:

Јави ми се за погребот итн. неговото семејство воопшто не го познавам.

Кога тоа попладне ми заѕвони телефонот и операторот ми најави дека повикот е од Чикаго, си помислив дека, конечно, се јавува Дејзи. Но се слушна машки глас, пискав и многу далечен.

„Овде Слегл..“

„Молам?“ Името ми беше непознато.

„Страшна вест, нели? Ја доби мојата телеграма?“

„Немаше никаква телеграма“.

„Младиот Паки е во невоља“, рече брзо. „Го собраа додека под тезге продаваше обврзници. Од Њујорк добија циркуларно известување за броевите на обврзниците само пет минути претходно. Што мислиш за тоа, еј? Во овие провинциски градови никогаш не се знае...“

„Ало!“, го прекинав наеднаш. „Слушај таму – јас не сум господин Гетсби. Господин Гетсби е мртов“.

Од другата страна на жицата настапи долго молчење, а по него следуваше крик... а, потоа кратки пречки, кои го означија прекинувањето на врската.

* * *

Мислам дека третиот ден стигна телеграма од Минесота со потпис: *Хенри К. Гец.* Во неа само пишуваше дека испраќачот тргнува веднаш и погребот да се одложи додека не стигне.

Тоа беше таткото на Гетсби, сериозен стар човек, сосем беспомошен и очаен, замотан во долга евтина кабаница на топлиот септемврски ден. Неговите очи без престан солзеа, а кога ги земав од него торбата и чадорот, почна толку упорно да ја кубе ретката брада што едвај успеав да му ја соблечам кабаницата. Беше пред колапс, па го внесов во собата за музицирање и го натерав да седне и да почека да му донесат јадење. Но тој одбиваше да јаде, а чашата млеко се истури од неговите рестреперени раце.

„Видов во весниците во Чикаго“, рече тој. „Сè е објавено во весниците. Веднаш тргнав“.

Неговите очи, кои не гледаа ништо, постојано лутаа низ собата.

„Тоа бил некој лудак“, рече тој. „Мора да бил луд“.

„Дали би се напиле едно кафе?“, прашав јас.

„Не сакам ништо. Сега ми е добро, господине...“

„Каравеј“.

„Па, сега ми е добро. Каде се наоѓа Џими?“

Го однесов во работната соба, каде што лежеше неговиот син, и го оставив. Некои момчиња беа дојдени на скалите и зиркаа во ходникот; кога им кажав кој дојде, се одалечија безволно.

По кратко време господин Гец ја отвори вратата и излезе, устата му беше полуотворена, лицето помалку замаглено, од очите му паѓаа крупни ретки солзи. Тој веќе беше во години кога смртта нема својство на грозно изненадување, а сега кога првпат се заврти наоколу и ги виде висината и сјајот на ходникот и пространите соби, кои од него се отвораат во други соби, неговата болка почна да се меша со една страшна гордост. Му помогнав да се качи во спалната соба на катот; додека ги соблекуваше сакото и кошулата, му кажав дека сè беше одложено до неговото доаѓање.

„Не знаев што ќе направите господине Гетсби...“

„Јас сум Гец“.

„... Господине Гец. Помислив дека, можеби, ќе го однесете телото на Запад“.

Заврти со главата.

„Цими отсекогаш повеќе го сакаше Истокот. Дали вие бевте пријател на моето момче, господине...?“

„Бевме многу блиски“.

„Знаете, тој пред себе имаше голема иднина. Сè уште беше млад, но тука имаше многу сила“.

Се чукна по главата, а јас потврдно кимнав со главата.

„Да поживееше, ќе беше голем човек. Човек како Џејмс Џ. Хил. Ќе помогнеше во изградбата на земјата“.

„Тоа е точно“, реков чувствувајќи се непријатно.

Го допираше везениот прекривач обидувајќи се да го тргне од креветот, потоа легна вкочането – и веднаш заспа.

Таа вечер се јави некоја очигледно уплашена личност, бараше јас да се претставам пред да го каже своето име.

„Овде господин Каравеј“, реков.

„Ох!“ Како да му олесни. „Овде Антилопа“.

И мене ми олесни бидејќи тоа значеше дека уште еден пријател ќе биде покрај гробот на Гетсби. Не сакам веста за погребот да биде објавена во весниците за да не ја привлече љубопитната толпа, па затоа на неколку луѓе им се јавив лично. Беше тешко да се пронајдат.

„Погребот е утре“, му реков. „Во три часот тргнуваме од тука, од куќата. Кажи му на секого што би го интересирало“.

„Да, да“, зборуваше брзо. „Се разбира, веројатноста да видам кого било е мала, но ако се случи ќе им кажам“.

Неговиот тон ми личеше сомнително.

„Се разбира, ти ќе бидеш таму“.

„Секако ќе се обидам. Јас се јавив заради...“

„Чекај малку“, го прекинав. „Можеш ли да ми потврдиш дека доаѓаш?“

„Па, работите се такви – вистината е дека сум со едно друштво, тука во Гринич, кое очекува да бидам со него и утре. Всушност, имаме некаков пикник. Се разбира, ќе направам сч за да се извлечам“.

Испуштив едно неконтролирано „Ух!“ и мора да ме слушна бидејќи продолжи нервозно:

„Се јавив заради спортските чевли што ги оставив таму. Ме интересира дали би било проблем батлерот да ми ги испрати. Гледаш, се работи за чевли за тенис, се чувствувам некако беспомошно без нив. Мојата адреса е Б. Ф....“

Не го слушнав другиот дел од името бидејќи ја треснав слушалката.

Потоа чувствував одреден срам поради Гетсби – еден господин кому му телефонирав рече дека го добил тоа што го заслужувал. Но тоа беше моја грешка бидејќи тој беше еден од оние што постојано го напаѓаа Гетсби поради вмешаноста во криумчарењето алкохол, така што не требаше воопшто да му се јавувам.

Утрото на денот на погребот отидов во Њујорк да го видам Мајер Волфшим; ми се чинеше дека не можам на друг начин да го добијам. Вратата што ја отворив со сила, по советот на еден лифтбој, беше

обележана со *Свастика холдинг компаниј*а и на почетокот изгледаше дека внатре нема никој. Но кога викнав „ало“ неколкупати залудно, зад паравант дојде до расправија и веднаш на вратата се појави една убава Еврејка и ме измери со непријателскиот поглед на нејзините црни очи.

„Нема никој“, рече. „Господин Волфшим отиде во Чикаго“.

Првиот дел од оваа изјава очигледно беше невистинит бидејќи некој внатре почна полека да и свирка *Бројаници.*

„Ве молам, кажете му дека господин Каравеј сака да го види“.

„Не можам да го вратам од Чикаго, нели?“

Во тој момент зад вратата се слушна глас, без сомнение на Волфшим, „Стела!“

„Оставете го името на масата“, рече таа забрзано, „ќе му го дадам кога ќе се врати“.

„Но, јас знам дека тој е тука“.

Направи еден чекор кон мене и почна налутено да ги трие рацете од колковите.

„Вие млади луѓе мислите дека во секое време можете да влезете со сила“, ме прекори. „Од тоа ни е доста. Кога велам дека е во Чикаго, тогаш е во *Чикаго*“.

Го споменав Гетсби.

„Ох-х!“ Повторно ме измери од глава до петици. „Ќе сакате ли – како се викате?“

Исчезна. За една минута на вратата свечено стоеше Мајер Волфшим подавајќи ги двете раце. Ме повлече во канцеларијата повторувајќи со одмерен глас дека времето е тажно за сите нас и ми понуди цигара.

„Се сеќавам на првиот пат кога го сретнав“, зборуваше тој. „Млад мајор, тукушто дојде од војска со одликувањата што ги добил во војната. Беше во толку тешка ситуација што мораше да ја носи униформата затоа што не можеше да си купи костум. Првиот пат го видов кога дојде во Винбренеровата сала за билијард во Четириесет и третата улица и бараше работа. Неколку дена немаше ништо јадено. ‚Ајде, ручај со мене', му реков. За половина час изеде храна за повеќе од четири долари“.

„Дали ти го внесе во работата?“, го прашав.

„Внесов! Јас го создадов“.

„Ох!“

„Го кренав од ништо, директно од кал. Веднаш видов дека е привлечен, елегантен младич, а кога ми рече дека бил на Оксфорд знаев дека можам добро да го искористам. Го внесов во американската легија и таму имаше добар статус. Веднаш одработи одлична работа за еден мој клиент во Албанија. Одлично се согласувавме во сè“ – ги подигна двата дебели прста – „секогаш заедно“.

Се прашував дали под тоа партнерство се подразбираше и трансакцијата во врска со лажирањето на финалниот напревар во деветстотини деветнаесеттата.

„Сега тој е мртов“, реков по кратката пауза. „Ти му беше најблизок пријател, па сметам дека утре попладне сигурно ќе дојдеш на погребот“.

„Би сакал да дојдам“.

„Па тогаш дојди“.

Влакната во неговите ноздри малку затреперија, а додека вртеше со главата очите му се наполнија со солзи.

„Не можам – не можам да се мешам во тоа“, рече тој.

„Нема во што да се мешаш. Сега е сè готово“.

„Кога ќе убијат некој човек, не сакам на никаков начин да се мешам. Се држам на страна. Кога бев млад беше поинаку – кога некој мој пријател ќе загинеше, без разлика на кој начин, останував со него до крај. Можеш тоа да го сметаш за сентименталност, но навистина го мислам тоа – до самиот крај“.

Видов дека од некои свои причини нема намера да дојде, па станав да си одам.

„Дали си факултетски образован?“, ме праша одеднаш.

На момент помислив дека ќе ми предложи „работна врска“, но само кимна со главата и се ракуваше.

„Да научиме да го негуваме пријателството со човекот додека е жив, а не кога ќе умре“, рече тој. „Мое правило е дека по тоа сè треба да се остави на мир“.

Кога излегов од неговата канцеларија небото веќе беше смрачено, а кога стигнав во Вест Ег почна да врне дожд. Се преоблеков и отидов во куќата на Гетсби, каде што го затеков господин Гец како восхитено шета по ходникот. Неговата гордост заради синот и богатството на синот постојано се зголемуваше и сега имаше нешто да ми покаже.

„Оваа слика ми ја испрати Џими“. Со растреперените прсти го извади паричникот. „Види“.

Тоа беше фотографија на куќата, искината на рабовите и извалкана од многуте раце низ коишто поминала. Внимателно ми го покажуваше секој детаљ. „Види го ова“, зборуваше и потоа се обидуваше да го забележи одушевувањето во мојот поглед. Толку

многу ја покажуваше што мислам дека му беше пореална од самата куќа.

„Многу добро. Дали го имавте видено скоро?“

„Дојде да ме види пред две години и ми ја купи куќата во која сега живеам. Се разбира, ние бевме шворц кога тој побегна од дома, но сега гледам дека имал причина за тоа. Знаеше дека пред себе има голема иднина. И откако постигна успех, секогаш беше добар кон мене“.

Не сакаше да ја остави сликата, уште некое време ја држеше пред моите очи. Потоа го врати паричникот и од џебот извади искинат стар примерок на книгата *Хопалонг Кесиди.*

„Види го ова, ова е книгата што ја имаше како момче. Таа зборува сè“.

Ја отвори на задната корица и ја сврти кон мене да ја видам. На празната страница на крајот на книгата беше отпечатен зборот РАСПОРЕД, а датумот беше 12. септември 1906 година. Долу пишуваше:

Станување	6.00 претпладне
Вежбање на гимнастички направи и качување на ѕид	6.15 – 6.30
Учење за електрицитетот итн.	7.15 – 8.15
Работа	8.30 – 4.30 попладне
Бејзбол и забава	4.30 – 5.00
Вежбање дикција и како да се постигне	5.00 – 6.00
Проучување на потребните изуми	7.00 – 9.00

ГЕНЕРАЛНИ ОДЛУКИ

Без трошење на времето во Шафтерс или (името на невозможното да се дешифрира)
Без пушење или џвакање
Капење секој втор ден
Да се чита по една поучна книга и списание неделно
Да се заштеди 5 (пречкртано) 3 долара неделно
Да се биде подобар кон родителите

„Случајно наидов на оваа книга", рече старецот. „Таа зборува сч, нели?"

„Таа зборува сè".

„Цими мораше да напредува. Секогаш имаше некои одлуки слични на овие. Дали забележуваш што зборува за подобрувањето на размислувањето? Секогаш имаше право за тоа. Ми рече дека јадам како свиња и го истепав за тоа".

Не сакаше да ја затвори книгата, ја читаше на глас секоја реченица и ја набљудуваше мојата реакција. Мислам дека очекуваше да препишам сè за сопствена употреба.

Нешто пред три часот стигна лутеранскиот свештеник од Флашинг, а јас почнав ненамерно да ?иркам во исчекување на други автомобили. Како и татковото на Гетсби. Како што поминуваше времето и слугите влегоа да чекаат во ходникот, тој почна нервозно да трепери, а дождот го споменуваше со загрижен и несигурен глас. Свештеникот неколкупати погледна на часовникот, па го однесов на страна и му

реков да почека половина час. Но, од тоа немаше никаква корист. Никој не дојде.

* * *

Околу пет часот колоната од три автомобили стигна на гробиштата и застана на густиот ситен дожд покрај капијата – прво возилото со мртовецот, страшно црно и влажно, потоа господин Гец и свештеникот и јас во лимузината, па нешто подоцна четири или пет членови на послугата и поштарот од Вест Ег, во пикапот на Гетсби влажни до гола кожа. Кога од капијата тргнавме кон гробиштата слушнав дека застана некој автомобил и некој шлапкаше по калливата земја зад нас. Се свртев. Тоа беше човекот со големи очила кого една ноќ пред три месеци го затеков како се одушевува од книгите на Гетсби во библиотеката.

Никогаш потоа не го видов. Не знам како дознал за погребот, а не го знаев ни неговото име. Капките дожд се лизгаа по неговите очила така што ги извади и ги избриша за да види како заштитното платно се одмотува од гробот на Гетсби.

Се обидов на момент да размислувам за Гетсби, но тој веќе беше предалеку и можев само, без лутина, да се сетам дека Дејзи не испрати порака или цвет. Неразбирливо слушнав како некој мрмори: „Блажени се мртвите на кои паѓа дождот“, а потоа со длабокиот бодар глас рече: „Амин!“

Брзо низ шумата тргнавме кон автомобилите. Човекот со големите очила ми се обрати покрај капијата.

„Не можев да дојдам во куќата“.

„Не можеа и сите други“.

„Продолжи!“ Се тргна. „О боже! А стотици луѓе одеа кај него“.

Ги симна очилата и повторно ги избриша, од надвор и внатре.

„Тој беден кучкин син“, рече.

* * *

Еден од моите најживи спомени е поврзан со враќањето на Запад од средното училиште, а потоа и од колецот. Оние што заминуваа подалеку од Чикаго се собираа во шест часот во декемвриската вечер во старата неосветлена станица Јунион, со неколку пријатели од Чикаго, кои веќе беа зафатени со сопствени празнични радости, за со нив да се поздрават набрзина. Се сеќавам на бундите на девојките што се враќаа од госпоѓиците Таа и Таа, муабетења со замрзнат здив и раце што мавтаат преку главите кога ќе здогледаме стари познајници, па судирањето на поканите: „Дали ќе дојдеш кај Ордевејови? Кај Херсејови? Кај Шулецеви?“ и долгите зелени возни карти цврсто стиснати во ракавиците. И, конечно, темножолтите вагони на компанијата *Чикаго, Миловаки&Сент Пол*, кои на шините пред капијата изгледаа весело како и самиот Божик.

Кога ќе тргневме во зимската ноќ и кога вистинскиот снег, нашиот снег, ќе почнеше да се простира покрај нас и да сјае покрај прозорецот, кога ќе се придвижеа придушените светла на малата станица Висконсин, во воздухот одеднаш се појавуваше остро силно освежување. Длабоко го вдишувавме по

враќањето од вечерата низ мрачните ходници, неискажливо свесни за поистоветувањето со овој крај во еден чуден миг, пред повторно незабележливо да се стопиме со него.

Тоа е мојот Среден Запад – не житните полиња или прерии или зафрлени шведски села, туку возбудливите повратни возови на мојата младост, улични светилки и прапорци во замрзнатата темнина и сенки од венци сплетени од божикни дрва, кои осветлените прозорци ги фрлаа на снегот. Јас сум дел од тоа, по малку горд од сеќавањата на онаа долга зима, помалку горд што пораснав во куќата на Каравејови, во град во кој куќите сè уште се викаат според името на семејствата. Сега ми е јасно дека ова беше приказна за Западот – всушност, Том и Гетсби, Дејзи, Џордан и јас, сите ние бевме од Западот и, веројатно, имавме некој заеднички недостаток, кој нè правеше неприспособливи на животот на Истокот.

Дури и кога Истокот најмногу ме возбудуваше, дури и тогаш кога станував крајно свесен за неговата надмоќ во однос на здодевните, пространи, израснати градови за Охајо, со бесконечни инквизиции што не одминуваа никого, освен децата и старците – дури и тогаш за мене имаше некој изглед на извртеност. Посебно Вест Ег сè уште се истакнува во моите најчудни соништа. Го гледам како ноќна глетка од слика на Ел Греко: стотина куќи, во исто време конвенционални и гротескни, набиени под намуртеното, тешко небо и месечина без сјај. Во предниот дел на тротоарот одат четворица мажи во вечерни костуми со носилка на која лежи пијана жена во бел вечерен фустан. Нејзината рака, која

виси од носилката, студено блеска со скапоцените камења на неа. Мажите смирено застануваат до една куќа – до погрешна куќа. Но, никој не го знае името на таа жена, ниту, пак, некому му е грижа за неа.

По смртта на Гетсби, Истокот за мене беше толку мртов, толку уништен што мојот вид немаше моќ да го поправи. Затоа, кога синиот чад на кршливото лисје реееше во воздухот и ветерот го удираше со влажната, скаменета облека на сушилото, решив да се вратам дома.

Морав пред да заминам да направам една работа, мачна и непријатна, која, можеби, беше подобро да не се допира. Но силно сакав да ги оставам работите во ред, да не му дозволам на тоа незапирливо и рамнодушно море да го разнесува моето ѓубре. Ја видов Џордан Бејкер и надолго и нашироко разговарав за тоа што ни се случи нам, што подоцна ми се случи мене, а таа совршено мирно лежеше на столот и слушаше.

Беше облечена за голф, се сеќавам дека помислив дека изгледа како добра илустрација, брадата ѝ беше гордо подигната, косата ѝ имаше боја на есенско лисје, а лицето иста кафена нијанса како ракавицата без прсти што лежеше на нејзиното колено. Кога завршив, рече, без никаков коментар, дека е свршена за друг човек. Се сомневав во тоа, иако имаше неколкумина кои ќе се оженеа со неа само да кимне со главата, но се преправав дека сум изненаден. На момент си помислив дека, можеби, грешам, но брзо се средив и станав.

„Сепак, ти ме одби“, рече одеднаш Џордан. „Ме одби преку телефон. Сега воопшто не ми е грижа за

тебе, но тоа за мене беше ново искуство, некое време бев зашеметена".

Се ракувавме.

„А дали се сеќаваш", додаде, „на разговорот што еднаш го водевме за возење автомобил?"

„Молам – не баш".

„Рече дека лошиот возач се чувствува сигурно само кога ќе запознае друг лош возач. Значи, запознав друг лош возач, зар не? Сакам да кажам дека бев невнимателна бидејќи погрешно проценив. Мислев дека си чесен, искрен човек. Мислев дека тајно се гордееш со тоа".

„Јас имам триесет години", реков јас. „Да сум пет години помлад сè уште би се лажел себеси и тоа би го нарекувал чесност".

Не реагираше. Гневен, полувљубен во неа и страшно тажен, се свртив и си отидов.

* * *

Едно попладне, кон крајот на октомври, го видов Том Бјукенен. Одеше пред мене по Петтата авенија со оној брз, агресивен чекор, со рацете малку одвоени од телото како да се подготвува да одбие некој евентуален напад, главата остро му се придвижуваше приспособувајќи се на немирниот поглед. Токму кога го забавив движењето за да не го престигнам, тој застана и почна да гледа во излогот на една златарница. Одеднаш ме забележа и се врати кон мене пружајќи ми ја раката.

„Што ти е Ник? Зар не сакаш да се ракуваш со мене?"

„Не. Добро знаеш што мислам за тебе“.

„Ти си луд, Ник“, рече брзо. „Луд како ноќ. Едноставно не знам што ти е“.

„Том“, реков остро, „што му кажа она попладне на Вилсон?“

Ме гледаше збунето и знам дека погодив во врска со оние часови кога го загубивме Вилсон од видот. Сакав да тргнам, но тој ме зграпчи за раката.

„Му ја кажав вистината. Се појави на врата кога се подготвувавме да тргнеме, а кога испратив порака дека не сме дома, се обиде на сила да се качи на катот. Беше доволно луд да ме убие ако не му го кажам сопственикот на автомобилот. Ја држеше раката на револверот во џебот цело време додека беше во куќата...“ Гордо го прекина говорот. „Па што ако му кажав? Тој тип во секој случај ќе завршеше така. Ви фрли прав во очите на тебе и на Дејзи, а беше многу жилав. Ја прегази Мирта како што ти би прегазил куче и не ни застана“.

Немав што да кажам, освен очигледниот факт дека лаже.

„А ако мислиш дека и јас не страдав – слушај добро, кога отидов да го откажам оној стан и ја видов онаа проклета кутија со кекс за кучиња на помошната маса, седнав и плачев како дете. Боже, тоа беше страшно...“

Не можев да му простам, ниту да чувствувам симпатии кон него, но видов дека од негова перспектива тоа што го направи изгледаше сосема оправдано. Сè беше непромислено и ненамерно. Тие беа непромислени, Том и Дејзи – ги уништуваа предметите и битијата и потоа се враќаа на своите пари или на големата непромисленост, или на што и да е тоа што ги

држеше заедно оставајќи им на другите да го средат тоа што тие ќе го уништат...

Се ракував со него; ми изгледаше смешно да не му ја подадам раката бидејќи одеднаш се чувствував како да му се обраќам на дете. Потоа, тој влезе во златарницата да купи бисерен ѓердан – или можеби копчиња за манжетни – засекогаш ослободен од мојата провинциска згаденост.

* * *

Куќата на Гетсби сè уште беше празна кога си отидов – тревата на неговиот тревник беше порасната исто колку на мојот. Еден од таксистите во селото никогаш не помина покрај влезната капија, а да не застане и покаже внатре; можеби тој беше човекот што ги однесе Гетсби и Дејзи во Ист Ег ноќта кога се случи несреќата, можеби тој смисли целосно своја приказна. Не сакав да ја чујам и го избегнував кога ќе се симнев од возот.

Саботните вечери ги поминував во Њујорк затоа што тие блескави, заслепувачки забави толку живо беа присутни во мене што сè уште слушав музика и смеа, тивка и непрекината, од неговата градина, ги слушав автомобилите што доаѓаат и си одат. Една вечер слушнав вистински автомобил и видов како неговите светла застануваат пред главните скали. Не истражував кој е тоа. Веројатно некој гостин што бил отиден на крајот на светот и не знаеше дека забавата е завршена.

Последната вечер, со спакувани патни торби и автомобилот продаден на продавачот, отидов уште еднаш да ја видам таа голема и грешна куќа. На бели-

те скали едно момче со црвена креда имаше напишано еден непристоен збор, го избришав со влечење на чевелот по каменот. Потоа се симнав на плажата и легнав на песокот.

Поголемиот број од куќите крај брегот беа затворени и едвај да имаше светло, освен фенерот на скелето што се движеше од другата страна на каналот. А ако месечината беше покриена од небото, помалите куќи постепено исчезнуваа додека полека не станав свесен за стариот остров, кој некогаш цветал во очите на холандските морепловци – свежи, зелени дојки на новиот свет. Неговите исчезнати стебла, стебла што го отстапија своето место за куќата на Гетсби, некогаш со шепот му даваа задоволство на последниот и најголем човечки сон; во еден минлив магичен момент мора на човекот да му застанувал здивот во присуство на овој континент, кој под принуда на естетската контемплација не разбираше, ниту посакуваше, последен пат во историјата се најде очи в очи со нешто што стои во сразмер со неговата способност да се чуди.

И додека седев таму и размислував за стариот, непознат свет, помислив на одушевеноста на Гетсби кога за првпат го здогледа зеленото светло на крајот на докот на Дејзи. Голем пат помина за да дојде на тој син тревник, а неговиот сон беше толку близу што тешко можеше да утне да не го дофати. Не знаеше дека тој веќе се наоѓа зад него, некаде таму во големата темнина зад градот, каде темните полиња на републиката се брануваат под покривката на ноќта.

Гетсби веруваше во зеленото светло, во возбудливата иднина, која од година во година бега пред

нас. Ни избега тогаш, но тоа не е важно – утре ќе тр-чаме побрзо, подалеку ќе ги подадеме рацете... А ед-но убаво утро...

Така пловиме понатаму, како чамци спроти вр-тлог, без престан носени во минатото.

БЕЛЕШКА ЗА ПИСАТЕЛОТ И ЗА ДЕЛОТО

Френсис Скот Фицџералд (1896-1940) е американски раскажувач и романсиер, претставник на „загубената генерација“, кој е најмногу познат по романите и расказите што ја бележат неумереноста на „џезерската ера“ во Америка во дваесеттите години на минатиот век.

Се прослави уште со својот прв роман *Оваа страна на рајот*, кој беше објавен во 1920 година. Со убавата Зелда Сејер, неговата сопруга, живеел на висока нога и животот го поминувал меѓу Америка и монденските центри на Европа. Затоа не е чудно што и сам зборувал дека понекогаш не знае дали Зелда и тој се вистински или се ликови од некој негов роман.

Токму е препознатлив по прикажувањето на младата и слободна богата аристократија и е писател кај кого нема утврдени верувања во други вредности освен во младоста и моќта на парите, ниту интерес за другите општествени групи освен на повластените. Други дела: *Приказни од времето на џезот*, *Ноќта е блага*; збирка песни, есеи и белешки *Прскање*.

Романот *Големиот Гетсби*, објавен во 1925 година, се смета за негово ремек-дело. Веднаш штом беше објавен наиде на одличен прием кај критиката, а големиот поет Т. С. Елиот го нарече ова дело „прв

чекор на американската книжевност по Хенри Џејмс".

Следејќи го главниот јунак, кој на некој начин стои настрана од забавите што ги прави, читателот го чувствува пулсирањето на темната страна на американскиот живот и без разлика на гламурот и сјајот, во кои рее заедно со ликовите, постојано се плаши од сјајниот меч што ќе се забие во грбот. Но, во исто време живее прекрасен сон со кој ги достигнува ѕвездите.

Со еден збор, романот *Големиот Гетсби* ни зборува за вечното ривалство меѓу вистинската љубов и таа што не е тоа (а во која толку лесно се бега), за страдањето, страста и (не)човечноста, со носталгично нижење на раскажувачките слики. Големиот Гетсби, главниот јунак на оваа приказна по која е снимен истоимениот филм, е еден од најтрагичните ликови во светската книжевност.

Ни строгата животна дисциплина, ни сето богатство што го создаде не му помогнаа да ја освои вечната љубов на саканата Дејзи. Дали Гетсби го пронајде својот мир, сепак, останува тајна што ја крие матната вода на езерото во кое една есен засекогаш исчезна неговата душа.

Френсис Скот Фицџералд
ГОЛЕМИОТ ГЕТСБИ
2004.

Издаваач
МПМ
Медиа Принт Македонија
1000 Скопје, Народен фронт 17

Коректор
Станислав Станковиќ

Маркетинг
Медиа Принт Македониа
тел.: (02) 3235-261; (02) 3235-257

Дистрибуција
Медиа Принт Македониа
тел.: (02) 3235-261; (02) 3230-492

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

821.111(73)-31

ФИЦЏЕРАЛД, Френсис Скот
Големиот Гетсби / Ф, Скот Фицџералд ; [превела Снежана Вулгаракис].
– Скопје : Медиа принт Македонија, 2004. – 200 стр. ; 21 цм

Превод на делото: The great Gatsby / Francis Scott Fitzgerald

ISBN 9989-2332-2-5

COBISS.MK-ID 58789898



Утрински Весник Дневник

БИСЕРИ НА СВЕТСКАТА КНИЖЕВНОСТ

*Библиотеката **Бисери на светската книжевност**, која ја воспоќавуват Дневник и Утрински Весник, е замислена како колекција од педесет најубави дела на модерната светска и македонска книжевност.*

*За вечното ривалство меѓу вистинската љубов и таа што не е тоа, за страдањето, страста и (не)човечноста, со носталгично нижење на раскажувачки слики ни зборува романот **Големиот Гетсби** на С.Фиццералд. Големиот Гетсби, главниот јунак на оваа повест, според која е снимен истоимениот филм, е еден од најтрагичните ликови во светската книжевност. Ниту строгата животна дисциплина, ни сето богатство што го создал не му помогнаа да ја освои вечната љубов на саканата Дејзи. Дали, Гетсби, сепак, го пронашол својот мир, останува тајна, која ја крие матната вода на езерото во која неговата душа една есен засекогаш исчезна.*

ISBN 89-2332-2-5